ICOM

INTERNATIONAL COUNCIL OF MUSEUMS
CONSEIL INTERNATIONAL DES MUSEES
МЕЃУНАРОДЕН СОВЕТ НА МУЗЕИТЕ

МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ
MACEDONIAN NATIONAL COMMITTEE

# *MUSEOLOGICA MACEDONICA*
# 9-10

Скопје / Skopje, 2006

ISSN 1409-8490

ICOM

INTERNATIONAL COUNCIL OF MUSEUMS
CONSEIL INTERNATIONAL DES MUSEES
МЕЃУНАРОДЕН СОВЕТ НА МУЗЕИТЕ

**МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ**
**MACEDONIAN NATIONAL COMMITTEE**

# *MUSEOLOGICA MACEDONICA 9-10*

Скопје / Skopje 2006

:

MNC ICOM: **MUSEOLOGICA MACEDONICA**


| Редакција: | Editorial board: |
|---|---|
| *М-р Бранислава Михајлова,* | *Branislava Mihajlova, MsC.,* |
| *главен и одговорен уредник* | *Editor in chef* |
| *Д-р Крсте Богоески* | *Krste Bogoeski, Ph.D* |
| *Захаринка Алексоска Бачева* | *Zaharinka Aleksoska Baceva* |
| *Нада Андоновска* | *Nada Andonovska* |
| *Зоја Богдановска* | *Zoja Bogdanovska* |



.Печатењето на овој двоброј е реализирано со материјална подршка на Министерството за култура на Република Македонија
Според мислењето на Министерството за култура, списанието *Museologica Macedonica* е производ за кој се плаќа повластена даночна стапка.

**Содржина**
Contents

**Вовед........................................................................................................................6**
Introduction
**Проф. д-р Крсте Богоески** / Krste Bogoeski, PhD
**Кодексот на етиката за музејските пријатели и мисијата на музеите.....................10**
The Code of Ethics for Friends of Museums and Volunteers and the Mission of Museums
**Ристо Танески** / Risto Taneski
**Музеите и каки да се стекнат пријатели........................................................................14**
Museums and How to Attract Friends
**Марика Бочварова** Плавевска / Marika Boevarova Plavevska
**Доменот на дејствување на пријателите на музеите-примери, сугестии...............20**
Domain of Activities of the Friends of Museum-examples, suggestions
**Нада Андоновска** / Nada Andonovska
**Пријателите на музеите низ светот и во Република Македонија............................22**
Friends of Museums in the Republic of Macedonia and Worldwide
**Проф. д-р Пере Аслимоски** / Pere Aslimoski, PhD
**Музеите, младите и општеетвото...................................................................................26**
Museums, Young People and the Community
**Зоја Богдановска** / Zoja Bogdanovska
**Музејот-светот на моите пријатели-посетители........................................................32**
Museums - the World of My Friends
**Лилјана Христова** / Liljana Hristova
**Ликовните уметници во афирмативна функција на музеите-галериите...............35**
Artists in the Affirmative Function of Museums-Galleries.
**Елизабета Јанкивска** / Elizabeta Jankovska
**Пријателите на Музејот на современата уметност-Скопје.......................................38**
Friends of the Museum of Contemporary Art-Skopje
**Симонида Миљковиќ** / Simonida Miljkovise
**Пријателите на музеите-примери од едукативната програма на Музејот на Македонија.........................................................................................................................41**
Friends of Museums - Examples from the Educational Program of the Museum of Macedonia
**м-р Ирена Ружин** / Irena Ruzin, MA
**Најмладата генерација - најголем пријател на музеите...........................................44**
The Youngest Generations - Greatest Friends of Museum
**Снешка Лакалиска** / Sneska Lakaliska
**Комуникација и времеплов низ предметниот свет...................................................48**
Communication - a Time-Machine for Traveling through the World of Objects
**Јорданка Матова** / Jordanka Matova
**Пријатели на музеите-примери во сопствената средина.........................................51**
Friends of Museums - Examples from Our Practice
**Зоја Богдановска** / Zoja Bogdanovska
**Музејскиот предмет-жив трезор на духовното културно наследство....................54**
Museum Object - a Living Treasure of Spiritual Cultural Heritage
**Јорданка Матова** / Jordanka Matova
**Музејот во Охрид и неговата духовна култура..........................................................60**
Museum of Ohrid and Its Spiritual Culture **Снешка Лакалиска** / Sneska Lakaliska
**Споменичното наследство приизвод на човековиот дух........................................63**
Heritage as Product of the Human Spirit
**Нада Андоновска** / Нада Андоновска
**Некои согледувања за користењето на терминот нематеријално наследство..................................................................................................................66**
Some Observations on the use of the Therm Intangible Heritage
**Проф. д-р Кирил Темков** / Kiril Temkov, PhD
**Етиката и музеите.............................................................................................................68**
Ethics and Museums
**Alexander Valchev** / Александар В'лчев
**Globalization and Museum Ethics....................................................................................75**
Глобализацијата и музејската етика
**Сашо Герасимоски** / Saso Gerasimoski
**Етиката и музејската комуникација.................................................................................78**

Ethics and Museum's Communication
**Tatjana N. Vasic** / Татјана Н. Васиќ
**Care for Museum Objects and professional conduct in Museums-Professional conduct and protection in museums.......................................................................................88**
Грижата за музејските предмети и професионалното однесување во музеите
**Драгица Живкова** / Dragica 'ivkova
**Етиката во заштитата на музејските предмети преку конкретен пример..............95**
Erthics in Protection of Museum Items through a Specific Example
**Simeon Nedkov, PhD** / Проср. д-р Симеон Недков
**Donationship - The Main code of Ethics in the establishment and development of the Bulgarian museums...................................................................................................102**
Донаторството - главен етички кодекс во востановувањсто и развојот на бугарските музеи
**Лилјана Христова** / Liljana Hristova
**Ликовните колонии и етиката.....................................................................................108**
Ethics and Art Colonies
**Николина Адамовиќ** / Nikolina Adamoviae
**Етичкиот аспект во конзервацијата, реставрацијата и реконструкцијата на нредметите од музејските археилошки збирки........................................................113**
Ethical Aspects in Conservation, Restoration and Reconstruction of items from Archaeological Museum Collections
**Davor Fulanoviae** / Давор Фулановиќ
**The Ethics in the use (Demonstration) of authentic Exhibits.....................................120**
Етиката во користење (прикажување) автентични експонати
**Симонида Миљковиќ** / Simonida Miljkovias
**Етиката и едукацијата во музеите...............................................................................126**
Ethics and Education in Museums
**м-р Ирена Ружин, м-р Снежана Мојсовска-Саламоска**
Irena Ruzin, MA, Sncana Salamoska, MA
**Етиката по промотивните активнисти на маркетиншки ириентираните музеи.......................................................................................................................129**
Ethics in Promotional Activities of Marketing-Oriented Museum
**In memoriam**
**Јован Кушевски (1924-2004)..........................................................................................139**
Jovan Kusevski
**Борис Петковски (1931-2005) .......................................................................................141**
Boris Petkovski
**Билатерална соработка.................................................................................................143**
Bilateral Cooperation
**Упатство за уредување на текстот..............................................................................144**
Instructions for editing the papers

## Вовед

Двобројот на музејското списание" Мусеологица Мацедоница" 9-10 излегува со едногодишно задоцнување, што е резултат на ограничените финансиски средства за неговото печатење. Се надеваме дека читателите ќе го примат нашето извинување и со задоволство ќе го поздрават излегувањето на најновиот двоброј.

Овој двоброј ги содржи рефератите од советувањата организирани од МНК-ICOM во Осогово 2003 год. и Маврово 2004 год.

Темите "Музеите и пријателите" (2003) и "Музеите и духовното наследство"(2004) беа предложени од страна на ICOM - Париз и истите беа презентирани од музејските работници во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на музеите. На овие средби беа разгледувани и други актуелни проблеми и информации врзани за музејската дејност.

Покрај тоа, на советувањето што се одржа во Осоговскиот манастир во околината на Крива Паланка, беше промовиран двобројот на списанието "Мусеологица Мацедоница"

7-8 и Кодексот на музејската етика, чиј издавач е МНК- ICOM.

Во соработка со Министерството за култура на Република Македонија, Македонскиот Национален Комитет на ICOM беше организатор и на дебатите околу подготовките на законската регулатива врзана за културното наследство, музејската дејност и измените во Законот за култура.

На советувањето во Маврово, покрај основната тема "Музеите и духовното наследство", беше третирана и темата: "Етиката и музеите".

Ова советување е значајно и по неговиот меѓународен карактер преку присуството на преставници од Националните комитети на Хрватска, Бугарија, Србија и Црна Гора.

За жал, и покрај добрите желби и намери на МНК-ICOM меѓународниот карактер на овие средби да продолжи и во наредната година, тоа не се оствари, заради рестриктивната програма на финансирање.

Но, тоа не го обесхрабрува МНК-ICOM во реализацијата на оваа идеја, која треба да продолжи и понатаму.

Од овој двоброј Редакцијата на списанието воведува ново поглавје под наслов "Прилози", во кое ќе се објавуваат одредени актуелни информации од доменот на музејската дејност во земјата и странство.

Главен и одговорен уредник

## Introduction

The double issue of the museum publication “Museologica Macedonica” 9-10 is coming out with a one-year delay, due to the restricted funds for its printing. Anyway, we hope readers will accept our apology and find pleasure in the publishing of this periodical.

This edition publishes the proceedings from the MNC-ICOM’s conferences held in Osogovo 2003 and Mavrovo 2004. The themes “Museums and Friends” (2003) and “Museums and Intangible Heritage” (2004) were proposed by ICOM – Paris and the papers were presented on occasion of the International Museums Day. Other actual museum related issues and problems were also considered on those conventions.

The double issue of “Museologica Macedonica” 7-8 and the "Code of Ethics for Museums", also published by MNC-ICOM, were promoted at the conference organized in the Osogovo Monastery near Kriva Palanka.

The Macedonian National Committee of ICOM organized in cooperation with the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia several debates related with passing laws on cultural heritage, museum activities, as well as some amendments of the Law on Culture.

At the conference in Mavrovo, besides the main topic "Museums and Intangible Heritage", the theme "Ethics and Museums" was also considered by the museum professionals.

The importance of this conference was enhanced by its international dimension, i.e., the presence of representatives of the national committees from Croatia, Bulgaria, Serbia and Montenegro. Unfortunately, despite the intentions and efforts of MNC – ICOM for continuing the international character of these conventions in the following year, it could not have been accomplished, due to restrictive policy of financing.

Anyway, it did not discourage the MNC-ICOM members in the efforts for accomplishing this idea and this initiative will continue in future.

From this double issue on, the Editorial Board starts a new chapter titled "Contributions", which is intended to publish actual information related with museum activities in the country and abroad.

Editor-in Chief

**I дел**

Советување на тема:

# Музеите и пријателите
# Museums and Friends

Осоговски манастир, 2003

Крива Паланка / Kriva Palanka



Проф. д-р Крсте Богоески
Природно-математички факултет, Скопје

# Кокексот на етиката за музејските пријатели и волонтери и мисијата на музеите

Значаен дел од развојот на музеите и од реализацијата на нивната мисија е во тесна врска со поддршката на јавноста. Мисијата на музејот произлегува од дефиницијата на ICOM за него, која потенцира дека музејот е "институција во служба на општеството и неговиот развој" со задачи да собира предмети на наследството како документи на времето, просторот и општествената средина, да ги заштитува, да ги проучува и да ги комуницира до јавноста.[1] Во таа смисла, во музеите или надвор од нив се оформуваат асоцијации што земаат учество во нивните секојдневни акции. Затоа музејските институции имаат обврска да создадат поволни услови за разните иницијативи за поткрепа на музејските активности, да се сознае придонесот на таквите асоцијации, да ги охрабрува нивните активности и да создава хармонични односи помеѓу тие организации и стручниот кадар.[2]

Меѓу асоцијациите што се непрофитни, но со благородни цели за културен напредок, кои ја ставаат на располагање на музејските институции својата поддршка, своето знаење, искуство и компетенции, е и организацијата *Музејски пријатели и волонтери.* Нивниот ангажман се изразува со сопствената солидарност, за да се пренесе меѓу граѓаните улогата што ја имаат музеите во рамките на општеството. Музејските пријатели и волонтери, како членови на музеалската заедница, кои се наоѓаат во срцето на музејската публика, оформуваат привилигирани соговорници што ги претставуваат интересите на корисниците за подобро користење на музејските институции.

На светски план организациската структура на музејските пријатели и волонтери е изразена со *Светската федерација на пријателите на музеите*, која била основана во 1967 година во Барселона, Шпанија, а на Првиот конгрес во 1972 година била потврдена и призната од UNESCO под закрила на Меѓународниот совет на музеите (ICOM).[3] Дејствувањето на оваа организација е транспарентно. Но, за да може подобро да ги извршува поставените задачи, беше неопходно да се усвојат норми на однесување. Во таа смисла, во 1996 година за време на 9-от Светски конгрес на пријателите на музеите, во Оаксако, Мексико, беше донесен *Кодексот на етика за музејските пријатели и волонтери.*

Тој содржи седум дела. Во првиот дел е дадена *дефиниција* во која се вели дека *пријатели и волонтери* се "оние што учествуваат во поддршката на музеите, во нивниот развој и ширење", оние што "дејствуваат врз доброволна основа и без наплата. Нивната поддршка е морална, финансиска или изразена во доброволна работа или експертиза. Добротворите, донаторите, волонтерите, членовите на управата на музејот и членовите на музејот се сметаат како пријатели на музеите" (1. 1.). Интересно е да се напомене дека, според една статистика направена во Канада пред 2000 година, речиси 65% од стручните

лица биле волонтери, а преостанатиот дел вработени со цело или половина работно време така што тоа покажува колкав е придонесот на волонтерите во вршењето одделни стручни работи. Како *асоцијации* од доменот на пријателите на музеите се вбројуваат "сите видови асоцијации што ги собираат пријателите и волонтерите на музејските институции од кои се структурира нивната акција" (1. 2).

Вториот дел се однесува на *статусот и мандатот*, во што се опфатени *партнерството* со музеите (2. 1.); *поддршката* (2. 2.); *респектот на мисијата на музејот* (2. 3.) и *сатисфакцијата* (2. 4.), при што се потенцира дека "пријателите и волонтерите не очекуваат никаква парична или друга погодност, освен сатисфакција што учествуваат во одржувањето и во развојот на институцијата на која □ припаѓаат и на публиката на која □ служат.

Третиот дел го опфаќа *функционирањето*, во што се содржани: *организацијата* (3. 1.); *функционалните врски* изразени со меѓусебно делегирање одделни претставници (3. 2.) и *плановите за акција и договори* (3. 3.).

Четвртиот дел е посветен на *обврските*, при што се потенцирани: *нормите и правилата* што ги обврзуваат пријателите и волонтерите да ги респектираат воспоставените норми и правила на институцијата (4. 1.); потоа, *лојалноста* и кон музејската институција и кон сопствената асоцијација (4. 2.); *довербата* како неопходна потреба од чување на тајните податоци на институцијата и асоцијацијата (4. 3.); *конфликтот на интерес,* при што се бара да се избегнуваат такви конфликти почитувајќи ги нормите на однесување и на институцијата и на асоцијацијата (4. 4.); *даровите и аквизициите*, при што "кога пријателите и волонтерите донираат уметнички дела, предмет или примерок на колекција, тие треба да направат напор да ги обезбедат автентичноста и потеклото на тие дарови" (4. 5.); *целосната согласност на институцијата*, што подразбира дека треба да се бара согласност на институцијата за даровите и да се респектира нејзината набавна политика. Затоа е неопходно претходно институцијата да информира за делата, предметите и примероците што сака да ги набави (4. 6.); *финансирањет*о како значаен момент треба да биде во согласност и координација со плановите и програмите на институцијата (4. 7.); *медија*, при што пријателите и волонтерите треба да дејствуваат во согласност со компетентните служби на музејот (4. 8.); *безбедноста* како значаен елемент на однесувањето, кој опфаќа норми и правила за безбедност на институцијата, на функциите што се вршат, водејќи сметка за осуда на одделните интервенции што би ја оштетиле апликацијата (4. 9.).

Петтиот дел содржи *полиња на интервенции* што се однесуваат на: *домените на интервенција* на пријателите и волонтерите што се модулирани во зависност од музејската институција имајќи ги предвид специфичниот карактер на музејот, карактерот на сопствените цели и мисии, како и програмите што се нудат (5. 1.); *полиња на резервирани интервенции за постојаниот кадар*, при што се однесува на зафати што треба да ги извршува постојаниот персонал во музејот , особено конзерваторски работи, дифузија на информации, истражување и сл. Тука пријателите и волонтерите мора да ги почитуваат обврските што му се доверени на постојаниот персонал (5. 2.) *избегнување дуплирање на работите* со постојаниот персонал (5. 3.) и *определување на задачите* што подразбира сите активности да бидат во согласност со

поставените цели и со условите за извршување (5.4.).

Шестиот дел се однесува на *очекувањата од институцијата.* Тој опфаќа: *признание* од музејот и неговиот персонал за пријателите и волонтерите за вложениот труд и ангажман и за придонесот во институцијата и надвор од неа (6.1.); *поддршка* што се однесува на охрабрување на формирањето асоцијации на пријатели и волонтери, како и поддршка на нивниот ризик, ставајќи на располагање неопходни ресурси за постигнување на заедничките цели (6.2.); *хармонија* што треба да ја негуваат музејските установи во односите со асоцијацијата, "истакнувајќи ги солидарноста и чувството на припадност" (6. 3.); *информација* што се однесува на солидното запознавање на пријателите и доброчинителите со мисијата на музејот, со краткорочните и долгорочните цели, со своите проекти, своите административни практики и сл. (6.4.); *обука* на пријателите и волонтерите во секторите каде што се повикани да дејствуваат, охрабрувајќи ги да земаат учество во работилници, семинари и предавања за да се зголеми нивното знаење (6.5.).

Седмиот дел е посветен на *асоцијацијата,* при што се опфатени: *членството* (7.1.); *демократските принципи* во нивното дејствување (7.2.); *поделбата* на задачите и одговорностите (7.3.); *соработката со музејските асоцијации и со музејските стручњаци* (7. 4.); *соработка помеѓу асоцијациите на пријателите и волонтерите* (7.5.) и *меѓународни активности* во кои е изнесено за поддршката што ја даваат пријателите и волонтерите на Светската федерација на пријателите на музеите (WFFM) и на Меѓународниот совет на музеите (ICOM) (7. 6.).

На крајот сакаме да истакнеме дека изложените содржини во Кодексот на етика за музејските пријатели и волонтери зборуваат дека оваа непрофитна организација е сериозна и дека придонесува во развојот на музеите, особено имајќи ги предвид светските искуства, па затоа треба и во нашата средина, во Република Македонија, да се осмисли ваква асоцијација што ќе го помага тој развој.

[1] *ICOM Statuts,*
(Barcelona, Spain, 2001), Paris, 2002, article 2.
[2] *ICOM Cod of Ethics for Museums,*
(Barcelona, Spain, 2001), Paris, 2002, 2.6.
[3] Повеќе види на: http://www.museumsfriends.ogr

Krste Bogoevski, PhD
Faculty of Natural Sciences and Mathematics
Skopje

**The Code of Ethics for Friends of Museums and Volunteers and the Mission of Museums**

Summary
Through the review of the Code of Ethics for Museums the author points to the relation of the friends of museums with the mission to be accomplished by museums, which arises from the ICOMs definition emphasizing that museum is “an institution at service of society and its development”, with the objective of collecting objects of heritage as documents of time, space and social environment, as well as their protecting, researching and communicating it to the public. For the purpose of successful accomplishment of the essential museum functions in these relations museums have the obligation of providing background for accomplishing the initiatives of affiliated associations, including the Friends of Museums Association. Taking into consideration the importance of the existence of this kind of association, the author expresses his opinion that one should be formed in the Republic of Macedonia.

Ристо Танески
Народен музеј, Струга

# Музеите и како да се стекнат пријатели

Не знам дали со мојот реферат ќе бидам во можност да одговорам во целост на поставеното прашање за музеите и пријателите бидејќи со ова прашање ние се среќаваме, вулгарно речено, од денес. За разлика од нас, според сознанијата што можат да се добијат од електронските медиуми, на оваа тема европскиот музеј работи, односно □ посветува внимание од поодамна, дури тие музеи денес прават испитувања за последните дваесет години за тоа кои се пријателите, што претставуваат тие, каков е нивниот придонес и сл.

Денес Светската федерација на пријателите на Музеите (ЊФФМ) е глобално волонтерско тело создадено во 1975 година, во кое самостојни асоцијации и индивидуални членови имаат 35 земји што преставуваат 1,5 милион пријатели, волонтери и бенефициенти на музеите. Поучени од горниве сознанија, на денешнава тема ние не треба само да одговориме, туку од нас се бара она што денес ќе произлезе како сознанија, но и она што некои веќе го практикуваат да го примениме, од што во голем дел зависи и понатамошната егзистенција на Музејот и неговата функција во современото општество. Со елаборацијата и со имплементацијата на денешниве сознанија, на музеолошката наука ќе □ се овозможи правилно насочување и активност на односот кон корисниците на музејот, кон јавноста, во правец и во онаква форма што е потребна за културното живеење во средината во која дејствува музејот.

Денес е сосема извесно дека односот и интересот на јавноста кон музеите носи битно нови критериуми и истовремено бара од музеите нова форма на работа и дејствување, со што се наметнува потребата повторно да се дефинираат местото и значењето на Музејот во современото општество. Се поставува прашањето дали во услови на нови идеи на пристап, заедништво, маркетинг, партнерство, глобално цивилно општество и фреквентни конференции поврзани за музеите, денес во ерата на врвното достигнување на електронското комуницирање во глобални рамки, музеите и понатаму ќе останат музеи сами засебе и евентуално за потребите на стручната и научната јавност, или под силниот притисок на јавноста ќе ја рекомпонираат својата поставеност и ќе преземат чекори по урнек на европскиот музеј и во своето настојување за сопствената модернизација нема да се отвораат за публиката, туку ќе се постават за публиката.

Во однос на организациската поставеност, кадровската екипираност, интелектуалниот потенцијал, примената на современата електроника во комуникациите, музеите во Македонија извесно е дека го следат чекорот на современиот музеј. Но, не може да се избегне фактот што, условно речено, транзицискиот период од едно минато време остави траги и во нашата дејност, така што една цела деценија остана нем посматрач на случувањата, а тоа неминовно одеше на штета на музејската дејност. Всушност, во овој не толку

долг период, би рекол, на епохални откритија, во прв ред на техничките помагала за работа и во комуникацијата, дојде до нагла промена во сфаќањето и во менувањето на начинот на живеењето, погледите на светот, во општењето меѓу луѓето, а сето тоа се одрази на свртувањето на денешниот човек кон иднината, со што интересот за минатото исчезнува. Ако ова го дефинираме точно, тоа треба да ни биде појдовна основа, силна причина што не условува интересот за минатото, за вредностите и пораките на минатото што денешниот човек треба да ги пренесе на себе и на иднината, тие мора да бидат новоформулирани и поинаку презентирани од она што биле вчера. Ова е предуслов вредното од минатото денешниот човек да биде во состојба да го прифати.

Факт е дека денешниот просечен граѓанин има наполно друга содржина во духовниот живот, сосема подруго му е интелектуалното ниво, па поради тоа има и мошне променети животни потреби, животни интереси што го прават поразличен од своите предци. Со ова сакам да потенцирам дека е сосема извесно интересите на современите посетители на музеите да се сосема различни од оние што биле вчера. Токму тоа н□ тера на помислата и на прашањето: во која мера музеите во својот однос кон посетителите се приспособиле на оваа изменета масовна публика и на нејзините потреби, интереси и желби? Во колкава мера музеите во изложбените простории во кои се одвива конфронтацијата на музејот и публиката им го овозможиле на посетителите она што тие го бараат да е на начин што тие ќе го разберат, што ќе го сфатат и од што ќе бидат задоволни, а со тоа ќе ја извршат мисијата и пораката што музејот како институција треба да ги пренесе од минатото во сегашноста и за иднината.

Сега е вистинското време професионалците во музејските институции да го искористат позитивното расположение на потенцијалните пријатели, од нив да се истренираат волонтери што со сета своја љубов и амбиции ќе работат во интерес на музеите, со цел да ги приближат до јавноста, со што ќе градат позитивен имиџ на музејот во заедницата со раздвижување на свеста за неговото постоење. Ваквата определба е мошне реална и оваа мошне важна функција на музејските пријатели може да се осигури под одредени услови што ќе ги определи музејскиот субјект.

На конференцијата на ICOM во Барселона 2001 година на тркалезната маса што се одржа на тема: "Пријателите и музеите", претседателот на ICOM господин Жак Перо ја посоветува WFFM (Светската федерација на пријателите на музеите) со следните зборови: *"Најважно е пријателите и музеите да изнајдат начин за да работат заедно во хармонија, во духот на креативното и творечкото. Ние сме две гранки на музејот со различни улоги и одговорности. Потребно е заедно да размислуваме и заеднички да си ја претставиме иднината, со што ќе си овозможиме да го поделиме успехот, без разлика дали е наш или ваш".*

Дали музејските институции во овој период на нагла еволуција во животот на луѓето го следат овој тек, дали музеите одат во чекор со времето, како и колку се применува во практиката современата експозиција, како и колку се применува електронското комуницирање со јавноста и сл. Модернизацијата на музеите и воспоставувањето контакт со масовната публика што го зголемува интересот за нас, главно, се ограничува на естетска модернизација на музејската

експозиција, на стручно-тематската содржина на експозицијата и на отворање на вратите за нејзина посета. Дали се овие вистинските предуслови, не само да се привлече публиката, туку таа да стане наш пријател?

Во овој период не ни останува ништо друго освен комплексно да ја согледаме проблематиката на активниот однос на музејот кон посетителите и корисниците, активното дејствување на музејот во соработката со училиштата со училишните групи и школската настава во музеите, широкиот круг на масовното присуство на посетителите на музејската експозиција, до односот кон стручните и научните работници што го користат музејот за стручни и научни работи и др. Задачата на музејот е воспоставување соработка со сите институции и организации чии членови претставуваат негова потенцијална публика, со цел нашите постојани програми со употреба на анимациски методи да станат познати и прифатливи во средините во кои дејствуваат. Ако музејските институции ја вршат својата мисија на начин што за денешното општество е разбирлив и прифатлив, неминовно е поврзаноста на музеите со пријателите да се продлабочува. Ова се вистинските предуслови од кои можеме да заклучиме дека треба да чекориме заедно, поддржувајќи се и помагајќи си едни на други во исполнувањето на нашите програми. На овој пат треба да се издржи иако тој ќе биде долг, но крајно исплатлив и важен фактор во зголемувањето на способноста музеите да допрат до народот.

Но, да видиме кои се потенцијалните пријатели на музеите, дали можеме да дефинираме категорија на индивидуалци што безрезервно и волонтерски ќе н□ подржуваат? На пр.: школската и академската младина, стручната и научната јавност, надворешните членови на разни музејски тела, соработниците на заеднички музејски проекти, бенефициенти, донатори, индивидуалци што ги користат нашите фондови за истражување и други.

Просечниот посетител што доаѓа во изложбените сали на музејот, во кој се воодушевува од изложените експонати, за кои можеби има сосема малку сознание или пак нема никаква претходна претстава или каква било информација поврзана со нив е, мора да признаеме, главно нашата публика и кога во таквата експозиција посетителот не наоѓа допирни точки за разбирање, тој си оди не само незадоволен, туку и повреден и револтиран и од помислата дека таков музеј не му треба.

Денес е сосема извесно музејската публика кај нас, од просечниот граѓанин до интелектуалецот, пред музејската експозиција, пред споменициите на културата и природата, сите се еднакви, почетници, најчесто неподготвени во познавањето и примањето на вредностите на минатото. Заради тоа музејскиот педагог/едукатор во односот кон оваа публика често е во улога на учител што ги учи почетниците за основните поими на азбуката. Затоа резултатите од музејската работа треба да се презентираат на популарен начин, со примена на современите достигнувања на техниката, со што ќе се овозможи жив контакт на современата генерација со културното и природното наследство, а притоа имајќи на ум дека презентирањето треба да биде строго стручно, научно, уметнички и технички изведено за да биде достапно и разбирливо за најшироките кругови на посетители на нашите институции.

Улогата на музејските работници, кустосите, а особено на музејските педагози/едукатори треба да се цени по придобивањето на музејските

посетители на кои ќе им се создаде навика за што почесто да доаѓаат во музеј. Многу од индивидуалните групи на пријателите на музеите трагаат по идентификација на специфични потреби и каде точно можат да се сретнат со нив.  Притоа треба да се има на ум дека значаен фактор за сето тоа е што почесто да се внесуваат новини во постојаните музејски поставки, но и на привремените тематски изложби. Во стекнувањето на нашите пријатели, ним треба да им се овозможи да споделат дел од потребите на музејот или да извршуваат работи по барање на раководителите на проектите, а во одредени случаи да им се овозможи да го спроведат и сопствениот интерес во рамките на нивните можности.  Корисен е и методот со испраќање дописи и други форми на информирање на училишните установи, органи, наставници, на надворешните музејски соработници и на другите заинтересирани лица, за секоја пригода и тоа за отворање изложби, за измените и дополненијата напоставките, за организирањето свечености, јубилеи и преземањето поголеми и пошироки акции и сл. Од ова произлегува дека добар дел од педагошката активност на музејот има потреба да се одвива надвор од музејот. Учеството на посетителите како критериум за вреднување на работата на музејот не смее да се зема само во форма на квантитативен показател, туку како квалитативен критериум што ја вреднува нашата работа. Целта на раководителите на одредени проекти е да се привлече што поголем број посетители во кои треба да го бара потенцијалниот пријател вклучувајќи еден дел од нив активно да учествува и да соработува со нас. Во афирмацијата на улогата на музејот, за воспитување на младата генерација и за запознавање на подмладокот со вредностите со кои располагаат музеите, покрај музејските работници, голема улога може да одиграат и пријателите на музеите. Што е поголем кругот на нашите пријатели, поголема е и можноста да се зајакне и интересот за нас, тие не само што ќе н□ афирмираат, туку може да бидат и активни во прибирањето музејски материјал. Можностите за меѓусебна соработка така стануваат неограничени. Тие можат сами да креираат музејски програми, да собираат материјални средства, сами да донираат реализација на одредени проекти и сл. Исклучиво од нашето умеење ќе зависи во колкава мера ќе ги придобиеме потенцијалните пријатели, кои во желбата да ни помогнат ќе се обидат да воспостават комуникација на луѓе, идеи, пари, медиуми, а со тоа многу ќе придонесат за подигнување на јавната свест на локално, владино или национално ниво.

Со оглед на разновидноста и комплексноста на работата и функцијата на музејот, музејските работници мора да бидат подготвени да прифатат широк круг на работни обврски што ги нуди техничката револуција на сите полиња од нашиот делокруг. Најважно за да се постигнат очекуваниот ефект и саканата цел е промовирањето квалитетни комуникации и вклопувањето на заедницата во нашата организација, а притоа користејќи ги сите позитивни искуства од практикувањето на европскиот музеј на ова поле, како на пр. ВЕБ-страница, сопствено списание, флаери за актуелни теми и сл.

Во продолжение на моево излагање, дозволете ми да наведам одредени примери во повеќе земји, за начините и облиците на комуникација помеѓу музеите и нивните пријатели.

Во Мексико, САД и во Канада пријателите успеале од директорот да добијат фискални бенефиции, осигурувања, легална работа, транспорт и

задоволување на потребите на посетителите, а с□ со цел да се спречи пренесувањето на колекциите од едно место на друго и да се охрабри културната соработка помеѓу нивните заедници.

Во Британија се работи на две нивоа и тоа: локално каде што многу групи ги охрабруваат членовите на советот или на парламентот да им се придружат и на национално ниво со цел да влијаат врз владината политика во културата.

Во Аргентина пријателите ги организираат школските групи да ги посетат музеите, при што учествуваат во работни групи или њорксхопс, за реставрација на хартијата и сл.

Кипарската федерација, пак, успешно организира посета на музеите за деца од претшколска возраст. Иницијативата е вклучена во едукативниот систем.

Во Банкок, пак, волонтерите во Националниот музеј обучуваат водичи што познаваат 6 странски јазици, организираат студиски групи и ги одржуваат библиотеките.

Друг пример се пријателите во Австралија, кои со лобирање ја убедија владата да изгради нови музеи.

Средствата и целите се различни во секоја земја.

Пријателите на Националната галерија во Прага се реинвентираа по 50 години тоталитарен режим, со цел да ги поддржат новите активности на Галеријата.

Во Хонг Конг пријателите лобираа и делумно спонзорираа заем на Египетски Богатства за Британскиот Музеј, исто така најдоа транспорт за да го видат сето тоа училишните групи.

Само неколку Музеи ги чуваат бројките и имињата на нивните пријатели, а тие остануваат непознати за во владината статистика, тоа се ВОЛОНТЕРИТЕ.

Не ми е познато дали во нашата пракса досега е воспоставен организиран пристап на дејствување на асоцијација или групација на пријатели на Музеите. Сигурен сум дека треба да се обидеме да помогнеме во организирање на здружение на членови или пријатели (љубители на музејската дејност) и тоа индивидуално или колективно. Ваквите организирани групи од нас би имале одредни привилегии, како на пр: бесплатни влезници, користење на интерните библиотеки, до активно вклучување во нашата работа, што беше во контекст на моето излагање. Во спротивно, без пријатели ние сме осамени.

Risto Tanevski
Museum of Struga
Republic of Macedonia

**Museums and How to Attract Friends**

Summary
Museum professionals should train volunteers to work to the benefit of museums for the purpose of bringing these institutions closer to the public and raising the awareness of their existence. Through various projects for building a positive image of museums in the community, this very important role of friends of museums can be accomplished.
Nowadays it is quite certain that the attitude and interest of the public for museums bring to the fore essentially new criteria, requiring from museums new forms of acting, which imposes the need for redefinition of the role and position of museums in the modern society.
A question has arisen whether with the influx of new ideas on the approach, togetherness, marketing, partnership, the global civil society and frequent conferences related with museums, in the era of electronic communication in global frames, museums will continue to be museums for just themselves and, eventually, for the needs of the museum professionals and scholars, or they will recompose their organization and take steps to follow the models of European museums. In these circumstances, under the pressure of the public, they should not only attempt to modernize themselves and open their doors to the public, but also set themselves to the service of the public.

Марика Бочварова - Плавевска
Музеј на современата уметност, Скопје

# Доменот на дејствување на пријателите на музеите-примери, сугестии

Веднаш да напоменам дека моите размислувања се темелат врз искуствата што ги стекнав за време на моите престои и работа во Уметничката галерија во Виндзор, Канада (1994) и Музејот во Фејтвил, Северна Каролина, САД (2000), а секако и врз моето дваесетгодишно дејствување во Музејот на современата уметност, Скопје.
Сегментот на работата на кој главно и оправдано се концентрирав беше едукацијата. Според статистиките, овој оддел носи најголем број посетители, кои се потенцијални пријатели на музеите. Овој факт го илустрирам и со моето искуство кога инцидентно бев вклучувана во неколку проекти кај нас (мошне значајни) - кога за еден месец се случувало да нѝ посетат 1600 ученици. Истовремено бев поканувана да присуствувам на нивните состаноци, односно на стручните колегиуми (кои, за жал, кај нас во поголем број институции не функционираа), но и на оние што ги нарекуваат бордови, кај нас управни одбори. Членовите не ги назначува актуелната власт, најголем дел се волонтери што ги прави поискрени во нивното дејствување. Од друга страна, тие не се оптоварени со комуницирање со официјалните институции на државата, а не допираат и во она што е во доменот на стручните лица, на музејските работници. Автономијата во решавањето, во изработката на програмите, финансиските конструкции е оставена токму на последниве. Овие моменти постоеја во нашата средина, но како да исчезнаа наполно. Поради тоа, активирањето вакви групи луѓе е мошне важно, тие се оние што даваат повеќекратна помош, особено во ублажување на финансиите, спонзорства за материјали, физичка помош итн. На прв поглед може да изгледа дека нивната улога е маргинална, но на крајот кога ќе се сумираат работите и ќе се приложат извештаите, испаѓа дека без нив тешко се реализираат проекти или друг вид активности врзани за музеите (тука мислам и околу донациите или купувањето уметнички дела). Впечатливо е тоа што тие речиси секојдневно комуницираат со вработените, а барем еднаш месечно се состануваат со цел да реферираат дали успеале или не во нивните напори да се помогне на каков било начин. За целиот нивен ангажман тие не се платени, па оттаму се и најискрени пријатели. Би навела еден пример како доаѓаат до одредени средства. По некој повод, манифестација, изложба или друго, тие во ентериерите или екстериерите на музеите организираат, условно речено, забави, вечери за кои се добива влезница. Висината е одредена во зависност од она што ќе биде понудено. Тоа може да биде само коктел-забава или вечера (скара на отворено). Секогаш се ангажира жива музика и тоа камерен или џез-оркестар. Овие режиски трошоци изнесуваат само 20 % од влезницата, преостанатите се приложуваат во фондовите на музеите.
Само да нагласам дека бројот на директните учесници (членови) е од 20-30

луѓе, кои успеваат да привлечат уште десетпати повеќе.
Од изнесеното моите сугестии ги насочувам кон што е можно поскоро пронаоѓање на личности кои на соодветен начин ќе партиципираат во поуспешното функционирање на нашите музеи.
Во Македонија постојат огромен број луѓе што бараат барем некаков ангажман. Тука би издвоила неколку групации. На пример, пензионерите кај кои постои ентузијазам и желба да ги пренесат своите искуства, потоа и оние ученици или студенти чие слободно време е недоволно исполнето. Секако, не треба да се отфрлат и активните лица, кои имаат можност да пронајдат извор на средства, да се поврзат со локалните власти, особено со оние потенцијални "инвеститори" што се подготвени да ја оживеат културата кај нас.

Marika Bočvarova Plavevska
Museum of Contemporary Art, Skopje
Republic of Macedonia

**Domain of activities of the friends of museums examples, suggestions**
**Summary**

My considerations regarding this topic are based on the experience I have obtained during my stay and activities in Canada (1994) and USA (2000), and also on the twenty years of professional engagement in the Museum of Contemporary Art in Skopje.
The domain I have mostly focused on is education. The statistics have shown that this department attracts the greatest number of visitors as potential friends of museums.
During my wor in museums at the American continent, I was invited to attend the meetings of their team of experts, which did not function in our country in most of the institutions. I also took part in the meetings of Museum Boards (equivalent to our Steering Committees of museums). There the members are not being appointed by the government, which makes their actions more efficient. In my opinion, encouraging this kind of people in our country to get involved in museum activities would be of great importance, especially regarding the fund raising, sponsorship for provision of necessities and practical help to the museum staff. At a first glance, their role might seem marginal, yet, when results are summed up and reports completed, it turns out that various projects and other museum activities could hardly be accomplished without them.

My suggestion is, therefore, that we start searching for individuals that would in corresponding way voluntarily contribute to more successful activities in our museums. In Macedonia there are an immense number of people seeking for any kind of engagement.

Нада Андоновска
Музеј на Македонија

# Пријателите на музеите низ светот и во Република Македонија

"Пријател на музеите е лице што не само што ужива во посетата на културни институции, споменици и музеи, туку има и огромна желба да го сподели тоа свое искуство ... Пријателите ги нудат својата енергија и иницијатива, време и пари врз сосема доброволна основа. Тие се градители на мостови, доведуваат во музеите нови посетители, кои инаку сами можеби никогаш не би влегле во оваа институција". Ова е дел од одговорот на Мариане Андерсен од Норвешката федерација на Пријатели на музеите, на прашањето Кои се пријателите на музеите?" Одговорите на ова прашање се безбројни, и пред сé, многу различни. Безбројни се и начините на кои пријателите на музеите низ целиот свет го даваат својот придонес кон успешното остварување на музејската дејност. Кипарската федерација успешно организира посета на музеи за сите ученици на основните училишта, а музејската посета е инкорпорирана во државниот систем на едукација. Во Бангкок волонтерите на Националниот музеј изведуваат обука за водичи на шест јазици, организираат студиски групи и ја одржуваат музејската библиотека. Во Хонг Конг пријателите лобираа за прибирање средства и делумно го спонзорираа позајмувањето на изложбата "Богатството на Египет" од Британскиот музеј. Тие исто така го финансираа и танспортот на групи на ученици што организирано ја посетуваа поставката.

Придонесот на Пријателите на Романскиот музеј на уметноста се состоеше главно од предлагање проекти, аплицирање кај различни фондации со цел прибирање средства за обновување на музејската зграда, некогашната Кралска палата, која претрпела значителни оштетувања за време на настаните од декември 1989 година, по што музејот со години беше затворен за јавноста. Како резултат на залагањата на пријателите, не само што беа повторно отворени вратите на музејот за публиката, туку со поставување електрични рампи тој стана достапен во целост и за хендикепираните лица. За поддршка на повторното раѓање на музејот беа организирани најразлични промотивни настани со цел обезбедување финансиски средства.

Во Соединетите Американски Држави постои широко развиена мрежа на таканаречени "доценти", имено, волонтери обучени да работат како водичи или да раководат со едукативни програми. Како резултат на тоа, денес во САД повеќе од две третини од вкупниот број лица што се активни во доменот на музејската дејност се волонтери. Имајќи предвид дека во Канада бројот на волонтерите изнесува повеќе од една третина од вкупниот музејски персонал во земјата, може да заклучиме дека на американскиот континент постои и дејствува најразвиена и најактивна мрежа на пријатели на музеите.

Секако, најхуманиот аспект на мисијата на Пријателите на музеите е општествениот ангажман. Во некои земји пријателите успешно се соочуваат со овој нов предизвик поттикнувајќи ги музеите на изнаоѓање најразлични

начини за решавање одредени социјални проблеми. Ова, пред сѐ, се однесува на етничките групи како значајна димензија на современото општество, како и на соживотот во повеќенационалните средини. Проблемите на интеграција на луѓето што доаѓаат од различни култури, се чини, на најбезболен начин се надминуваат со запознавање на културното наследство на земјата во која живеат. Конкретен пример за иницијатива на Пријателите на музеите во оваа насока е посетата на стотина студенти од Нордискиот обединет светски колеџ на Црвениот крст од Норвешка на Норвешкиот етнолошки музеј. Во август 2002 година тие го организираа и го спонзорираа овој настан во кој беа вклучени претставници на 82 нации.

И можеби сите овие иницијативи од непроценливо значење за функционирањето на музеите не ќе беа толку успешни ако беа ограничени само на поединечни обиди, повремени акции или моментни изрази на великодушност од Пријателите. Но, водени од желбата за што поделотворен и посеопфатен придонес кон зачувувањето и промовирањето на она што ни е оставено од претходните генерации, овие почитувачи на културното наследство почнуваат да се здружуваат во различни друштва и асоцијации, најнапред како пријатели на одредена музејска институција, а подоцна и да се обединуваат во федерации формирани на национално ниво. Првите национални федерации се востановени во периодот од 1972 до 1975 година, со цел обединување во единствена меѓународна федерација.

Идејата за формирање една ваква федерација потекнува од Барселона, Шпанија, како иницијатива на Друштвото на пријателите на музеите или, поточно, на еден од членовите, Луис Монреал, кустос од Музејот Маре, заедно со Каунт Боел од Белгија.

Светската федерација на пријателите на музеите е правно конституирана во Белгија во 1975 година, како меѓународна непрофитна невладина организација. Согледувајќи ја потребата од здружување на силите со цел размена на идеи и искуства, нејзините членки почнуваат издавање билтен што излегува двапати во годината и организираат конгреси на секои три години. Како резултат на овие залагања, Федерацијата обединува се поголем број пријатели на музеите од различни земји. Во моментов во неа членуваат седумнаесет различни национални федерации со статус на активни членки. Некои од националните федерации вклучуваат поголем број групи-членки (Франција 400, Канада 180, Норвешка 30, Португалија 8). Повеќе од дваесет и пет самостојни асоцијации на пријателите се придружни членки. Со други зборови, денес Светската федерација на пријателите на музеите поврзува повеќе од 1,5 милион лица што се пријатели, волонтери или доброчинители на музеите.

Федерацијата остварува тесна соработка со ICOM, UNESCO и со други организации што се професионално посветени на зачувување на културното наследство. Реализирани се бројни заеднички акции, а Федерацијата се јавува со свои статии во Новостите на ICOM, ревијата на UNESCO, како и во редовните изданија на списанието *Музеј*.

Се надевам дека овој сумарен преглед успеа да ја долови сликата на огромниот придонес на пријателите од целиот свет кон воздигнување на музејското дело. Уверена сум, според она што го слушнавме на овој собир,

дека и во Република Македонија музејските институции може да се пофалат со голем број почитувачи на културното наследство, кои на овој или на оној начин придонеуваат кон нивното успешно функционирање. Во овој контекст, би сакала да се навратам на пријателите на Музејот на Македонија. Во еден друг прилог веќе слушнавме за пријателите на оваа институција, кои го вложуваат своето време и енергија дејствувајќи во доменот на едукацијата или, пак, со финансиски средства придонесуваат за реализирање на овие активности. Во оваа пригода би сакала да ги споменам и спонзорите кои со материјални средства учествуваат и во реализација на постојаните музејски поставвки, тематските изложби или манифестации во организација на Музејот. Многубројни асоцијации, фондации, приватни фирми и амбасади на кои музејот им се заблагодарува со објавување на нивното спонзорство. Но тука не завршува кругот на пријателите на Музејот на Македонија. Музејот ги смета за пријатели сите оние што подариле барем еден предмет за музејскиот фонд. Луѓето што се одвоиле од својот драг спомен, од своето лично или семејно наследство или од најсаканата фотографија како придонес за културното наледство на нашата заемја. Илјадници анонимни лица или семејства чиј благороден гест е запишан единствено во музејската документација.

За жал, не можеме да кажеме дека кај нас постои некаков вид на соработка или организирано дејствување на Пријателите на музеите. Како и во другите земји, ценам дека иницијативата за здружување и поврзување на оваа група луѓе и институции треба да потекне од музејските институции или од стручните лица вработени во музеите. Во таа смисла, предлагам од овој наш собир да произлезе иницијатива за формирање Здружение на пријателите на музеите на Република Македонија.

На крајот, би сакала да завршам со зборовите на Претседателот на ICOM Жак Перо искажани во неговото обраќање на Светската федерација на пријателите на музеите: "Најзначајно од сé е пријателите и музеите да пронајдат различни начини да дејствуваат заедно во хармонија, во духот на инвентивност и креативност. Ние сме две гранки на музејскиот свет, со различни улоги и одговорности. Неопходно е да размислуваме заедно и да замислиме иднина во која ќе можеме да се соочиме со истите прашања дефинирајќи ја притоа комплементарната улога што би била подеднакво ваша и наша". Можеби овие мисли ќе претставуваат поттик и за нас да го насочиме своето дејствување во таа насока.

Nada Andonovska
Museum of Macedonia, Skopje

**Friends of Museums in the Republic of Macedonia and Worldwide**

Summary
In the article the author gives a survey of the different ways in which friends of museums can contribute to museums accomplishing their cultural and social mission, including sponsorship, making donations, voluntary work, social engagement, etc. It also presents specific examples of the achievements made by this exceptionally noble and generous class of people worldwide. Although friends of the Museum of Macedonia have also been referred to in another paper, the author of this article wished to pay a tribute to numerous donors of this institution, i.e., persons who donated a precious object, dear memory, important document or some other piece inherited from their ancestors. Their names are being notified in the documentation, but museums should find some other ways for expressing gratitude for the generous acts of these friends of museums. Finally, the author extended a proposal that an initiative for establishing an association of friends of museums in the Republic of Macedonia should have arisen from the convention.

проф. д-р Пере Аслимоски
Факултет за туризам и угостителство,Охрид

# Музеите, младите и општеството

***Вовед***

Годинашново советување претставува уште една алка од низата значајни проектни активности на музејскиот еснаф за улогата на музеите во афирмирањето на ***темелните вредности и принципи*** во односите меѓу луѓето. Во услови кога човештвото се соочува со криза на културните (духовните) вредности, афирмирањето на етичките вредности и пријателството како значајна содржина на етичноста претставува глас на совеста за развивање на светот врз културни основи.

Духовните и етичките основи на животот секојдневно се разоруваат од бранот на материјалните интереси и содржини. Се изместуваат и ***слабеат духовните координати*** на човековото однесување. Односот меѓу доброто и злото, чесното и нечесното, законитото и незаконитото, праведното и неправедното богатото и сиромавото, хуманото и нехуманото станува неповолен. Човештвото живее и запаѓа во хаос, насилство, безредие, економска и општа стагнација не затоа што нема техничко-технолошки капацитети да одговори на материјалните потреби, туку затоа што нема систем на вредности што треба да биде основа на индивидуалниот и општествениот развој. Едноставно, ***вкупната криза има повеќе вредносна и морална димензија отколку материјална.***

Главна карактеристика на времето во кое живееме е нестабилноста - разнишаноста на вредносните системи во општествената заедница што има последица вредносна дезориентација и збунетост во размислувањето, однесувањето и дејствувањето на луѓето. Сигурно е дека за излез од глобалната криза на човештвото и кризата на нашето општество, ни стојат на располагање повеќе механизми - економски, политички, дипломатски и други, но од посебна важност е да се развиваат социокултурните - етичките основи на животот. Во таа насока, особено е важно: 1) да се воспостави стабилен вредносен систем и 2) тој да стане дел од индивидуалната и колективната свест во општеството, што е првостепена задача на воспитнообразовните и културните институции. Неповолниот општествен, а пред сѐ духовен амбиент претставува закана за вкупниот развој на општеството, но посебно ***ги загрозува перспективите на младата генерација***. Денешниов ден е убав повод да се актуелизира значењето на културното наследство и на музеите за ориентирањето на младите кон етичките вредности. Поконкретно, дали музеите и културното наследство како извориште на најдлабоки етички, хумани принципи од минатото го имаат соодветното место во процесот на социјализација на младата личност? Каков е меѓусебниот однос на младите и музеите? Во која мера младите се напојуваат од вротокот на етички вредности што извира од културното наследство и музеите? Дали сме задоволни од влијанието на музејските институции врз градбата на духовните содржини на младите? Можат ли музеите заедно со

воспитнообразовните институции да земат поголема одговорност во афирмирањето на етичките ставови и акции на најмладите и слично.

### *1. Етичката и антиетичката ориентациаја кај младите во периодот на транзиција*

Евидентно е дека во периодот на транзиција младите се најдоа во најзагрозената категорија. Еден дел се најдоа во темното поле на криминалитетот, друг дел во социопатолошката сфера, а голем процент не гледаат перспектива кај нас и изразуваат интерес за иселување од земјава. Дополнителна тешкотија е нивната вредносна дезориентација.[1] Во секојдневниот *судир со суровата реалност* - со безобѕирната трка по материјалното богатство, алчноста, егоизмот, беззаконието, насилството, организираниот криминал, корупцијата и други недемократски појави, кај младите *се разнишува хуманата и етичката структура на личноста.* Ако се земат кон тоа предвид неповолната положба на семејството, невработеноста, бедата, сиромаштијата и други карактеристики на времето и просторот во кој живееме, тогаш станува јасно зошто незадоволството и другите облици на агресивно однесување кај младите се во постојан пораст, зошто дејствуваат со доза на дезориентираност, зошто еден дел од нив отстапува од етичките принципи во однесувањео. Дали е во прашање отсуство на нивна правилна ориентација кон добрината, чесноста, трудољубивоста,законитоста и другите темелни етички вредности или, пак, не постои општествен амбиент што овозможува целосна афирмација на нивниот стремеж кон добрината во животот. Проблемите со кои се соочува генерацијата која доаѓа треба да ја разбудат нашата и одговорноста на државата и општеството за воспоставување правна држава, за владеење на правото како услов за демократизација и поволен развој на општеството. Се чини дека создавањето стабилен вредносен систем и пошироко стабилен општествен систем претставува глобален облик на превенција. Младите во основа имаат етички ориентации, но им треба "мегдан" за нивно манифестирање, исто како што на семето му е потребна плодна подлога за да ја покаже својата благородност.

Заедница без стабилен вредносен систем личи на брод што плови без компас и се насочува според силата на брановите и ветрот, а не според целите кон кои сака да исплови. Во таков општествен амбиент, кај младата личност се врши замаглување на хуманата природа на животот, обезличување на човекот и воопшто разорување на другите вредности во кои се бара и се наоѓа смислата на животот.

Голем дел од младите се огорчени и незадоволни од нефункционирањето на државните институции, од експанзијата на митото, корупцијата и другите појави што ги попречуваат демократските процеси, загрозени се од бесперспективноста, економската стагнација и сл. Тие посакуваат поправедни односи во остварувањето на материјалната и духовната содржина на животот. Сакаат да живеат во општествена средина што ќе им овозможи да ги афирмираат своите квалитети. Нивното напредување во животот да е одредено од сопствената способност, работливост, знаење, чесност, достоинственост и други општи вредности, а не од односи што се базираат врз хиерархијата на

моќта, врските, партиите и сл.
Сакаат да биде почитувано нивното јас, да градат односи на заемно разбирање, да ги ограничуваат негативните појави и да прават добрина. Сакаат нивната материјална и духовна интервенција во општеството да биде од корист за себе, но и во полза на сите, да живеат во среќа, надеж, љубов и почит. Сакаат добрината, праведноста, законитоста, чесноста, достоинството и почитувањето да бидат цел и содржина што ќе го исполнуваат нивниот живот.

Уште Сократ во свое време нагласува дека е важно младите да се поттикнуваат да ја усовршуваат сопствената душа, а не да мислат само на материјална корист, но за тоа треба да се разбуди и државата, да биде правична... Ниту парите, ниту славата, ниту моќта - вели тој - не вредат ништо без стремежот за лично усовршување. Затоа ги потсетува луѓето на тоа да размислуваат за душата и вистината без кои парите и имотот се само измама и безделничење.[2] Треба да се размислува за себе, за животот како хармонична целина на материјалното и духовното или уште повеќе за духовното - етичкото како основа, водич во длабочините на животот. Без тоа, како што вели Сократ, кон сопствениот живот ќе се однесуваме како да сме главени за аргати да го одживееме.

Животот е интергенерациски процес, процес во кој секоја генерација ѝ дава свој белег на епохата во која живее. Во потребата за ново творештво секоја генерација се потпира на наследените искуства, знаења, принципи и други вредности, а нејзиното ново творештво се јавува чекор понапред од затекнатото. Оттука произлегува обврската на државата и општесвото, но и на секој граѓанин одделно, да создадат поволна општествена почва врз која ќе никнат материјалните и духовните творби на генерациите што доаѓаат.

Актуелизирањето на таквата одговорност отвора многу сложени прашања:

- Каков е статусот на младата личност во семејството зафатено од бранот на транзициските процеси;
- Колку училиштето низ образовната, а посебно низ воспитната функција е оспособено да преземе врз себе дополнителна обврска во градбата на стабилна личност;
- Во која мера медиумите водат грижа за нивната едукативна и воспитнообразовна функција;
- Каков е односот на политичките партии, невладините и другите здруженија кон проблемите на младите;
- Каква е грижата на државните институции за подобрување на општествениот статус на младите во општеството и за нивните перспективи;
- Колку музеите и другите културни институции може да придонесат за вклучувањето на младите во општеството и на тој начин да ја зголемуваат нивната одговорност, дисциплина и самопочит?

Статусот на младата популација во општеството е детерминиран од многу сложени и комплексни фактори. Општо може да се каже дека меѓународниот фактор, државата и општеството, барем во последната деценија во која дојдоа до израз овие појави кај младите, не покажува интерес за соодветен третман на нивните проблеми. Всушност, тоа и не се нивни, туку

наши проблеми, на возрасните, на институциите на државата и општеството, а однесувањето на младите е израз на нивното незадоволство од општествениот амбиент во кој живеат.

Младите многу често ги гледаме како проблем во општеството заборавајќи притоа дека тие истовремено имаат голема енергија за материјална и духовна активност и творење во општеството. Во таа насока, посебно е важно да се создаваат реалните можности за вклучување (учество) на младите во вкупните општествено-економски културни и други позитивни процеси во општеството. Зголеменото учество на младите во општеството ги зголемува шансите за контрола на нивниот развој, може да се искористи како можност за воведување нови форми на социјална контрола, но и да се запознаат потребите на младите луѓе. Тоа овозможува да се зајакнуваат нивната самопочит, работливост и дисциплина, да се оспособуваат за демократија и да се ориентираат кон други позитивни вредности, суштествено значајни за нивниот индивидуален и општествен развој. Светот на возрасните, низ индивидуалните и низ механизмите на државата и општеството, има одговорност да создава услови за поголема вклученост на младите во општеството. Младите имаат потреба да бидат вклучени, да преземаат должности и одговорности во нивниот секојдневен живот, имаат и потреба и право за демократско влијание во процесот на нивниот живот.

Општественото исклучување на младите е голем општествен проблем, чие надминување бара многу сериозна ангажираност на повеќе структури и нивоа во општеството. Во ублажувањето и надминувањето на општественото исклучување на младите од општеството музеите може да имаат улога на цивилизирачки инструмент на државата[3].

## *2. Заемен однос во комуникацијата - музеите и младите*

Една од значајните улоги на музеите е да ги поддржуваат културниот развој и афирмирањето на хуманите содржини на животот. Музејот е институција која со своите изложби, истражувачката работа и со плански акции придонесува за откривање, чување, проширување и оценување на универзалните човечки вредности. Музејот изградува и реализира широка воспитна програма со која ги поучува посетителите и им овозможува дејност од научен, уметнички и рекреативен карактер. Во поново време има погледи за улогата на музеите во промовирањето на општественото вклучување. Се цени дека музеите и другите културни организации имаат потенцијал да придонесат во борбата против многубројни форми на слабости што се јавуваат кај единките и заедниците како последица на општествената исклученост. Понови истражувања укажуваат дека музеите може да придонесат кон општественото вклучување на индивидуално, на ниво на заедница и на социјално ниво. На индивидуално или на лично ниво, поврзувањето со музеите може да резултира со зајакнување на самопочитувањето, довербата и креативноста. Со претставувањето на вклучените заедници во рамките на збирките и изложбите, музеите имаат потенцијал да ги промовираат толеранцијата, почитувањето внатре во заедницата, откривањето на заедничките вредности кај припадниците на различни заедници и почитувањето на културните разлики, да ги надминуваат

етничките и други предрасуди и стереотипи. Како агенси на промените кај индивидуата, заедницата и општеството, музеите покажуваат потенцијал да придонесат во борбата со таквите проблеми, како што се лошата здравствена состојба, високата стапка на криминалот, ниското ниво на посетување настава во училиштата и невработеноста[4]

Основна тенденција во афирмирањето на општествената улога на музеите е нивното отворање кон јавноста и поангажирано вклучување во остварувањето на воспитнообразовните процеси во општеството

Една од големите, ако не и најголемата тешкотија во работењето на музеите е нивното доближување до посетителите, особено до младата публика. Континуирано растечката понуда на забавата во слободното време, уште повеќе ги оддалечува младите потенцијални посетители од музеите. Во овој контекст, кон традиционалните задачи на музеите (кои по обичај прибираат, документираат, истражуваат, изложуваат, едуцираат) неопходно е да се додадат и да се интензивираат новите задачи како маркетингот, медиумите и професионалната работа, квалитетниот менаџмент и слично. Често овие нови задачи ќе бараат толку многу внимание, така што на суштествената музејска дејност, а тоа е чувањето на културните реликти, ѝ се заканува запоставување.[5] Сепак, се чини дека станува поважно да се придобие вниманието на посетителите отколку да се натераат да им обрнат внимание на изложбите. Музеите и младите имаат потреба да бидат меѓусебно поврзани и условени во еден динамичен процес. Без соодветен однос кон културно наследство се отежнува опстанокот на постојните вредности, а без соодветен однос кон младата генерација се забавува развојниот процес во општеството. Воспоставувањето активна врска меѓу вредностите од минатото и младите има двострано значење: прво, со развивањето на свеста за културното наследство се обезбедува најширок заштитен менанизам зад кој стои однесувањето на јавноста: второ, низ односот кон културното наследство, се развиваат духовните и другите општоважечки вредности кај младата личност.

На Република Македонија и пошироко на нашето општество не му е сеедно каков став ќе гради единката кон културното наследство и неговата заштита. Заради тоа, на организиран и демократски начин општеството влијае врз изградувањето на тие ставови и не допушта таквиот однос во целост да се гради спонтано, туку презема најразлични воспитнообразовни мерки.

Подигнувањето на моралната свест кај граѓаните ќе отвори еден силен заштитен механизам зад кој стои јавноста и пошироката општествена средина, а истовремено претставува силен двигател и насочувач на човековото однесување. Секое поведение со кое не се дозволува нарушување и загрозување на културното наследство, средината го оценува како морално, корисно и благопријатно и обратно.

Содржините за вредноста и значењето на културното наследство треба на организиран начин (преку воспитнообразовната дејност, културните манифестации, посетите на музеите и културно-историските места, преку средствата за јавно информирање и други воспитнообразовни канали) да допрат до свеста на луѓето, особено до младата популација и на тој начин да се трансформираат во позитивна движечка енергија што ќе го определува, насочува и коригира, индивидуалниот и општествениот однос кон заштитата

на културното наследство. Да се подигнува моралната свест за односот кон културното наследство, значи да се придобие пошироката јавност како дежурен заштитник. Тоа овозможува, прво, законските обврски во заштитата на културното наследство да се доживеат како израз на задоволство и да добијат во суштина и квалитет, а не како нешто наметнато и, второ, таму каде што завршува моќта на законот, едно широко поле на односи е условено од степенот на моралната свест.

[1] Види поопширно: проф. д-р Јордан Спаески и проф. д-р Пере Аслимоски, *Опасности за младата генерација од криминализација на земјите во транзиција,* Меѓународен симпозиум , Алтернативите на развојот: економски и социјални аспекти на промените во земјите од југоисточна Европа, Прилеп, 16-18 декември 1998 год. Зборник на трудови, стр. 607 - 631

[2] Ферид Мухиќ и Златко Жоглев, *Мислење во акција,* Педагошки факултет Битола , Битола, стр. 66

[3] Sandell Richard, *" Social inclusion, the museum and the dynamics of sectoral change*" in Museum and society, University of Leicester, Leicester, 2003, cc. 45

[4] Овие проблеми биле нагласени од Владата на Велика Британија како четири главни индикатори на општествена исклученост (ГЛААМ 2000) *Според*: Sandell Richard, *" Social inclusion, the museum and the dynamics of sectoral change*" in Museum and society, University of Leicester, Leicester, 2003, cc. 45-46

[5] Според : Beate Wild, Siebenbuergishes-MuseumGundelsheim, Germany; *" Dead-end-rood or turnitable between yesterday and tomarrow? New aims for museums";* Paper presented at the konference *Cultural Traditions in Danger of Disappearing in Contemporary Society - A Challenge for Museum*; Sibiu, Romania. September 2003 cc 26- 27

Pere Aslimovski, PhD
Faculty of Tourism and Catering, Ohrid

## Museums, Young People and the Community

Summary

In the article, the author points out the ethical and anti-ethical orientation of young people in the period of transition, posing the question of whether museums together with the educational institutions could take bigger responsibility in affirming the ethical attitudes and actions of the youngest generations.

One of the objectives of museums is to contribute to the cultural development by accomplishing a thorough educational program for affirmation of universal human values. Recent researches have shown that museums can play an important part in involvement of people in the society. It can be accomplished on the individual level, on the level of community and on societal level.

Зоја Богдановска
Музеј на град Скопје

# Музејот - светот на моите пријатели - посетители

Музејот на град Скопје како дел од историјата на градот веќе педесет години е местото каде што е неизбежно секој, макар и еднаш, да поминал. Секојдневниот живот на Скопје и скопјани провејува низ овој музеј и зад себе остава траги. Токму тука почнува приказната за нашите пријатели-посетители. Музејот како јавна институција има голем број пријатели, како од вработените во него и во сродните институции од областа на културата, науката и образованието, така и од посетителите. Меѓутоа, за мене посетителите се омилените пријатели на Музејот. Музејот на град Скопје е свратилиште, секогаш и во секое време актуелно место каде што се среќаваат сите генерации. Етиката на музејската работа неизбежно ни налага пристојно однесување и отворен и пријателски пристап кон посетителите. Со нашето раскажување, усно и преку експонатите што се верни носители на информации, на посетителите им го враќаме времето изминато и изгубено некаде во нивната младост, времето на нивното детство, и уште подалеку, ги носиме до коренот - изворот на нивното постоење.

Привилегија на историчарите што работиме во музеите е непосредниот контакт со личностите кои се сведоци и современици на одредени настани и се дел од едно време што е за нас историја и претставува дел од изложените експонати. Пријателството не признава генерациски разлики, особено кога се пренесуваат спомените. Додека една од задачите на музејските работници е едукација на најмладите посетители на кои им ја отвораме историската читанка и ги каниме со нас да патуваат низ историјата, оние пак, повозрасните посетители, пријателски и со неопислив жар почнуваат да нé водат нас кустосите, "чувари" на историското и културно наследство. Колку е прекрасно да се патува со овие луѓе, стари само по своите години. Наследството што ни го оставаат ретко е материјално. Тоа е речиси секогаш едно огромно духовно богатство. Тие не ни ги оставаат само страниците од својот живот одамна поминат, туку ни ги отвораат несебично и своите срца и нé водат низ нивните животи, толку незабележливо и ненаметливо, како отсекогаш да сме биле таму некаде заедно. Незаменливо е искуството да се биде, макар и за миг, дел од спомените на живите сведоци пред нас. Ги делиме со нив најубавите, но и најболните спомени "ѕиркајќи" во темните ќелии и затворите од нивната трагична младост, во времето на "Големата војна", како што велат мнозина од овие наши пријатели, живи споменици, жртви на окупаторските режими и на егзодусите, бивши затвореници и логораши, кои се веќе на крајот од својот животен пат. Можеби ние сме и последната генерација кустоси-историчари што ја имаме привилегијата да ги запознаеме овие луѓе и да учиме од нив. Секако, привилегија е, но и болно и мачно е да се патува со овие феникси на своето време, кои несебично ни ги предаваат своите животи и спомени за да ги

запаметиме, забележиме и зачуваме.

А, пак, тие, нашите најмлади пријатели-посетители, поткренати на прсти, таму некаде зад витрините, љубопитно шетаат со своите очи низ експонатите, нарушувајќи го со своите гласни шепотења вообичаениот мир во салите. Колку симпатично личат овие наши мали гости, би рекла, храбри нарушувачи на тишината. Неизбежно е во нив да го препознаеме љубопитното дете во себе и да станеме, макар и за миг, "мали". За овие наши млади пријатели, ние сме необичните учители без дневник и креда во рацете. Нашиот прибор за работа се изложените експонати и приказната што им ја раскажуваме во непосреден допир со предметите од минатото. Во љубопитството и интересот што би го предизвикале кај децата, лежи социолошкиот миг за нивно вклучување во светот на возрасните. Како што веќе изложив пред две години на Советувањето на МНК-ICOM, меѓу другото напишав: "Особено значајно за музеите како градители на општеството е улогата што тие ја играат во едукацијата на најмладите посетители - децата, идните градители на општеството. Навиката за посета на музеите треба да се стекне од најмлади години. Тука најмногу треба да придонесе семејството, а и училиштето што во редовната настава треба да го вклучи и музејот со сето богатство кое го поседува тој, при што активно ќе го вклопи во наставната програма. Училиштата треба музејот како отворена институција и желбата на кустосите да ги презентираат музејските предмети да ги искористат за поуспешна, посликовита и побогата настава. Тогаш се остварува целта на музејската дејност, т.е. навиката за посета на музеите да не остане само навика, туку да се развие во љубов кон институциите од ваков вид. Тука лежи суштината на музејот како духовен градител на општеството".1 Нашиот успех ќе биде поголем ако приказната што ја раскажуваме биде секогаш поттик за размислување и за будење на детското љубопитство. Љубопитството предизвикано кај децата е наш најголем успех и гаранција дека сме стекнале нови пријатели што повторно ќе ни се вратат во потрага по нови приказни, со надеж дека следниот или пак некој друг пат ќе го чујат крајот на приказната.

Пред нашите постари пријатели-посетители можеме и да згрешиме и да молчиме, да им дозволиме да ни раскажуваат и да нé учат. Но, пред нашите најмлади пријатели-посетители, исполнети со неверојатната моќ на забележување, пред нивната искреност да ни укажат на позитивното исто како и на негативното, невозможно е да се остане нем и без одговори на прашањата, дури и на оние што може да ги смисли само детето. Неверојатна е детската моќ на забележување и поврзување на информациите што им ги нудат изложените експонати. Зарем тогаш не учиме и од овие мали пријатели да ги гледаме работите во поинакво светло?

Музејот на град Скопје со својата достапна местоположба во центарот на градот, а и заради атрактивноста и автентичноста на зградата што носи длабока историја во себе и е нераскинлив дел од животот на скопјани и симбол на судбината на градот, станува традиционално свратилиште како за скопјани, така и за намерните и ненамерни посетители на градот. Многумина од посетителите знаат да кажат: "Тука ме носеа моите родители, а јас сега го донесов моето дете!" И тогаш знаеме дека сме стекнале вистински пријатели што ги пречекуваме секогаш со уште поубави приказни, со нови експонати, но

со старата љубезност и искреност.

Старите скопјани, пак, во овој редок објект што го преживеал катастрофалниот земјотрес од '63-та ја наоѓаат својата младост. Музејот на град Скопје некогаш бил железничка станица, место каде што се среќавале и се разделувале безбројни животни патишта, би рекле, тој бил "раскрсница на судбините". Така, често многумина свратуваат во него и шетајќи по салите во застаклените витрини полни со заробени спомени, го бараат изминатото време. Тука, на изложените стари фотографии многумина ја наоѓаат улицата од своето детство, и тука почнува една нова приказна. Некои сѐ уште потајно го чекаат одамна заминатиот воз што однесол многу драги пријатели. Барајќи ги минатото и старите пријатели, сепак заминуваат побогати со нови пријателства и нови пријатели - кустосите.

А кога заминуваат, нам ни го оставаат невидливиот куфер полн со спомени. Ние ги испраќаме со насмевка, исполнети и побогати за уште едно пријателство.

[1] Зоја, Богдановска. Историјата - жива алка меѓу музејот и општеството. Мусеологица Мацедоница, 7/8, Принтпоинт, Скопје, 2003, стр.19

Zoja Bogdanovska
Museum of the City of Skopje
Republic of Macedonia

**Museum – the World of My Friends**

Summary
For over fifty years the Museum of the City of Skopje as part of the history of the city has been the place which everyone visited at least once. The everyday life of Skopje and its residents has been reflected in this museum having left significant traits. This is exactly where the story of our friends-visitors begins. The museum as public institution has many friends, including its employees and employees of affiliated institutions in the domain of culture, science and education as well as the visitors. To me, however, visitors are the favourite friends of the Museum. The museum of the City of Skopje is has always been an interesting hangout, a meeting place for every generation.

The privilege of us historians working in museums is the direct contact we establish with persons that witnessed or were contemporaries of certain important events, thus experiencing the time which is history to us and closely related with the exhibited objects.

Лилјана Христова
Завод и музеј, Битола

# Ликовните уметници во афирмативна функција на музеите - галериите

Музеите во Македонија претставуваат установи што имаат функција на повисок општествен интерес да собираат, проучуваат и да изложуваат антиквитети, уметнички и разни други предмети и да избираат квалитетно највредни и историски најзначајни уметнички дела. За таа цел вршат колекционирање различни предмети (репрезентативни, ефемерни, индиферентни, како и предмети со споменични својства) со чија помош создаваат слика за стилските тежнеења на одреден период, на одредена нација или за најважните фази во развојот на уметноста воопшто. Главната улога на музеите е да создадат логичен однос меѓу предметите, особено на оние што изгледаат самостојни и изолирани по својата специфичност.

Но, реализацијата на оваа основна цел наидува на многубројни тешкотии, проследени од разни општествено-политички, социјални и економски промени на развојот на општествениот живот во последните години. Трансформацијата на социјалистичкиот принцип на работа наметна промени во кои културните институции се најдоа на крстопатот помеѓу традицијата, модернизмот и мултикултурниот модел. Издвојувањето средства за збогатување на музејските збирки или не постои или е толку мало што не се забележува во збирот на финансиските проблеми. Појавата на приватни колекционери и галеристи придонесе собирањето на музејски предмети во државните институции да добие нова форма, форма на солидарност, во која ликовните уметници ја покажуваат својата најголема доблест подарувајќи дел од своето творештво во трајна сопственост на ликовните збирки на музеите.

Дел од своето творештво го "жртвуваат" како правило на етичко однесување за општо добро на заедничкиот општествен поредок, како пример на заемна зависност во здружување и организираност. Презентирањето на нивните експонати низ работата на музеите (галериите) има двојно значење: афирмативност на институцијата од една страна и на уметниците како индивидуи. Овој дуализам претставува морална творечка хармонија постигната со одреден меѓусебен сооднос. Во овој случај уметниците имаат функција на неимари на културниот храм во кој нивните дела добиваат актуелност и се враќаат во живот со секое ново експонирање. Во потрага по изразување на времето (сегашно и идно) тие го откриваат минатото, оставајќи дел од себе во музејските трезори. Нивните подарени дела претставуваат основа за подемократско и поотворено колекционерство, со што галериите стануваат достапни и за поширок круг ликовни уметници, но исто така и на побројна ликовна публика. Во музеите подарените дела се дополнуваат и создаваат комплетна колективна структура, музејски "макрокосмос", односно "музеј без огради".

Со цел да им изразам благодарност на одредени донатори на ликовни дела во Уметничката галерија во Битола, би сакала да споменам некои навистина вредни донации. Ликовната изложба на Петар Стојанов, која изобилува со пејзажи и ведути работени во акварел, авторот ги подари во 1964 година, пред неговото патување за Канада. Мајкл Клос (ликовен уметник од Америка со македонско потекло) со голема љубов кон Македонија, посебно кон културните вредности на нашата земја, ги отстапи експонатите од својата самостојна изложба (фигурации изработени во маслена техника), а исто така испрати по 100 свои дела, главно цртежи во туш во боја, до сите галерии низ Македонија. Семејството Влаху од Скопје минатата година подари 5 експонати (масло, темпера и графика) од средната генерација ликовни уметници: Трајковски, Видимче, Пенкин и М. Ивановски и една скулптура во бронза изработена од чешки скулптор. Благодарноста за организираните самостојни изложби последните години ја изразија ликовните уметници: Зоран Јакимовски, ликовната колонија "Ниже Поле", Мустафа Асим, Христов, Главинче, Кањош, како и многу други. Овие подарени дела претставуваат дел од културното наследство и во себе носат индивидуални значења со специфично издиференцирана симболика која останува како вредна присутност за генерациите што доаѓаат.

Кога зборуваме за афирмативната функција на ликовните уметници во музеите, неопходно е да се напомене и нивната подготвеност да ги отстапат своите експонати за секоја изложба, особено ако станува збор за прослави на одредени јубилеи, државни празници или при организација на специјализирани тематски експозиции. Во овие случаи неопходна е меѓусебна соработка (музеј-уметник) што овозможува навремено и квалитетно реализирање на поставените цели.

Потребно е да се напомене дека таа соработка овозможи повеќе ликовни експозиции во галериите да бидат посветени на Меѓународниот ден на музеите 18 Мај или пак да бидат организирани по тој повод. Можеби во овој контекст треба да се согледа местото и улогата на ликовните уметници во институциите како дел од креаторската политика, без оглед на нивната субјективна наклонетост, затоа што доменот на нивната солидарност достигнува високи позиции. И конечно, при афирмативната функција на ликовните уметници во музеите остануваат отворени неколку важни сегменти. Благодарноста на институциите несомнено е голема, но од друга страна се појавува несоодветна валоризација затоа што доминира моралниот чин на благодарност.

Улогата на дарителот е наполно јасна и прецизна, но се поставува прашањето која е улогата на музеите во одговор на донаторите? Моменталната поставеност и финансиските можности кои постојано се присутни во музеите не дозволуваат објективно согледување на високи уметнички критериуми. Тие остануваат во границите на можностите. Единствено останува големата благодарност што ја чувствуваат кон своите соработници и пријатели - ликовните уметници.

Ljiljana Hristova
Museum and Institute of Bitola
Republic of Macedonia

**Artists in the Affirmative Function of Museums-Galleries**

Summary
At the current stage of development of the society, that is, in the time of startling political, societal and economic changes, it is difficult for museums to accomplish the basic objectives of their existence and activity. The appearance of individual collectors and private galleries has made collecting and acquisition of museum objects and art works in state-run institutions obtain a new form, a form of solidarity, in which artists show their great generosity by donating part of their creative works, thus allowing them to become lasting possession of museums within their art collections.
Artists "sacrifice" some of their works exemplifying a principle of ethical conduct for the benefit of general prosperity and a kind of interaction by associating with museums and getting organized. Presentation of their works has a two-fold effect: affirmation of the institution, on the one hand, and of the artist, on the other. This dualism is a creative moral harmony achieved by a proper inter-relation.

Елизабета Јанковска
Музеј на современата уметност, Скопје

# Пријателите на Музејот на современата уметност - Скопје

Моите размислувања за пријателите на музејот секогаш се поврзани исклучиво за децата и младите, кои со години наназад поминуваат и оставаат дел од себе во  Музејот на современата уметност. Единствено нивните насмевки ги гледам секогаш пред себе.

Кога помислувам на нивните прашања што ги редат во една секунда и нивните "големи" проблеми што мора, веднаш и токму тука, заедно со мене да ги решат, а дилемите да се разрешат, тогаш единственото нешто што ми паѓа на ум, за големите пријатели на музејот, се токму тие.

Одушевува нивната желба да дојдат во МСУ и на -25 степени, искрената и бескрајна радост кога ги носат родителите во "нивното" катче, а нивните пријатели и другари за да работат со нив, тука во МСУ. На своите баби и дедовци им раскажувгаат за музејот, за нивната работа и за делата што ги создаваат, за Пикасо и за мене, се разбира. Постојано имаат потреба да ги носат и своите соседи, но и "другите" професори и наставници за да им покажат каде тие се подобриле, напреднале во сознанијата и зошто имаат потреба од своето катче. Секогаш се искрени, отворени, верни. Сето тоа е единствено чуство на пријателство, нели ?

И така, секој ден, во точно одредено време за нив и за мене, во нашиот МСУ, почнува магијата што се нарекува *искрено пријателство со МСУ*.

На мојот работен почеток во МСУ, во минатиот век, 1990 г., желна за работа, полна со елан, "исчитана" до премор за едукацијата во светот, точно знаев што треба за да се развие и кај нас. Но, едукативниот процес и едукативните програми не смеат да се пресликаат, туку да бидат автентични, за нашите потреби, можности и менталитет и без да се меша, "онака случајно", само со посетата на музејот.

Толку сигурна, со стресени нозе, почнав да ги убедувам моите возрасни пријатели дека е потребен посебен простор за едукација каде што ќе се работи со посебни проекти и програми што ќе ги следат потребите на новите генерации. Одговорите никогаш не успеав да ги разберам. Дали  зборуваа за Музејот, за едукацијата, за децата или пак за немоќта да се пречекори првиот чекор по 30 години. Но, разбрав дека едукацијата во музеите е последна во редот и служи само за "парада", се вади по потреба за "пред светот".
Денес ?  Не, не верувам дека е така.

Немирното дете во мене, што од инает, што од желба за правичност, но богами и од "зорт" за работното место, пронајде нови пријатели. Онака случајно, конкурс, телефон, со жар напишано барање за грант, одобрен грант!

Е, сега, и јас бев збунета, исто како и моите возрасни пријатели. Но, моите мали пријатели воопшто не беа збунети. Приредија забава во дотогаш импровизираниот Практикум со наши средства, онака пријателски собрани.

Па, не беше мала работа! Се добиваат средства за опрема на Практикумот, компјутер и потрошен материјал за работа со него!

Две недели беа во еуфорична радост. Некои се радуваа затоа што ќе видат компјутер и печатач, другите дека ќе научат да работат со него, а сите заедно велеа дека заврши времето на собирање ситни парички за бои, моливи и блокови, во пластичната кутија, онака пријателски.

Тогаш, осознав и јас. Вистина, голема.

Богатството што го поседува мојот музеј се *искрените пријатели* - редовните членови на Практикумот: Маја, Сара, Имран, Ерџан, Нури, Мартин, Илија, Слободанка, Сефора, Дарко..., од најразлични возрасти, етникуми, социјален статус, од 5 до 18 години, кои заедно растат, се забавуваат, се едуцираат, напредуваат и ги шират културата и уметноста во своите домашни и училишни средини. Тие искрени детски глави го сакаат истото: уметноста, животот, љубовта. Сето тоа тука го добиваат во големи количества, со забава, едукација и сопствено осознавање. Тие се искрени и ја чуствуваат вистинската грижа за нив, но и искрено возвраќаат. Со нив не може да има импровизација, измама. Тоа го чувствуваат, веднаш.

А, оние другите пријатели на музеите: донаторите, спонзорите.., "фала Богу" се наоѓаат. Иако нивната љубов никогаш не може да биде толку искрена и топла како љубовта на моите Мали пријатели кон музејот, кон мене, но сепак, ги има.

Во текот на изминатите 14 години беа реализирани многу проекти и едукативни програми со нови генерации. Програмите и проектите, с# повеќе се финансираат и од нашите други пријатели, па знаеме, "се наоѓаат"с# почесто, нели, "онака за развој".

Но, без нашите *Мали искрени и вечни пријатели* немаше да "почне" ниту 21-от век , секаде, па и во МСУ, а во него Одделот за едукација немаше да порасне и да стане репер за сите останати музеи, со развојни проекти и едукативни програми. Без нив немаше да го има Практикумот, кој и денес опстојува, низ целиот музејски простор каде што доаѓаат "..и да вее и да дува и бура да коси..." и деца и млади, а со нив, знаеме, не можеш да импровизираш, нели, "онака за развој". Тие тоа го чувствуваат и потоа пријателството не го ни почнуват.

Сите генерации што поминале низ овој музеј оставиле дел од себе во него, засекогаш, а дел од МСУ носат во себе каде и да се.

Новите генерации што идат, со истиот жар во срцата го повторуваат истиот процес, но на поинаков начин. Се менувам заедно со нив, се радувам и се лутам, но милината во душата е иста како на почетокот од моето вработување, токму во овој "најпозитивен" и "најмлад" оддел во МСУ, за мене судбински предодреден.

И секогаш толку различно, но исто.

А, МСУ останува на највисоката точка во центарот на градот, до Калето, останува единствен, неповторлив, со Оддел за едукација кој *создава само искрени Пријатели на Музејот*, со голема позитивна енергија за севкупен општествен развој.

Elizabeta Jankovska
Museum of Contemporary Art, Skopje
Republic of Macedonia

**Friends of the Museum of Contemporary Art**

Summary
My considerations about the friends of museum are inevitably connected with children and young people who have spent time and have left part of themselves in Our Museum. I was amazed by their desire to come to the museum, even at $25\ C^{o}$, by their endless sincere joy when they come to work in "their" corner and by their wish to share it with their parents, grandparents, friends, professors, etc. The truth is that a real treasure for the advancement of my museum are the regular members of the Praktikum, i.e., young people of different age, ethnic affiliation, social status, who learn and have fun together, but also spread their knowledge about art in their homes and schools.
There are also other friends of museums, such as donors, sponsors, etc., yet their love for museums can never be so worm and sincere as the admiration of my Young Friends. Without our young, sincere and eternal friends, the Education Department of MCA would not have grown into a model for all other museums. The development projects and educational programs that have been accomplished successfully will continue for the future generations with the same enthusiasm in the young hearts for repeating the process, maybe in somewhat different way, yet, always with the same purpose for the friends of museums to contribute to the general prosperity of the society.







Симонида Миљковиќ
Музеј на Македонија, Скопје

# Пријателите на музеите - примери од едукативната програма на Музејот на Македонија

Пријателите на музеите се појавиле во исто време кога се појавиле и музеите. Материјалната вредност, уметничкото достигнување, културното значење и бројот на предметите во првичните збирки, ризници (претечи на денешните музеи) зависеле, пред сé, од можностите, дарежливоста на донаторите и дарителите. Во светот како организирани друштва се појавуваат во минатиот век.

Пријател на музејот е личност која не само што ужива и сака да посетува културни институции, споменици или други знаменитости и манифестации, туку исто така е секогаш расположена да го сподели своето искуство со другите. Кај нив е присутна потребата за музеите како културни содржини.

Пријателите со поддршка од вработените во музејот ги нудат своите: иницијатива и енергија, време и пари, врз волонтерски основи. Тие се нивна продолжена рака, граѓани со чисти мотиви што се ставаат во служба на професионалните цели. Пријатели може да бидат: волонтери, дарители, професори, истражувачи, хонорарци, родители, наставници, работници, библиотекари, водичи и многу други.

Има онолку различни видови пријатели колку што има и музеи, кои даваат морална или финансиска поддршка (тоа се мецени и патрони) и вршат волонтерска работа. Што им е потребно на музеи, нивните пријатели им го овозможуваат. Можностите се безгранични. Тоа го потврдуваат многубројните примери на организираните Друштва на пријатели на музеите присутни во многу земји во светот.

Начинот на работа воедно е и опис на целите на Друштвата на пријателите на музеите: основање нови музеи; купување предмети за музејските збирки; купување опрема; спонзорирање публикации и настани; преводи на потребна литература; кампања во јавноста за потребите на музејот или за придобивање нови членови; акции за спасување оштетени згради; организирање предавања, концерти, семинари и др. Но во практика поприма многу поинакви облици, особено во доменот на образовната програма.

Образовната програма треба да биде осмислена во соработка меѓу образовните кадри на музејот и наставниците, со поддршка од волонтерите на кое било достапно ниво. Во оваа смисла би ја спомenале и препораката на Третиот конгрес на Светската федерација на пријателите на музеите, одржана во Фиренца во 1988 година, а се однесува на проширување на активностите на пријателите на музеите и на полето на образованието. Донесени се упатства за учество на волонтерите во образовната работа.

Ликовните уметници, професори, наставници, лекари, економисти, актери, керамичари, ученици, студенти, родители, невладини организации,

пензионери, возачи се само неколку од оние што се докажале како корисни и можеме да ги именуваме како пријатели на Музејот на Македонија.

Во 1997 година во Музејот на Македонија почнаа првичните организирани едукативни активности во постојаните поставки со група ученици. Со нив ги носеа ентузијазмот и желбата да научат повеќе. Тие средби беа успешни иако се работеше со минимални средства (ограничен број блокови, моливи и боички), а просторно во фоајето на Музејот. Запознаени со податокот дека музеите како буџетски институции немаат секогаш можности и средства да понудат, помошта на група пријатели овозможи средбите и едукативните активности да се прошират и да се дополнат и искуствата да се поделат со другите. Со нивна поддршка и помош беа реализирани многубројните едукативни работилници: моделирање предмети во глина; стручни предаваања на тема од нашето културно-историско минато; изработка на народни носии и костуми од минатото; ткаење; везење; драматизации; проекции на документарни филмови; посета на археолошки локалитети. Со постојана организација на група на неколку пријатели се овозможува превозот на учесниците (деца од предучилишните установи, ученици од основните и средните училишта, како и на лица со посебни потреби) од нивните установи до Музејот на Македонија.

Одделението за едукација поорганизирано, би рекле и посигурно, ја исполнува едукативната програма откако наменски се адаптира еден простор во Музејот во простор за едукација (училница). Со доделување финансиски средства, тоа ни го овозможи Амбасадата на Канада во Скопје. Како пријатели - спонзори ќе се јават и во набавувањето на дел од техничката опрема што му е потребна на одделението. Разбирајќи ја пораката на музеите за важноста на едукацијата на музеите, неколку работни организации се погрижија за снабдување на музејската училница со мебел (масички и столчиња за деца од предучилишните установи).

Пријателите на Музејот на Македонија не се организирани во Друштво на пријатели на Музејот, но сметаме и ја поддржуваме идејата да се оформи такво друштво. Да се потсетиме дека уште во минатиот век се јавува иницијатива за основање Друштво на пријатели на старини, кои би се состанувале и би работеле во една од просториите на Куршумли-ан.

Ги именуваме и како пријатели на културното наследство и постојани сојузници на музејот. Тие се и посредници меѓу музејот и публиката, односно корисниците. Комуникацијата, информацијата и мотивацијата на едукативните активности се нивни ангажмани.

Многубројните идеи на едукаторите со недостаток на финансиски средства, т.е. во овие економски услови се чинат премногу амбициозни, но стануваат реалност од причина што пријателите-волонтерите се вклучуваат во работата. За вредноста на волонтерите да дојде до вистински израз, потребно е да се прифатат и да се вклучат во работата.

Пријателите не се само помош, туку и грижа. За сето што можат да го донесат мора да постои охрабрувачки однос на музејот, т.е. да се вреднува нивниот ангажман. Музејот на Македонија, во рамките на своите скромни можности, на своите пријатели-волонтери, спонзори им овозможува бесплатни влезници за нивните блиски, подарување дела од издавачката дејност на Музејот, доделување благодарници и др. Други подеднакво важни проекти на Музејот

на Македонија во кои ќе се вклучат пријателите се насочени, односно наменети за посетителите се: низ поставките да се поставаат клупи и столчиња, да се набави потребниот мебел за просторот за едукација, да се испечатат прирачници за деца, кампања да се зголеми посетеноста, пред сé, со проектите од едукативната програма, организација на специјални посети за постарите луѓе, изработка на предмети од продажба, проекти за еднаква можност за лица со посебни потреби (поставување рампи). За да се задоволат финансиските потреби на овие проекти, со пријателите ќе се организираат културни настани со цел да се основаат фондови.

Пријателите за своите музеи со своите ангажмани вклучени се во зачувување на нашето културно наследство и го обезбедуваат неговото преминување на генерациите што доаѓаат, за доброто на општеството како целина. Овој вид партнерство укажува за смисла за граѓанска одговорност и демократска зрелост на граѓаните.



Simonida Miljković
Museum of Macedonia, Sko
Republic of Macedonia

Friends of Museums – Examples from the Educational Program of the Museum of Macedonia

Summary
Friends of Museums appeared at the same time when museums did. Material values, artistic achievements, the cultural value and the number of objects in the first collections, treasures (the forerunners of present day museums) depended, above all, on the generosity of donors. They began to get organized in societies only in the past century.

The article considers the involvement of friends of museums in the educational programs of these institutions. A specific example of the Museum of Macedonia has been given, in which donors and volunteers contribute in different ways to carrying out the assignments from the educational program. They also deserve to be given the credit for accomplishing the ideas of educators and the museum is showing its gratitude in appropriate way.

м-р Ирена Ружин
Завод и музеј, Битола

# Најмладата генерација - најголем пријател на музеите

Со оглед на ограниченото време, низ постери, проспекти и фотографии ќе ги презентирам искуствата на Завод и музеј Битола, односно начинот на создавање пријателства со учениците од Битола и од околните села. Ги прифативме сите совети од стручни лица од различни области, педагози, психолози, социолози и други, со кои постојано се консултираме. Знаеме дека човекот до својата човечка природа доаѓа во процесот на усвојувањето на културата како на свое неорганско тело, што е овозможено токму низ неговите средби и размени со други луѓе. Човекот е позависен од својата општествена отколку од физичката или биолошката средина зашто опстанокот и развојот на човечката единка се неможни надвор од неа.

Со воведувањето во правилата на општествениот живот и учењето како да се разбере начинот на живеење и однесување во својата средина преку нормите и улогите со кои се запознава, детето истовремено создава и сопствени мерила и критериуми за однесување.
Музејот како институција што е во служба на општеството и неговиот развој е отворен за јавноста и притоа ја користи секоја можност да послужи
како извор на едукација, а кого треба да го користат сите популациски групи или специјални групи на популацијата. Една од централните функции на музеите за оправданоста за постоењето на музеите е секако едукацијата.

Во согласност со програмите и одговорностите за таа намена се потребни професионални кадри со наобразба и вештина за изведување музејска едукација, но и голема љубов кон оваа работа.

Како што стои во кодексот за етика во музеите, ние имаме важна должност да привлекуваме нова и поширока публика од сите нивоа на општеството, заедницата или групи на кои музејот треба да им стои на располагање, како на индивидуите така и на општеството во целост и да им даде можност за нивно активно инволвирање во работата на музејот, но и во поддршката на неговиот развој, цели и политика зашто музеите се установи од посебен интерес и значаен чинител во остварувањето сестран општествен напредок. За музеите со право се вели дека се богат, моќен воспитен фактор.

Изложбите и поставките за презентацијата на нашето богато културно-историско наследство и нивната отвореност кон јавноста е важна цел. Автентичните содржини во музејот ги олеснуваат првите чекори на патот на истражувањето.

Денес училиштето излегува од стегите на затворен и изолиран информациски систем и воспоставува врски со институции и фактори што имаат дел со кој ќе помогнат во својата работа.

Иако учењето е процес што трае цел живот, во различни периоди на

децата им е потребна музејската наобразба што му одговара најдобро, а сепак не го имитира формалното образование.

Музеите добиваат постепено активна и офанзивна позиција и тесно соработуваат со училиштата и стануваат центри за едукација.

Голем е интересот на училиштата затоа што музеите го оживуваат и го збогатуваат процесот на учење. Учениците признаваат дека музеите сами по себе се многу возбудливи места каде што можат да се видат интересни нешта, кои во исто време се и најинспиративните и највредните средства за едукација. Учењето станува поприфатливо кога во процесот на учење предметите и уметноста се директно вклучени. Експонатите може да се видат одблиску, дури и да се допрат, да се доживеат  со сите сетила. Музеите и училиштата се приближуваат и соработуваат без чувство на подреденост. Во развиените замји одпоодамна постојат т.н. "детски музеи", подвижни изложби, курсеви, семинари и други форми на соработка: посети, предавања, практична работа и сл. Музеите учат на различен начин од училиштата. Тие ги стимулират сетилата и интелектот. Ги развиваат интелектот и креативноста кај учениците, како и моќта за анализа и набљудување.

Организирањето и спроведувањето интересни проекти на релација музеј-училиште за учениците  се прави  со цел со забава да се дојде до вистински информации и поттикнување на соработка со институцијата за совладување на материјалот.

Во нашиот музеј низ презентираниот материјал во археолошката поставка е отсликан континуитетот на живеење во овој регион, од праисторијата до доцниот среден век. Исто така, располагаме и со простор во кој преку целата година се одржуваат манифестации, изложби и други активности што се атрактивни и полезни за наставата по предметите историја за основните и средните училишта и урбана култура во средните училишта и др.

Анализирајќи ги наставните програми по тие предмети, во нашата установа неколку години наназад се спроведуваат проекти во кои се вклучени деца на возраст од 5 години (претшколски установи) сé до средношколски деца, од различна вероисповед, од градот и од околните села, како и деца со пречки во развојот. Во ваквите проекти се вклучуваат колеги од установата, стручњаци во различни области (археолози, архитекти, историчари на уметност, вајар, фотодокументатор и др.)

Контактите со училиштата се дел од секојдневната работа на нашата институција. Најчесто поминуваме многу време во разгледување на археолошката поставка, учиме, разговараме, поминуваме интересни моменти за подоцна низ работа со различни видови материјали (глина, глинамол, со кои ги доловуваме мајсторствата на неолитскиот мајстор, хартија во боја, камчиња за изработување мозаици, платно,  тесто, кое подоцна се слика со разни бои, конец-волница, употребен за имитирање на ткаењето на килимчиња како нашите стари мајстори, метал и друго). Проектите се реализираат на повеќе локации и локалитети во и околу Битола. Запознавањето со културно-историските споменици од најразлични периоди од профана и сакрална архитектура, старата чаршија и старите занаетчии, амбиенталната главна улица Широк Сокак со објектите со фасади од 19 век, во околните села, манастири и други споменици на културата. Во разгледувањето џамии, православни и

католички цркви, учениците учат за разликите, ги прифаќаат религиите со сите свои карактеристики и притоа го развиваат чувството за почит кон нив.

Не сакам да заборавам да споменам дека во текот на нашата работа имаме голема поддршка и од свештениците на нашите храмови и џамии, од граѓаните што живеат во некои од објектите што се под заштита, од занаетчиите во Старата чаршија и др.

Музејските работници даваат се од себе да учествуваат директно во







промовирање хармонија и да помогнат да се надминат разликите помеѓу заедниците во општеството.

Како последна фаза од реализацијата на едукативните проекти, со ракотворбите што ги изработуваат учесниците на проектот се организираат изложби на кои сите, без исклучок, земаат учество. Изложбите предизвикуваат голем интерес и посетеност не само од ученици, туку и од родители и други посетители. Искуствата на колегите од другите музеи што работат на едукација знаат какво е чувството да гледате стотина среќни детски лица на овие пригоди.

Од најинтересните моменти и локации правиме фотодокументација и видеодокументација од која ќе се прави документарен филм, гостуваме во емисии на медиумите, печатиме пропаганден материјал.
Тоа се само некои од нашите пријатели.

Секој од нас во Битолскиот музеј е свесен за сето ова дека, најбројни, највредни и најблагородни и најблагодарни посетители се учениците. Пријателуваме повеќе години, а во попоследниве, поинтензивно и поефектно.

Подготвени сме едукацијата да влезе во долгорочните планови на нашата институција. Секоја година подготвуваме нови стимулативни, креативни и интерактивни работилници со кои ги привлекуваме нашите најголеми пријатели - учениците.

Промоцијата на едукацијата е една од нашите приоритетни задачи зашто е таа всушност етика на музејските работници, а пријателувањето со учениците има непроценлива вредност.

Ви благодарам и ве поканувам да понесете со себе дел од печатениот материјал.

Irena Ružin, MA
Institute and Museum of Bitola
Republic of Macedonia

**The Youngest Generations - Greatest Friends of Museums**

Summary
The promotion of education is one of our priority tasks, because it is related with the ethics of museum professionals and being friends with pupils is invaluable. The museum is certainly an institution in the service of the society, open to the public. This institution is justly said to be strong and important educational tool. Museums gradually take active and efficient role and cooperate closely with schools, thus becoming centres of education.
Schools and museums get closer together and cooperate without one part being submissive to the other. Museums learn from schools in many different ways. They stimulate the senses and intellect, develop the creativity within school children, as well as their abilities for analysis and observation. The interest shown by school children is very big, since museums invigorate and enhance the learning process.
Organizing and accomplishing projects within the museum-school relation by the Institute and Museum Bitola are aimed at receiving the right information through fun and encouraging children to cooperate with museums for the purpose of easier learning the school curriculum.

Снешка Лакалиска
Музеј на град Скопје

# Комуникација и времеплов низ предметниот свет

Музејот е институција достапна за целата јавност во која публиката или единката може да воспостави интелектуален контакт преку предметите со минатото. Во реалноста предметите по својата вистинска суштина се немузејски, односно предмузејски, но со сместувањето како експонат во музејските збирки тие се стекнуваат со музеалност, со соодветно значење и симболика како "пример" или "образец" на својот вид. Предметите сместени во музејските поставки по правило се тука за да бидат гледани, достапни за набљудување, да послужат за учење, да го прошират и да го продлабочат видокругот на индивидуалната и колективната свест. Оттука, голем дел од посетителите секое слободно време го користат од постојаните поставки или од тематските изложби, зависно од степенот на својата имагинација, да продрат во сознанијата за некој друг свет поинаков од денешниот. На тој начин во нивната свест доаѓа до спротивставеност на двата света - минатото и сегашноста. Така, свесно или несвесно, тие стануваат пријатели на музеите. Факт е дека книгата е најголем пријател на човекот, но ако музејот со своите поставки го замислиме како една отворена книга, ќе видиме дека во него посетителот може да дојде до вистинските информации за одредени временски периоди. Секој еден предмет носи некоја порака и може да биде извор на комуникација, да го пренесе гледачот во своето време, во минатото и таа комуникација да се претвори во еден времеплов и низ предметниот свет да се пренесе во средината во која настанал, на тој начин да го открие степенот на интелектуалните достигнувања на луѓето од дадениот период, нивните знаења, верувања, обреди, уметност и да стекне целосна слика за нив.1

Времето од кое човекот треба да го открива тој свет е детската возраст. Како илустрација на оваа констатација би ја навела посетата на учениците од петто одделение од ОУ "Љубен Лапе", кои во Музејот на град Скопје дојдоа на час по наставниот предмет историја за да научат нешто повеќе за младото камено време - *неолитот* во Македонија. Експонатите од локалитетот Говрлево ја разбудија детската имагинација до совршенство. Нивниот разговор беше импресивен, вистинско доживување. Неолитското уметничко дело - идолот "Богинката Мајка" побуди интелектуални и емоционални чувства. Во нивната имагинација се создаде претстава за неолитската куќа што наликува на овој модел. Сознанието дека е тоа време на матријархатот беше одговор на детското прашање зошто нивните куќи добиле облик на жени. Потоа *аскосот* - садот во кој неолитскиот човек носел вода, за нив беше прототип на нивниот *ранец* во кој тие денес ги носат своите училишни прибори итн. Во овој случај музејот имаше информативна и едукативна функција. Благодарение на оваа ученичка посета се изроди едно ново пријателство од кое подоцна произлезе една нова комуникација со медиумите. Имено, со дел од овие деца беше снимена емисијата

"Сакам да бидам" за ТВ Телма, при што тие ја избраа професијата *кусшос.*

Посетителите што доаѓат на изложбите се многу отворени и мошне образовани, па според тоа се во состојба да ја следат изложбата користејќи ги музејските легенди како упатства за пренесување информации, меѓутоа голем дел интелектуално не се задоволуваат. Тие стапуваат во контакт со кустосот и поставуваат соодветни прашања. Во Музејот на град Скопје најзагадочен експонат за нашите многубројни домашни и странски посетители е "Главата на богот Дионис ", најдена во скопското село Јаболце. "Женскиот" лик, кој за нив е несвојствен за машка фигура, многу ги збунува. Откако во информативна смисла ќе дојдат до сознанија за хеленистичката уметност и за жаргонската изрека "маж со женска убавина", долго време стојат пред таа скулптура. Често ни се случува по извесен период некој од тие посетители да не побара и да ни образложи сé што во меѓувреме се потрудил да најде во литературата или дека купил книга за домашната библиотека. Тогаш настанува широка дебата, се разбира, проверка на сопственото знаење пред кустосот и експонатот што го разбудил неговиот интерес за уметноста на тој период.

Средновековните експонати, фрескокопиите, иконите и други предмети репрезенти на христијанската вера се истотака дел од најголемиот интерес на посетителите. Пред нив многу наши посетители бурно разговараат за библиските настани. Дел од нив се потсетуваат на посетите на црквите и многу настани околу верските празници и обреди. Повозрасните ни ги пренесуваат своите доживувања од детството за верски процесии во кои учествувале итн. Многу од посетителите пројавуваат интереси за некои предмети какви што се наоѓаат во нивните домови, љубопитно ги набљудуваат и ги споредуваат со изложените предмети. Најчесто се тоа икони и крстови. Тие ги носат на увид кај кустосот, се распрашуваат за потеклото, времето на настанувањето, стилот и исполнети со радост си заминуваат со сознание дека поседуваат и предмет со музејска вредност.

Во моето повеќегодишно работење во Музејот на град Скопје, имав можност да запознам голем број пријатели на музејот од разни возрасти и да им ги пренесам моето лично искуство и сознанијата што ги добивам во секојдневната комуникација со предметниот свет и нивниот јазик, да им ги пренесам пораките што ни ги оставаат тие низ вековите усно или писмено како траен документ за нашиот разговор. Некои пријатели на музејот прераснаа во мои лични пријатели и соработници. Еден од нив што неодминливо треба да биде споменат во контекст на ова излагање е конзерваторот на дрво и резбар Љупчо Ињовски. Комуникацијата со овој млад, неуморен истражувач и перфекционист во областа на применетата уметност, ми отвора нови хоризонти и ги надополнува моите сознанија од областа на историјата на византиската уметност.

Снешка Лакалиска

[1] Maroeviæ,I.,Uvod u muzeologiju, Zagreb, 1933, 85-88;

Sneška Lakaliska
Museum of the City of Skopje
Republic of Macedonia

**Communication - a Time-Machine for Traveling through the World of Objects**

Summary
The public or an individual, depending on the imagination, can establish intellectual communication with the past through museums and museum exhibitions. Every object conveys a massage and can became a source of communication, transcending the visitor in its own past time. This communication can turn into a time-machine can reveal the state of intellectual achievements of people from a given period, their knowledge, beliefs, rituals, art, etc. For this reason, contacts of visitors with the guide and especially with the curator are of great importance. Day-to-day communication of the curator with the world of museum objects and their language enables genuine transfer of massages that were being left throughout centuries.

Јорданка Матова
Завод и музеј, Охрид

# Пријатели на музеите - примери во сопствената средина

Убавиот Охрид со своето богато културно наследство, многубројните археолошки локалитети, црквите, манастирите, карактеристичната охридска архитектура, а пред сé луѓето што живеат во него, се со посебен менталитет и наклонети се кон убавото. Во Охрид има многу луѓе колекционери, собирачи на стари предмети, аматери-нумизматичари кои често наминуваат во Заводот-Музеј да се консултираат со стручните лица за предмети што претставуваат нивен личен интерес. Поттикнати од овие контакти многу нивни предмети со задоволство ги отстапуваат во етнолошкото, историското, археолошкото одделение, додека во одделението на современата уметност од секоја организирана изложба оставаат по едно уметничко дело. На тој начин фондот е зголемен со над 80 уметнички дела на познати и реномирани македонски уметници како што се: Кирил Урдин, Васко Ташкоски, Дарко Марковиќ, Вангел Наумоски, Клод Дервен од Франција и многу други.

Откога се отвори Народниот музеј во Охрид во 1951 година, од пријателите на овој музеј треба да се споменат: Вангел Деребан од Охрид кои на нумизматичкиот оддел му подари 50 парчиња турски сребрени монети од XVIII - XIX век.

На етнолошкото одделение Марија Паскали од Охрид му подари староградска женска носија од крајот на XIX век, а тоа го направи и фамилијата Хаџиеви.

Добре Чакулева од Охрид на музејот му подари лустер од XIX век, денес изложен во куќата на Робевци.
Лидија Поп Марковска подари ковчег и килим од XIX век.

Роса Стефаноска од Охрид подарила две пиротски килими од крајот на XIX век, а Татјана Карамешиноска подари клашеник - горна облека од селото Мешеишта, Охридско, додека Љубица Мишевска подари килим - софра од крај на XIX век.

Во етнолошкото одделение се направи Збирка од велигденски јајца собрана по пат на наградна игра "Избираме традиционално шарено јајце" во соработка со Радио Охрид. Во збирката ги има над 100 примероци, а од оваа година збирката се проширува со велигденски лебови и колачи.

Во етнолошкото одделение постојат и над 70 предмети од сребрен накит (прстени, белегзии и токи) подарени од пријателите на музеите кои на овој начин сакале да го заштитат убавото и својот идентитет, изработени низ вековите од рацете на Македонецот надарен да твори и создава впечатливи дела.

Во библиотеката на Завод и Музеј во Охрид вреди да се спомене оставштината од Фоти Масин, прв администратор во Охридскиот музеј. Фондот Фоти Масин се состои од 790 книги од XIX - XX век, периодични списанија и

весници од XIX - XX век, 150 документи. 1200 старопечатени книги го збогатија фондот на библиотеката преку донации на Пихон, бивш грчки учител од Охрид, Фоти Масин, Насте Савев, Асен Групче и др. Од општествените институции Собрание на општина Охрид подари фонд од НОБ и тоа над 100 дела, Институтот за старословенска култура од Прилеп - 50 дела и Градска библиотека од Охрид 41 книга и документи.

Има многу подарени предмети во археолошкото одделение и во другите одделенија чии донатори останале незабележани. Безбројни се и донаторите при изградбата на Светиклиментовата црква "Св. Пантелејмон" на Плаошник кои не се само од Охрид туку од цела Македонија и диаспората.

Во Охрид донации доаѓаат и од луѓе кои се посетители од други земји затоа што Охрид на некој начин знае да привлечи и магепса и на таков начин се осветлени Самуиловата крепост и црквата Св. Јован Богослов - Канео. Донатори секогаш имало и ќе има во уметноста.

Во оваа пригода сакам да ги споменам обичните граѓани на Охрид кои се вљубени во убавото, а еден дел од таа бескрајна нишка на ракотворби и пронајдени предмети секогаш завршува во депото и витрините на Охридскиот Завод и Музеј.

Jordanka Matova
Institute and Museum of Ohrid
Republic of Macedonia

**Friends of Museums – Examples from Our Practice**

Summary
Many donors and friends have donated valuable art works and museum objects to the Museum of Ohrid since its establishing in 1951.
Among the numerous friends of this museum is Vangel Dereban, the well known artisan from Ohrid, who still continues to work out silver jewellery in the traditional manner. The list of friend also includes the private company Foto Masin and some distinguished individuals from Ohrid, such as Naste Savev, Asen Grupce, Marija Paskali, Dobre ^akuleva, as well as many common residents of Ohrid who admire the beauty. Their selfless efforts and the endless number of donated handicraft artifacts and found objects have enriched the collections, depots and showcases of the Institute and Museum of Ohrid.



**II дел**

Советување на темите:

**Музеите и духовното наследство**

**Museums and Intangible Heritage**

**Етиката и музеите**

**Ethics and Museums**

Маврово / Mavrovo, 2004

Зоја Богдановска
Музеј на град Скопје

# Музејскиот предмет - жив трезор на духовното културно наследство

Според дефинициите за духовно културно наследство, усвоени на средбата на UNESCO одржана во март 2003 година, ова наследство претставува: "...научен процес кај луѓето заедно со знаењето, вештините и креативноста соопштени и развиени од нив, како и ресурсите, местата и другите аспекти на социјалниот и природниот контекст неопходни за нивното одржување; сите овие процеси обезбедуваат животни заедници со чувство на континуитет со претходните генерации и се значајни за културниот идентитет, како и за зачувување на културната шареноликост и креативноста на човештвото".1

Како последица на историските процеси, духовното културно наследство го изразува националниот идентитет на еден народ, а и шареноликоста на повеќе духовни културни наследства споени во едно низ текот на вековите.

Кога духовното културно наследство ќе добие материјална димензија изразена преку музејските предмети, ќе остане забележано во формата во која настанало и ќе биде зачувано како историско и културно сведоштво. Така, многу облици на духовно културно наследство ќе продолжат да живеат пренесени преку музејските предмети што ќе послужат како верни носители на информации.

Посебното значење на музеите како собирачи и зачувувачи на културното наследство е во тоа што тие од музејските предмети преку симболите и пораките го исцрпуваат духовното културно наследство што го носат предметите во себе и со нивната музеолошка обработка го подготвуваат предметот за изложување и презентирање, при што се води сметка предметот да биде претставен во неговите две димензии: материјалната и духовната. Подоцна, откако овие предмети ќе бидат јавно изложени, духовните пораки ќе бидат пренесени и на посетителите кои и на еден ваков непосреден начин го учат духовното културно наследство што не смее да биде заборавено од ниту една културна заедница.

Според природата на нашата работа, во однос на духовното културно наследство ја имаме улогата на пренесувачи и раскажувачи на истото тоа наследство. Тука е нагласена и суштината на врската меѓу музејот со музејските предмети, и културното наследство со пораките што ги носат тие предмети во себе. Тоа особено доаѓа до израз во една реченица искажана на истата средба: "Музејот креира своја култура преку овие процеси и помага да се создаде знаење и оттука културно наследство".2

Како ќе биде интерпретирана духовната културна димензија на еден музејски предмет зависи од нас, од нашата духовна наобразба, тесно врзана и обликувана од нашето духовно културно наследство стекнато во семејството во кое се раѓаме и се воспитуваме, а преку тоа семејство и со традицијата и општествените услови во кои живееме и се обликуваме како личности.

За да се зачува духовното културно наследство е важно да го согледаме и неговиот развој со текот на времето. На пример, одредени изрази како: богатството на обичаите, јазикот, песните, верувањата, легендите, свеста за припаѓањето кон одреден народ и култура и друго, со текот на времето се менувале, но секогаш биле дел од прапочетокот врзан за нашето минато и за духовната култура што несвесно преку генот ја пренесуваме од генерација на генерација. Токму тука ја наоѓаме разликата меѓу материјалното со одреден и непроменлив облик креирано еднаш засекогаш и духовнотото чии неограничени димензии и слободни форми на изразување дозволуваат негови промени и збогатување со текот на времето.

Како музејски работник, би се задржала на спојот меѓу материјалното, односно музејскиот предмет и духовното, односно на поракатa која ја носи тој предмет.

За пример ви претставувам еден музејски предмет што содржи во себе повеќе форми на културно наследство. Во него се споени двете димензии - материјалната и духовната. Станува збор за еден свиток-молитвеник3, кој потекнува од 1840 година. Како материјално културно наследство тој е мошне интересен: напишан е на крута хартија во облик на свиток, долга 423 см, а широка 10 см. Тоа е ракопис напишан со кирилско писмо, збогатен со мноштво цртежи. Според староста и реткоста предметот има висока историска вредност, и уште повеќе, вредност на историски документ, интересен за историјата на христијанската црква и религија. Интересен е исто толку и за многубожната религија на нашите предци Словените, како и за етнологијата, за јазичарите, за усната традиција, и сето тоа зачувано благодарение на материјалниот облик на духовното изразување - писмото. Луѓето отсекогаш се стремеле кон тоа своите духовни придобивки да ги овековечат, да ги зачуваат од заборавот барајќи притоа форми на изразување.

Меѓутоа, она што е важно за свитокот-молитвеник е неговата невидлива - духовна димензија, односно неговата содржина што ни ја пренесува основната причина за настанувањето на овој редок и според содржината историски документ преполн со пораки.

Ги содржи во себе следниве духовни културни димензии:

1. Етнолошката димензија:

Тука е дадено традиционалното верување, односно обичајот да се пишуваат свитоци-молитвеници. Тие се правеле толку долги колку што било високо детето за кое бил пишуван ваков вид свиток и тој потоа се виткал околу неговата половина како појас за заштита. Вториот дел од содржината на свитокот-молитвеник е долг 130 см, што значи дека детето кому тој му бил наменет било толку високо.

2. Паганската димензија:

Колку и да се менува еден народ, сепак одредени форми од прастарата духовна култура остануваат да живеат како одраз на флексибилноста на духовното културно наследство. Овој музејски предмет, на прв поглед преполн со христијански елементи, во себе содржи пагански мотиви како што се Вештерките и Мората - духовно наследство наследено од старите Словени.

Тоа можеме да го видиме на сл. бр. 1, на која горе во аглите пишува: "ово е о мора и о вештица".



Сл.бр.1

3. Христијанската димензија:

Поголемиот дел од содржината во свитокот-молитвеник го опфаќа Житието на св. Сисој. Нашиот народ во својот духовен развој често на одредени светци им давал заштитнички атрибути. Св. Сисој бил заштитник на децата и како таков останал запаметен во колективната свест на народот кој се повикувал на него секогаш кога требало да се заштити некое дете од несреќа или пак од болест. Жива останала легендата за животот на св. Сисој, а тука ни е прераскажан делот кога тој го фаќа ѓаволот и ги спасува своите шест внуци. Во свитокот-молитвеник на повеќе места се споменува и Богородица, како и серафимите и херувимите, а и многу фрагменти присутни во Библијата.

4. Испреплетувањето на двете духовни културни димензии:

Испреплетувањето на паганството и христијанството се согледува во начинот на кој е напишан зборот "Амин", кој го симболизира "почетокот" и "крајот". Тука христијанското "Амин" е напишано нечитливо бидејќи не смеело да биде прочитано од нечистите сили: Вештерките и Мората што се типично пагански, како и од сето она што сакало да му наштети на детето. Со својата моќ овој збор требало да го заштити детето за кое бил напишан свитокот-молитвеник. Претходно напишана е молитва по која следат криптограми, потоа името на детето (Петко) и на крајот следи нечитливото "АМИН" што мошне убаво се гледа на фрагментот десно на сл. бр. 2.



Сл. бр. 2

5. Симболи:

Сликовитото прикажување на содржината, односно на настаните што ги обработува овој предмет е духовната придобивка што тука претставува сплет од мноштво симболи кои се носители на духовни пораки. Мошне забележително е прикажувањето на крстот на повеќе места во свитокот-молитвеник (сл. бр. 3), прикажан со сета негова духовна димензија како симбол на верата. Особено е интересно неговото стилизирано претставување.



Сл. бр. 3

6. Суеверието:

Него го согледуваме од симболичното значење на тука прикажаните дрвја: Капината како ѓаволско грозје; Врбата како дрво на демонските сили и Маслината како благословено дрво (Сл. бр. 4).



Сл.бр.4

Ѓаволот, пак, е претставен и во своите други лица: како лав и мува (Сл. бр. 5)



Сл. бр. 5

7. Јазикот:

Тој е певлив и живописен, таков каков што бил користен од нашиот народ во минатото. Раскажувачки е, спонтан и мошне близок до старословенскиот. Тоа можеме да го согледаме од извадокот од текстот прикажан на сл. бр. 5, кој гласи вака:

"и сотвори сја диавол "и се створи ѓаволот

муха, и вниди кони
у копиту и вниде
внутре. Егда же
бист полуношт
и сотворисја диавол
јако врах или
јако лаф..."

мува, и му влезе на коњот
во копитото, и влезе
внатре. Кога пак
стана полноќ
и се створи ѓаволот
како враг или
како лав..."

*(текст од Сл. бр. 5)(превод)*

Кога ќе научиме да го слушаме говорот на предметите, и уште поважно, кога ќе научиме да го видиме невидливото скриено во прекрасните материјални сведоци, односно во музејските предмети, можеме да кажеме дека го извлековме од нив бесмртното духовно културно наследство. Посебната вредност на духовното културно наследство е во тоа што ова наследство е живо и е нешто што го создаваме постојано и непрекинато.
Имајќи го предвид претходно кажаното, музејските предмети со право можеме да ги наречеме живи трезори на духовното културно наследство.

Zoja Bogdanovska
Museum of the City of Skopje

Museum Object - a Living Treasure of Spiritual Cultural Heritage

Summary
Special importance of museums as collectors and protectors of heritage is that, through symbols and massages, they draw from museum objects the spiritual heritage they convey, and by museological treatment, museums prepare these items for presentation. In that, a big concern is given to displaying the object in its two dimensions, the material and spiritual ones. After these items are publicly exhibited, spiritual massages are being transferred to visitors, who learn in this indirect way more about the spiritual heritage, which must not be forgotten by any community.

The article considers an example – an 1840 prayer scroll, emphasizing its features, particularly its spiritual dimension.

[1] Giovanni Pinna, Intangible Heritage and Museums, ICOM NEWS, 2003, No.4, p.3
[2] Исто
[3] Свиток-молитвеник, Збирка на стари книги - ракописи (Музеј на град Скопје, Инв.бр.4814)

Јорданка Матова
Завод и музеј, Охрид

# Музејот во Охрид и неговата духовна култура

Во духовната култура на Македонците се зачувани голем број автентични карактеристики, што водат потекло од исконско време. Таа е исто така збогатена со вградување вредности од други култури со кои дошла во допир по пристигнувањето на предците на денешните Македонци на Балканскиот Полуостров. Практично, мошне е мал делот на надградбата во кој не се чувствува нивното влијание.

По напуштањето на паганството и прифаќањето на христијанската религија дојде до појавата на словенската писменост, што одигра епохално значење не само во духовната култура на Македонците, туку и во културата на поголем број словенски народи. Сето тоа предизвика еруптивен развој во многу области на духовната култура.

Рецидивите во сферата на семејните, правните и трудовите обичаи, еден дел од нив се интегрираа и беа прифатени од христијанската црква и соодветно беа адаптирани за потребите на оваа конфесија (на пр.: палењето на коледарските огнови; бојадисувањето велигденски јајца; правењето на ѓурѓовденските нишалки; иванденското берење лековити треви и др.) водат потекло од далечното минато.

Интеграцијата на старословенската духовна култура со културните слоеви на другите народи се почувствува во повеќе сфери, како на пр., во јазикот, народната астрономија, метереологијата, народната математика, народната медицина, во богатото усно, прозно и поетско народно творештво збогатено со нови и поуниверзални сижеа.

Од византискиот културен слој како продолжение на антиката и хеленизмот се наследија низа новини во сферата на ликовната народна уметност (особено во зографисувањето и копаничарството), во јазикот, антропонимијата и др. Во обичаите, посебно во оние поврзани со починатите, т.е. нивното некогашно кремирање како старословенски обичај беше заменето со поедноставното закопување во земја, како и суеверието што и пред тоа беше длабоко инкорпорирано во вкупната старословенска духовна култура.

Трагите од ориенталната култура беа посебно, силни главно меѓу Македонците што живееја во градовите. Тие пошироко се манифестираа во јазикот, односно во употребата на голем број турцизми од кои некои станаа трајна сопственост на литературниот јазик (адмирал, боја, гајда, душек, налани, оџак, ракија, сапун, шеќер и др.) Ориенталниот културен слој делумно се вгради и во усното народно творештво (пр. земање мотиви од ориентот), потоа во народното музичко творештво (главно во користење на музичките инструменти, зурлата, тапанот и др. жичени инструменти), во толкувањето природни феномени, како и во разни верувања обременети со низа нови суеверни манифестации (употреба на разни амулети, волшебни знаци, формули и слично.)

Охридскиот музеј е најизразит претставник во кој богатството од духовната култура го има во изобилство. Сите културни периоди од праисторијата, па сé до ден-денес оставиле богати наслојки, а тие сé уште се предмет на постојано проучување и откривање. Тука припаѓаат богатиот фонд на старопечатени ракописи од XI - XIX век, фреските, иконите, а пред сé народните обичаи што се предмет на постојани проучувања од кога е создаден музејот во 1951 година.

Најнов реализиран проект беше "Семејните и празнични обичаи во охридските села". Реализацијата на проектот почна во март 2000 година со делот за семејните обичаи (обичаи при раѓање, свадба и смрт). На проектот во 2000 година работеа Росана Наумоска и Рубин Земон, двајца дипломирани невработени етнолози и ги обработија семејните обичаи во повеќе охридски села. Реализацијата на проектот продолжи во 2001 година. На него работеа Марија Каневче, етнолог - раководител на овој проект, која ги обработуваше обичаите при раѓање, а Оливера Мишева работеше на обичаите при умирачка. Со теренските истражувања се собра еден богат материјал за семејните обичаи што не беше евидентиран досега. Со продолжувањето на проектот со коледарските обичаи би се заокружило едно големо поглавје од духовната култура што би било од големо значење за етнологијата во Охрид.

Етнолошкото одделение како дел од духовната култура на ова наше поднебје формира збирка на "Велигденски јајца" што претставува репрезент на традицијата по повод најголемиот христијански празник Велигден. Збирката секоја година се зголемува, а во 2003 година беше надополнета и со велигденски лебови. Иако се тие  материјални предмети, преставуваат најголеми сведоци за духовната традиција на нашиот народ.

На охридското поднебје кон крајот на XIX век и во XX век се појавија звуците на староградската музика, која со својата специфичност стана препознатлива како "охридска" и таа се негува до ден-денес. Најпознат нејзин претставник е Климе Садило со неговата тајфа "Садиловци", кои го ширеа звукот на песната низ охридските улици. За оваа музичка група постои богата документација во Музејот, а посебно е интересен инструментот во неговата група, т.н. "Персиска лаута", на која свирел Димко Карчев како член на тајфата Садиловци.

За Македонија, како и за другите балкански земји, XIX век е период во кој се појавува голем интерес за науката, за народот. За дејноста на браќата Миладиновци, за Григор Прличев и Кузман Шапкарев е познато во научната јавност. Интересно е да се спомене дека Заводот и Музеј од Охрид издаде повеќе дела во кои се зборува за духовната култура од овој крај. Едно од тие изданија е на д-р Драги Стефанија за "Викторија Поп Стефанија". Книгата преставува дел од репертоарот на народни песни, приказни, обичаи, поговорки, брзозборки и други народни умотворби што ги соопшти народниот уметник Викторија Поп Стефанија (1880 - 1977) во текот на својот долг живот. Друго издание е на познатиот охридски писател Димче Маленко "Охридска народна песна и приказна".

Овие се најновите и најкарактеристични моменти што се предмет на истражување во Заводот и Музеј во Охрид, секако со тенденција за нови постојани откритија и истражувања.

Jordanka Matova
Institute and Museum of Ohrid
Republic of Macedonia

## Museum of Ohrid and Its Spiritual Culture

Summary
In the spiritual culture of Macedonians numerous authentic elements have been preserved from the early of times.
The Institute and Museum of Ohrid is a prominent example of an institution taking care of the abundant spiritual culture that has been handed down to us from our ancestors. All the epochs in the evolution of the mankind from the prehistory till the present day have left traces in the numerous cultural layers. This outstanding heritage is still subject of researches and discoveries, including the rich fund of old manuscripts dating from the span of the 11$^{th}$ till 19$^{th}$ centuries, the collections of frescoes, icons and, above all, traditional customs, which have continuously been subject to researches.  since the establishing of the Museum in 1951.
The most recent project accomplished was "Family and festive traditions in villages of the Ohrid district".

Снешка Лакалиска
Музеј на град Скопје

# Споменичното наследство производ на човековиот дух

Културното наследство на македонскиот народ е одраз на неговата сопствена културна традиција, збир од вредности што тој ги создавал низ вековите на своето постоење. Едно од тие вредности е и споменичното наследство како изразит производ на човековиот дух што егзистира низ вековите. Народот во него го овоплотил сиот свој творечки гениј: филозофија - религија, градителство, писменост, уметност - сликарство, резба, оставајќи зад себе ремек-дела со енциклопедиско значење.

Според привремената дефиниција донесена во март 2004 година од членот на извршниот комитет на ICOM - Џовани Пина на средбата на UNESCO "духовното културно наследство е научен процес кај луѓето заедно со знаењето, вештините и креативноста соопштени и развиени од нив, производите што ги креираат тие, како и ресурсите, местата и другите аспекти на социјалниот и природниот контекст неопходни за нивното одржување; сите овие процеси обезбедуваат животни заедници со чувство за континуитет со претходните генерации и се значајни за културниот идентитет, како и за зачувување на културната шареноликост и креативноста на човештвото". Господин Џовани Пина идентификува три категории на духовното наследство. Во третата категорија ги вклучува симболичните и метафизичките значења на објектите што се создадени како материјално богатство. Метафизичкото/надреалното, натприродното - за Господ; за душата / .[1]

* * *

Македонија како ретко некоја земја е наследник на градби од сите историски епохи на целата своја територија. Како земја со православно религиозно убедување, Македонија обилува со мноштво христијански сакрални објекти од сите типолошки варијанти, со византиска естетика почнувајќи од ранохристијанскиот период до денес. Симболиката на христијанскиот храм - црквата, според духовните начела на религијата и материјалот од кој се градат одат во согласност со божјите закони, според кои "Црквата е центар на светот, таа е тело Христово распнато на крст, а олтарот е неговото срце".[2] Според религијата на спасот "Храмот е место каде што Бог слегува, место каде што се собираат верниците", а вертикалниот поредок на неговите елементи "основа и купола" треба симболично да го претставува издигањето на душите на праведните кон рајската градина, кон вечноста.[3] Понесени од исконската идеја за победа на животот над смртта, древните познати и непознати мајстори, живописци, зографи, копаничари ги украсиле своите богомолки со најубави фрески, икони, копаничарски творби, со што се сместиле во светската меморија преку (св. Софија, Охрид, св. Пантелејмон, с. Нерези, св. Спас, Скопје, св. Јован

Бигорски, над Радика итн.). Живописот и иконописот уште од најраните денови на христијанството претставуваат сликовито писмо наменето за широките народни маси што требале да ги спознаат начелата на новото учење, животот и страдањата на Исус Христос, за оној што ги понесол сите човечки гревови за да го спаси човештвото. "Иконите што се наоѓаат во храмовите служат за поучување во верата на оние што не знаат и не можат да го читаат Светото писмо"(Нил Смоленски В век), односно "тие за неуките претставуваат книги за оние што не умеат да читаат, да го видат сето она што е говорот за слухот." (Јован Дамаскин VII век).[44]

Црквата одиграла голема улога во зачувувањето и зацврстувањето на националниот идентитет на македонскиот народ. Во своето драматично минато црковните споменици преживеале многу бурни векови на ветрометината на историјата каква што ја имал македонскиот народ и својата убавина и вредност уште можат да ја подарат на новото време. Успевајќи да ги зачува од пропаст, нашиот народ влегол во кругот на цивилизираните и самосвесни нации. Музеите имаат особен однос кон архитектонските споменици, исто како и движните споменици тие се вреднуваат според староста, културната вредност, и уметничко-естетско вреднување на фрескоживописот, иконописот, декоративната пластика. Музеите подготвуваат документација за секој споменик поединечно со научно и историско интерпретирање, се изготвува архитектонска документација и фотодокументација, се печатат публикации за нив. Музејот креира макети, прави копии на фрески, ги прибира движните религиозни експонати од црквите и ги изложува во своите витрини. Постојат повеќе начини на претставување на ова духовно наследство пред граѓаните. Секогаш приказната на кустосот за дескрипцијата на споменикот мора да биде вистинита. Древните творби на надарените мајстори наменети за човечкото набљудување кога ќе се презентираат пред поширокатa публика, флуидно предизвикуваат радост, доживување и поттикнуваат повеќезначајно духовно овоплотување на тие дела. На тој начин се постигнува единство помеѓу историско-музејското значење на делата и неговите современи хуманистички културни и општествени функции и мисии.

На крајот можеме да заклучиме дека христијанското споменично културно наследство не може да се разгледува исклучиво како физички објект во просторот. Тој може да се разгледува и како духовно културно наследство одразено во христијанската уметност во црквите ( фрескоживописот, иконописот, резбата итн.) во која е овоплотено учењето за една религија и философија што го поврзува минатото со сегашноста.

[1] Миќуновиќ,Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази, Скопје, 1990,,372;

[2] Chevalier,J.,- Gheerbrant,A., Reènik simbola, III izd., Zagreb,1989,175; Миловановиќ,К., Гавриќ,Т.,Речник симбола, Народно дело,Београд,1994,512;

[3] Лилчиќ,В.,Гробни едикули и мавзолеи од античко време во СР Македонија, Историја, год.XXII, бр.2, Скопје, 1986,285;

[4]Вражиновски,Т., Македонска народна митологија, Скопје, 2002, 252 стр.;бр.2, Скопје, 1986,285;

Sneška Lakaliska
Museum of the City of Skopje
Republic of Macedonia

**Heritage as Product of the Human Spirit**

Summary

Christian temples
churches, although being part of the architectural heritage, also belong to the spiritual heritage, owing to the symbolic and metaphorical meanings they implicate. Macedonia as a country of prevailing Christian Orthodox population has in its territory sacral Christian structures of all typological variants from the Early Christianity till the present day, many of them showing high aesthetic features of the art.
Museums show extraordinary attitude to presentation of this human creation and spiritual heritage by working out architectural and photo documentation, models of churches, their description, as well as organizing exhibitions of movable reliquaries, publishing monographs, articles, various promotional material, etc.

Нада Андоновска
НУ Музеј на Македонија, Скопје

# Некои согледувања за користењето на терминот нематеријално наследство

Советувањето организирано од страна на МНК-ICOM со цел одбележување на Меѓународниот ден на музеите во 2004 година, на кое една од темите беше "Музеите и духовното наследство", поттикна кај мене одредени размислувања за користењето на теминот "нематеријално наследство". Имено, во контекстот во кој што беше замислено советувањето, а и во рамките на напорите што во разни меѓународни инстанци, вклучително и ICOM - Париз, се прават за подигнување на свеста за сочувување на овој вид на наследство, сметам ‘ека на македонски јазик многу поадекватен би бил изразот "нематеријално наследство".

На советувањето бевме сведоци на бројни излагања, од кои повеќето соодветствуваа на темата предложена од IKOM, или барем на она како таа тема кај нас беше поставена - "Музеите и духовното наследство". Сепак, моето мислење е дека преводот "духовно" формулиран на ваков начин не го опфаќа во потполност сето она што во себе го вклучува терминот "интангибле", кој во буквален превод означува недопирливо, неопипливо, а кој на англиски јазик се користи во терминологијата што се однесува на културното наследство како спротивставеност на терминот "tangible", кој најчесто се употребува во врска со материјалното наследство. Иако во терминот "духовно наследство" би можеле да се вклопат обичаите, традициите и верувањата, овој збор е сепак претесен за да може да ги опфати сите оние аспекти на културата и идентитетот на една заедница што не постојат во физичка и појавна форма, кои не можеме да ги допреме, но се длабоко вкоренети во нашата свест како реминисценција на нашето минато, традицијата, начинот на живеење. Овој сегмент на културното наследство на повеќето светски јазици се карактеризира како нематеријално наследство.

И покрај тоа што овој термин кај нас редовно е преведуван како духовно наследство и ваквиот превод најчесто е адекватен на импликацијата што истиот ја одразува во определен контекст, сепак не би можела да се согласам дека овој превод би требало да се користи и во рамките на оние, во последниве години се понагласени, тенденции за зачувување од заборавот с на оној аспект од наследството кој се однесува на социјалната култура, знаењето, умеењето, вклучувајќи го и јазикот и културата на етничките заедници.

# Етиката и музеите
# Ethics and Museums



Проф. д-р Кирил Темков
Филозофски факултет - Скопје

# Етиката и музеите

Грижата за човечките дела, особено за уметничките, како и за моралноста на човековите дела, има иста митолошка основа. Кога луѓето во старите времиња се труделе да ги објаснат смислата и силата на човечката креативност, тие замислувале божествени суштества кои во човекот ја поттикнуваат и ја одржуваат тензијата на творењето, ги опседнуваат и вдахновуваат луѓето да создаваат, и тоа според најдобрите принципи. Ним им дале прекрасно име *Музи*. Овие божици од планините, како повозвишени краишта, биле, се разбира, женски суштества, понежни и душевно помили, ќерки на врховниот Бог (Зевс) и на божицата на помнењето и на учењето, на духовната концентрација (Мнемосина). Тие нови божици на творењето и уметноста не биле резултат на единствен акт, на некаква скришна, украдена љубов, туку големите важни богови девет ноќи минале заедно за да ги родат. Дивиот карактер и дух на божиците ги скротил Аполон, богот на светлината, духот, умноста, философијата и убавината. Тој ги научил да пеат и да танцуваат, да дејствуваат полезно, а по селењето од една на друга планина, ги населил на возвишениот Парнас. Оттаму учествуваат во значајните настани на светот и во дејствувањето на одделните творци - го погребале мајсторот на музиката Орфеј, свиреле на најзначајните свадби, откаде потекнуваат бележитите луѓе и творци, биле учителки на најзначајните вештини на нивните историски создавачи (медицина, пророкување, правење музички инструменти...). Сигурно се **инспираторки и заштитнички** на сите човечки духовни активности: за љубовната реч (Ерата), за трагичната драма (Мелпомена), за реторството и епот (Калиопа), за историографијата (Клио), за духовното и религиозното творештво (Полимнија), за комедијата и веселата реч (Талија), за танцот и хорско творештво (Терпсихора), за астрономијата (Уранија) и за музиката и за убавата дума, за лирската реч (Евтерпа). Покрај тие девет изворни музи, ги имало уште: за грижата (Мелета), за мислата и помнењето (Мнема), за пеењето (Аеда). На музите им се благодарни сите свесни творци, зашто сакаат да им се заблагодарат за инспирацијата што им ја даваат на луѓето, за поттикнувањето на нивниот дух да размислуваат и да творат, како и за силата што им ја всадуваат да истрајат на патот на создавањето духовни вредности. Така е за сите видови духовно творештво кај луѓето. За етичкото творештво, за моралниот занес и желба за откривање на доброто и отфрлање на злото, како и за енергијата да се истрае во одбраната на етичките вредности, ценам дека е заслужна музата Евтерпа (во нејзината етимологија може да се најдат трагите на глаголите "давам радост", "развеселувам", но и "давам ред, ставам во ред"). Во различни времиња и кај различни луѓе други музи се позначајни, денес меѓу најзначајните е токму улогата на *Евтерпа*, која (треба да) н□ инспирира за љубов за правилното живеење, за избор на најдобрите патишта, за одбрана на

човечкиот живот и култура од трагичните закани и последици од лошите човечки дела.

Можеби во нашето сциентистичко и технолошко време не сме многу расположени никому, па ни на Музите да им ја препуштиме големата улога на инспиратор на човековиот дух и дејства. За нас, самиот човек е создавач на своите вредности и градител на својот морал. Меѓутоа, некаде скриено, од спиритуалната историја на човештвото се учиме како најголемите творци, создавачи на највредните човечки дела, верувале во Музите; зар животот би бил бележит и интересен без делата чијшто покровител се Музите?! Исто така, и сегашните најбележити откривачи на најголемите природни, социјални и духовни тајни, како и создавачи на нови производи, слободно се препуштаат на инспирацијата од Музите да ги води во нивните интересни и благородни дела за човештвото. Музите се мили, љубезни, пресретливи и дарежливи кон оној што ги сака, но не поднесуваат насилство кон нив и се одмаздуваат ако не се почитувани. Ако на Музите им се искажува почитување, тие ја наградуваат човековата душа со желба и со сила за творење, ако се подбиваме со нивната идеја и реалност, одмаздата е тешка и страшна за оној што мисли да твори (може да го загуби гласот и моќта за творење или Музите засекогаш да избегаат од неговиот видокруг, или боговите да го казнат за немањето свест да се восхитува од духот што го олицетворуваат Музите, да го предупредат дека треба да ги почитува Музите и да се моли да му бидат другарки и покровителки).

За почитувањето на Музите ни даваат пример најголемите творци и школи: Платон направил факултет (Академија) во парк, на место каде што се прославувале музите; истото го направил и Аристотел со својот Универзитет (Ликеј), кој бил полн со збирки на природни и човечки дела, кои сесрдно биле изучувани и толкувани; Епикур тврдел дека треба да се живее (најдобро се живее) под закрила на музите во градина, во духовен разговор со пријатели. Во Антиката насекаде поставувале статуи и собирале разни убави предмети за да се истакнат во љубовта кон духот и убавината. Познат е примерот на Александар, кој имал амбиција да го поврзе светот не само како држава и политика, туку и како размена на културните вредности; дали да се изгради град на науката и уметноста Александрија, каде што е создадена најпозната стара научна и истражувачка институција **Музеј**, во која било сместено сето познато светско знаење, организирана е најголема библиотека с#  до најновите дни и сместена е најголемата збирка на уметнички објекти од сите краишта на светот за да сведочи за ставовите и животните ориентации на луѓето.

Тоа единство на етичкото и естетското е карактеристично и денес како и во Антиката. Старите изградиле идеја за **калокагатија** (единство на убавината и добрината), за што пее *Сапфо* (според Платон, таа е една од Музите, а со тоа □ оддаде најголема чест на оваа прва поетеса на светот): "Кој е убав, на очите ќе им изгледа добар, кој е добар истовремено ќе биде и убав" (фрагм. 49). Еден од Седумте мудреци, Бијант, поучил дека убавиот треба да си го зачува ликот со доброто што го прави, а ако некој не е е убав, треба недостатокот на природата да го исправи со својата благородност (изр. 2). Така првите европски учители на мудроста, етиката и убавината ги поврзувале и ги пофалувале прелеста и возвишената арнотија. Затоа им правеле разни храмови на Музите. Најпознатиот е изграден од генералот на Александар и нов египетски крал

Птолемај Сотер. Идејата за споменатиот *Музеон* (= храм на Музите) е толку вредна и таа институција била толку блескава, што и денес со тоа име им се оддава почест на збирките на значајните човечки дела, посебно на оние што ја истакнуваат творечката димензија на човекувањето. Со тоа истовремено се пофалуваат и се бранат настојувањето да се твори, квалитетот на дејноста и достигнатите вредности, кои сведочат за доблестите на творците и на сето човештво. Затоа со право поновите градби и институции во кои се чува човечкото творештво се нарекуваат **музеи**, во чест на музите, кои го инспирирале создавањето на тие дела, им дале духовна вредност и натаму се покровители-заштитници на нивното естетско и етичко значење и зрачење.

Човештвото е универзална категорија, но конкретна. Од етичка гледна точка, во човештвото спаѓаат сите луѓе што живееле со своите животи и дела, сите што сега живеат и творат и сите што ќе живеат и ќе дејствуваат додека постои човекот и светот. Музеите се научна и социјална, етичка и естетичка институција за истакнување и запознавање на човештвото. Во нив се сместени артефакти од човечкото *минато* за да им помогнат на луѓето да ја градат *сегашнината* и да ги отвораат патиштата на *иднината*. Затоа музеите се различни во содржините и според тематиката, но тие се важни дури и ако се малечки, скромни во богатството на објектите и дури недобро суредени. Најзначајна е нивната идеја за поврзување на животот со духот и на моќта на луѓето за творештво со потребата за самосознание. Музеите ги исполнуваат легитимните човечки барања за уживање во природата, историјата и во човечките дела, како и за задоволување на самосвеста за вредноста на човечкото живеење и постапување. Тие се етичко-естетички објект за нужно морално и естетско доживување на човекот. Со тоа се неодминливи капитални институции за етичка и естетска изградба и надградба на личноста. Со тоа музеите спаѓаат во градби со хумана цел, чија содржина (седно дали е од природната историја или реалност, дали од политичката или популистичката историја или од човечкото творечко минато и карактер) спаѓа меѓу најзначајните човечки дострели, чии вредности му се неопходни на човекот за да ги задоволи и да ги изгради своите високи духовни потреби.

Музеите се, всушност, актуелни жртвеници на божественото почитување на уметноста и воопшто на човечкото творештво, како и основни училишта за светот и за човечкото минато, за човечките дела и за високите морални вредности. Во музеите, меѓу другото, може да се види прочуената двојка напоредно претставени антички философи како *насмеан* и *намуртен* мислител (Демокрит и Хераклит) и нема подобра лекција за разбирање на *оптимизмот* и *песимизмот*, од кои едниот кажува дека од сите неволји има излез, стига да се има позитивен дух, а другиот навестува постојана загриженост пред тешките природни случувања и човечки недела. Во музеите ги согледуваме творечките капацитети на нашите предци, кои знаеле исто како и луѓето денес да создаваат врвни дела, зашто ја имаат истата човечка заинтересираност за творење и личен талент за обликување; тоа н□ крепи дека не се завршени делото и егзистенцијата на луѓето, туку дека секогаш ќе има умни и добри творци, кои на луѓето ќе им го украсуваат живеењето и ќе го поттикнуваат животот за натамошен прогрес. Тој дух на *претставување на квалитетот* (без оглед од каде е и кога е создаден) и шансата да се *отворат*

*човечкиӣе доживувања за доблесӣиӣе* е суштина на музеите. Во училиштата и на универзитетите, во црквите и во медиумите, исто така се зборува и се учи за минатото, сегашнината и иднината, но таму има и други духовни задачи - во музеите тоа е основната задача. Во музеите естетиката, знаењето, културата и етиката се насочени директно кон **феноменот на човештвото**. И во музејот на страдањата, со претставувањето на логорите и на безмислосните убиства, музеите учат дека тоа не смее да се повторува. Музеите на практиката (како Германскиот музеј во Минхен, во кој се презентирани разните видови човечки дејности, и новите музеи на науката, каде што младите се радуваат на средбата со модерно обликуваните игри врз основа на научните законитости, и во музеите на разни човечки дела - чевли, автомобили, слатки и др.) говорат за вредноста на човечките дела и за нужноста од дејствување. Таквите и сите музеи се етичка работилница.

На таквата сложена и универзална естетска и етичка функција на музеите посочи Андре Марло, еден најзначајните културни дејци и теоретичари на современата епоха, кој ја истакна улогата на уметноста во осмислувањето на човечката акција. Како психолог и историчар на уметноста, тој го создаде прочуеното дело "Замислениот музеј" (Le Musée imaginaire, 1947), во кое изложи список и примери на најпознатите уметнички дела од сите епохи и од сите народи како прилог кон новата идеја на универзален свет со универзална етика, која натаму ќе ја разработи UNESCO, со избор на дела и градови како светска културна традиција и со активноста да се изгради и да се воведе Универзална етика на човештвото. Тоа не се две страни на еден медал, туку ист дух за единството на естетското и етичкото.

Затоа денес културите се мерат и според музеите, а во општата култура на еден простор и народ спаѓаат и другите институции - библиотеки, театри, опери, зоолошки и ботанички градини, разни галерии, со кои и низ чија дејност слично се почитуваат вредностите, се презентираат и се истакнуваат, со иста естетско-етичка функција како музеите. Во новиот философски дух се вградени и комплексните функции на комуникацијата и на разбирањето, како особени духовни цели и задачи на човештвото. Тоа е смислата на егзистен-цијалистичката философија како најадекватна за современите духовни тенденции, при што мислителите посочија на неопходноста од разбирање на себеси и на светот како услов за достојно човечко живеење. Кон тоа придонесуваат и значајните идеи на херменевтиката на Ханс-Георг Гадамер и на теоријата на информацијата и комуникацијата на Макс Бензе или на Умберто Еко, кои ја афирмираат смислата и задачата на **отвореното дело** (што, во принцип, треба да ја имаат сите изложени музејски примероци). Меѓутоа, еден голем философ од кај нас посочи дека музеите не може да ја преземат актуелната улога на уметноста, која таа ја има во своето време и морален систем, бидејќи во нив сепак уметничките дела се изделуваат од својот природен контекст и миље, сместувајќи се во еден нов амбиент и целина и добивајќи пред с# со дидактичка функција. Студијата "Уметноста и музејската естетика" на професорот Павао Вук - Павловиќ, создадена и објавена во Скопје во 1963 година, е оригинален светски придонес кон живата реалност на уметничката творба, чија автентичност има *свој* период, за потоа да стане прилог кон општочовечката културна традиција низ музејското експонирање (види во

книгата Павао Вук-Павловиќ, *Творештвото и музејската естетика*, Скопје, Метафорум, 1994, серија "Естетичка лабораторија", 1).

Музеите се, значи, живи и неопходни современи институции, со особени *функции*: културни, едукативни, научни; со особено *значење*: сознајно, социјално, политичко, економско, туристичко; со *етичка задача* да го унапредат чувството на луѓето за старините, за светот, за човечкото постоење и дејствување, за смислата на **општочовечкото**. Следствено, изворните функции на музеите се духовни, сознајни, истражувачки, како и морални. Иако делата изложени во музеите се апсолутно формални (претставници на својот *вид* и *род*) и обезвременети (истргнати од контекстот на настанувањето и постоењето), тие имаат нагласена содржина како претставници на соодветен вид, дејствување, стил и сл., нивната форма претставува стилизација на класичноста, а тие стануваат своевидно актуелни со толкувањата што им се истакнати за да значат нешто за денешнината и тоа токму поставени едни покрај други, градејќи нови врски со (општо)човечки релации и значења.

Музеите се значајна етичка институција, како и училиштата, кои ги учат децата на морал, како и медиумите, кои ги градат општата свест и вредностите на епохата. Во музеите се претставува човештвото (или некој негов дел) во својата најдобра форма, со блескав израз, со стил и дидактичка цел. Тие ја задоволуваат основната цел на човечката комуникација - изложената личност или објект говорат со цел да се воспостави заемен дух или единство на егзистенцијата ("Ние"). Субјектите-предметите во музејот немаат своја егзистенција по себе, тие се во функција на изнесување нешто, на објаснување некои аспекти од егзистенцијата и од човечкото дејствување, на упатување кон некои важни нешта за човекот, на изградба и всадување вредности. Сето ова се непосредни или посредни етички дејства, при што се афирмира доброто, одличното, правилното, корисното наспроти злото, лошото, неправилното, некорисното. Затоа и естетската функција во музеите, а каде-каде нивната историска, или социјална, или политичка содржина, се изворно етички.

Етичноста на музеите е сконцентрирана во неколку аспекти:

- "борба за живот" во смисла, најнапред, "борба против смртта" на изминатото, направеното, човечкото;
- охрабрување на човекот да се заинтересира за луѓето, за општочовечкото, хуманото, убавото, важното, доброто;
- афирмација на светот во секој вид (природа, историја, човечко живеење и дело...);
- изградба на интересирање и љубов за творештвото на луѓето во разни форми и жанрови;
- воспоспоставување култура (што е огромна, суштествена улога за заедницата);
- претставување на универзалноста на животот и на светот, што е вовед кон замислувањето, воспоставувањето и изградбата на Универзалната етика како морални вредности од најдобрите човечки идеи, норми и поуки од најумните луѓе од историјата и од сите народи (ова е посебна современа задача на УНЕСЦО);
- претставување на значењето на човекот и на човечкото (с□ во музеите насочува кон ова);

- поддршка и поттикнување на идејната, интелектуалната, духовната размена - особено со артефакти како човечки дела, што е изворна вредност на културата (така музеите се исклучителни општокултурни феномени);

- презентирање на етички замисли, намери, пораки, поуки (што е видливо и преку изложените објекти, дури и на тие од уметноста, а не само преку оформените толкувања во музејските поставки);

- изградба на правилен и префинет однос кон музејите и музејските артефакти (музеите се бележити градби, ја поттикнуват свеста за убавината на човечкото градителство);

- суптилна презентација - која препорачува (и учествува во изградбата на) цивилизирано, хумано однесување на луѓето.

Овие страни на музеите се директно етички интонирани и етички валидни, тие се особен придонес на музеите кон етичката самосвест, изградба и воздигнување на современото човештво.

Затоа етиката и музеите се блиски според духот и меѓусебно се крепат во градењето на новите човечки односи на *запознавање* на луѓето со сите аспекти на човечкото живеење и дејствување, со цел да се изгради *разбирање* на луѓето за светот и за животот и да се создадат и да се отворат *творечките потенцијали* на луѓето. Тоа се суштествените етички задачи на музеите - особено во новата епоха на промена на етичките парадигми, кога основни за луѓето стануваат вредноста и методот на **грижата**, која е базична идеја на етиката на музеите.

Kiril Temkov, PhD
Faculty of Philosophy, Skopje

**Ethics and Musums**

Summary
Ethics and museums are creations of the human spirit close to one another. Ethics stands for the goodness, museums bring to the fore the good acts of man. For that reason, the theme is hereby considered in cultural and historic aspects, incorporating also the actual creative dimension. Concerning history the most important reminiscence is that museums have emerged from the cult to Muses as goddesses of the spirit and creativeness. This synergy of the ethic and aesthetic is distinctive for museums, even nowadays, as it was in the Antiquity, the time when the concept of *kalokagitia* (unity of beauty and goodeness) ruled the lives of people. Museum is a scientific and societal institution adhering to ethics and aesthetics in comprehending and cognizing the humanity. Museums embrace artifacts from the human past to help people build up the present and pave the paths to the future. They answer the human need for enjoying the nature, history and for admiring creations of the man, satisfying also the self-consciousness of the merits in the human existence and action. They are ethical-aesthetic means of the essential moral and aesthetic experience of man. By this they have become inevitable capital institutions for formation and upgrading the personality. Museums belong to structures of humane

objectives, whose values are indispensable for a man to cognize and satisfy his high spiritual needs. This is the reason why the cultures are today valued, among others, by their museums.

The ethical in museums is recognized in several aspects:

- "faith in life" in the sense, above all, of "fight against the death" of what has passed, has been done, of humanity;

- encouraging one to take interest in people, in the human nature, in the humane, beautiful, important, good;

- affirming the world of any kind (nature, history, human life and accomplishment… );

- arousing the interest and love for the human creation in various forms and genres;

- establishing culture (which is an enormous and essential role of museums in the community;

- presentation of the universality of life and the world, which is an introduction to conceiving, establishing and building up Universal Ethics as concept of moral values arising from the highest human ideas, norms and advice of the wisest men of all peoples in the entire history (this is a special present day task of UNESCO);

- conveying the meaning of the human and humane (everything in museums points to this aspect);

- supporting and fostering of the conceptual, intellectual and spiritual exchange particularly through artifacts as creations of man, which is the original value of culture (in that sense museums are exclusive phenomena of general culture);

- presenting ethical ideas, intents, massages, morals (apparent through displayed objects, even through works of art, not only through elaborate interpretation of museum displays);

- building up proper refined attitude to museums and museum artifacts (museums are appealing edifices fostering the awareness of the beauty of architecture);

- subtle presentation that recommends (and takes part in building) civilized humane behaviour of people.

Museums are aiming at illuminating people with all the aspects of human life and acts for the purpose of achieving cognizance of the life and the world, as well as arousing the creative potentials of people. These are the essential ethical objectives of museums especially in the new epoch of changes in ethical paradigms, when basic for people become the value and method of *taking care* , which is the primary concept of ethics in museums in themselves.

Alexander Valchev
Bulgarian National Committee of ICOM

# Globalization and Museum Ethics

In general, we used to talk about globalization as an economic process. But the results thereof are much than economic and they comprise all fields of life. Furthermore this process affects all countries. No hermetic sealed spaces, "protected" by globalization. Moreover, it is natural consequence of the whole society development; it is historical dependent phenomenon. Andre Malraux, yet three decades ago, wrote the book of the imaginary museum - a remarkable took in the future. Then he emphasized that future generations, museums are designed for, shall live in a new by nature atmosphere. And each generation shall create a typical own environment. And museums shall be forced always to work in a new atmosphere and shall be a part of this environment. Hence the continues development of the museum institution itself in conformity with the more accelerating processes in the society development.
Javier de Cuellar points out in his book "Our creative variety" (1996) that both the environment and ecology have direct attitude towards sustainabte development. Similar outlook is also outlined with regard to the culture as a sustainable development factor. Museums, particularly, shall be forced to take this function. But, first of all, they should learn to operate in the conditions of globalization, to withstand the negative aspects, which it might bring for devastation of the national identity and individuality of nations.

According to UNESCO's data, 10,000 communities with individual cultural identity live in about 200 countries. But only few of them have the "power" to penetrate among other communities and impose their cultural identity- It should be considered that cultures are mutually penetrating. They do not have clearly defined boundaries and unified attitude towards religious, social, ethnic and political problems and different life aspects. Linguistic, ethnic and religious differences can coexist in one and same cultural environment. Namely, the richness of culture as a whole is included in this variety.

Globalization consolidates also the processes of penetration of some cultures into others.'But the power of cultures is not the same. And the people are placed into the same conditions of contact with the values exactly due to the communication means - cinema, radio, television, press, Internet, etc. The penetration result depends upon these means.

Balkan countries belong to the small communities, which have rich cultural and historical heritage crossing throughout the whole human development. There is a great variety as much as in material and spiritual aspect. Values have always been penetrating on the Balkans, but within the frameworks of neighborhood relationships. Now the neighborhood relationships are being changed by common planetary ones. And we should stress that the processes under globalization are not passing quietly and calmly. The reaction of distinguished cultures seems to be natural. And it is bilateral: on one hand, it is reacted towards the penetration of foreign culture, and the resistance power of identity is strengthened. On the other hand, we are witnesses of the appearance of new separating lines based on the group identity and the new wave of ethnic, religious and national contradictions provoked by them. This is a fight for identity under the conditions of globalization.

Naturally, globalization cannot be stopped. It is our planet's future because the scientific and the technical progress cannot be suspended. The question is how museums can save the richness of traditions and cultural identity of communities and how to participate with them into the world cultural coexistence. This is the key challenge we face at this stage. How to develop, through pluralism and tolerance, the mutual museum relationships; how, by means of our funds and wealth, to offer not only access to goods and services, but to participate into the establishment of understanding and imagination of the human being for protection of our cultural identity in the globalizing society.

Hence, we should turn to the established, ethnic code, approved by the General conference of ICOM. and apply it creatively to our Balkan conditions. First of all, this is a development of relationships, being clearly aware that we possess here not only millennial proofs of common human development, but rich cultural variety developed by different societies at the time.' And all these proofs, regardless of their location, have equal rights of existence and participation into the contemporary processes. And the coming generations are entitled to use this wealth and we are obliged to pass it on them in their completeness.

We should joint our efforts, according to art. 3.2 of the code for fight against the illegal trade with objects of museum significance, regardless of the society they are connected with and during which period of history. This is our common Balkan wealth.

We should expand our forms of communication with a view of development of museum institution in the spirit of the new time, for undertaking the challenges of the new millennium. Museum becomes more expensive, and more complicated, as an institution and means of cultural influence. Museums become more as type and profile, as specialization, as collections. The range of museum, traditional and modern, general and specialized, considerably expanded. And this also imposes expansion of both the forms of cooperation for qualification promotion of people, working in different museum units, and the specialized museum equipment. Traditional culture should not be the only basis of a museum institute. It should be creatively bound with modernism in the common sense of this term. The museum is designed for the contemporary, modern man used to the contemporary means of communication, knowing the contemporary science, having contemporary needs and our museum should satisfy exactly them.

Talking about communication within our region, I allow myself to make two proposals:

First. Similarly to the economic corridors, passing through our countries, to establish also our museum corridors, related to our cultural heritage, with tourist flows. This means elaboration of these "corridors" as integrated unit, mutually completing each other, in order to emphasize the variety of our heritage and our common place into the historic processes, and also as region of contemporary meaning.

Second. It is worth elaborating also a common concept of development of museum business within the boundaries of Sough Eastern Europe, as part of united Europe. And this should happen as soon as possible as part of our preparation for accession to the European family, as equal and significant part and parcel.

The matter I referred to is on a large scale. The future not only of museums, but our integration into the process of globalization in the field of culture, depends upon its solution.

Александар Влчев
Бугарски национален комитет на ICOM
Софија, Бугарија

**Глобализацијата и музејската етика**

Резиме
Во прилогот авторот го свртува вниманието кон процесот на глобализацијата чии ефекти се веќе добро познати и предвидливи во економијата, но кои имаат одредени влијанија во сите сфери на животот, вклучително и во доменот на културата.
Според UNESCO, приближно 10.000 заедници со свој посебен културен идентитет егзистираат на планетата Земја во речиси 200 држави, но само мал број од нив имаат "моќ" да продрат во други заедници и да ја наметнат својата култура. Особено на удар од непожелните влијанија на глобализацијата се малите заедници. Земјите на Балканот спаѓаат во оваа група и покрај тоа што поседуваат исклучително богато и разнолично културно-историско наследство. Низ современите текови на општествениот развој и комуникациската технологија, во овие земји меѓусоседските односи се заменуваат со планетарни релации. Во овие услови, мислењето на авторот е дека треба да се придржуваме кон кодексот на етиката, востановен и прифатен од ICOM, со цел надминување барем на дел од овие проблеми.
Освен тоа, авторот изнесува конкретни предлози за различни форми на заедничко дејствување на заедниците на Балканот во доменот на музејската дејност и заштитата на културното наследство.

Сашо Герасимоски
Факултет за туризам и угостителство, Охрид

# Етиката и музејската комуникација

## 1. Етиката во музејската комуникација

Своевремено Андре Малро пишуваше за "***музеи без ѕидови***"1 алудирајќи на своевидната затвореност на музеите кон општествената стварност, во т.н. "***криза на музеите***"2. Пред 40-тина години, еден друг Французин довикуваше дека ние на музеите гледаме премногу надворешно, без да ја откриеме нивната длабока општествена суштина, но и без тие длабоко да ни се откријат нам. "***Ноус девенонс суперфициелс!***" - "***Ние стануваме површини***", велеше Пол Валери3. "***Додека порано во музеј се одеше да се види нешто што веќе и предците го виделе на истото место, денес се оди да се види нешто што таму с уште не било видено***"4, правилно заклучува Ханс Белтинг согледувајќи дека она што му недостасува денес на музејот е едно поинакво општествено комуницирање, едно општествено претставување што ќе ги гледа музејските дела изложени во музеите како општествено посредувана и интерактивно создадена слика, како нешто што не било видено досега. Ова е директна последица на новите сфаќања на општеството, културата и на севкупниот општествен живот, кои во секоја смисла доживуваат длабоки преобразби. Пред сé, тоа се однесува на планот на сé поголемото отворање, ширење и демократизирање на основата на општествената стварност. Уште Рејмонд Вилијамс забележува дека "***релативно неоспорната висока култура беше генерално поместена во минатото, со извесни придружни и сопернички наследнички малцинства од дискретен вид, додека активното и делотворно малцинство ... решително се помести во генералното мнозинско подрачје***"5. Ова значи дека културата станува сé повеќе општествено претставена и општествено инволвирана, дека таа им се враќа на инхерентните општествени корени. Од сето ова отворање на музеите и на музејската дејност во целост, најголема печалба извлече етиката. Таа повторно доби можност да се врати на тронот од кој своевремено беше речиси детронизирана. Етиката сега почнува да се наметнува како директен производ на интензивните општествени интеракции, на општествената комуникација помеѓу различните нивоа на општественото претставување и музеите. Историски гледано, етиката различно се манифестира во музејската комуникација. Нејзината улога е непосредно детерминирана од епохата во која се наоѓа општеството и од неговиот степен на еволутивен развој. Така, видно се разликува етиката во музејската комуникација во традиционалното, модерното и постмодерното општество. Сепак, етиката настојува да ги задржи минималните апсолутни етички начела во обидот од нормирачка да не стане релативистичка. Иако, притисокот на општествената средина и на јавноста за себепретставување во текот на музејското комуницирање е голем, етиката грчевито се обидува да го задржи

темелниот нормативен постулат во поглед на минималните универзални етички начела.

Етиката, или уште попрецизно филозофијата на моралот, вклучува систематизирање, дефинирање и препорачување концепти за правилното или погрешното однесување6. Значи, етиката настојува однапред да го определи она општествено однесување кое се смета за правилно. Ова нормативистичко сфаќање на етиката е во судир со она што вели дека етиката треба ***постојано општествено да се реконструира, да се пресоздава***. Тоа секако е во насока на подобра општествена комуникација помеѓу етиката и различните општествени нивоа на претставување, но разбирливо и ги разнишува темелите на етиката како нормативитет. За музеите, ваквиот пристап на оддалечување од вообичаеното сфаќање на етиката и нејзината улога во музејската комуникација се доживува како можност за поблизок однос со јавноста и за нивно пошироко општествено прифаќање, но од друга страна, се стравува од губење на основните нормативни етички начела во процесот на етичкото конституирање и деконстриурање низ текот на комуникацијата помеѓу музеите и општеството.

Ако го сфатиме музејот како "***специфично средство на општествената комуникација***"7, тогаш разбирливо е етиката да се јави како насочувач на општествената комуникација на музеите, било да е таа интерна или екстерна. Етиката настојува општествената комуникација помеѓу музеите и комуникацијата на музеите со општествената средина да не ја тотализира, да не ја условува сеопфатно нејзината содржина, да не дозволи општествената комуникација да ја премине границата на минималното нормативно барање. Она кон што може да тежнее етиката во музејската комуникација се секако обидите за општествено интерактивно претставување на обрасците (вклучително и етичките) на поткултурите, но никако на противкултурите.

Етиката во музејската општествена комуникација е всушност барање за поголема општествена инклузија, обид музеите да ја одразуваат вистинската, интерактивно создадена општествена стварност, а не некаква гола, некритички сфатена теорија на одразот, не на некаков социјалистички претставувачки општествен повик, ниту пак на теоретски социологизам на дело. Всушност, концептот за општествено вклучување на музеите произлегува од западната музеолошка мисла. "Во последните две години ***терминот општествено вклучување е широко усвоен иако е често погрешно употребуван во рамките на секторската музејска политика и реторика во Велика Британија. Изворно разбран од многумина едноставно само како синоним за пристап или за развој на публиката, сега постои растечко признавање дека предизвиците презентирани со агендата на вклучување се всушност многу позначајни, а импликациите пофундаментални и далекосежни***"8.

Музејската комуникација се труди етиката да ја постави како насочувач, како компас, како генерално минимално упатство за општествено комуницирање. Најзначајниот производ за успешноста на оваа ваква етичка музејска комуникација е општественото разбирање.

## 2. Етиката и интерната и екстерната музејска комуникација

Зборот комуникација е од латинско потекло (цоммуницатио) и означувал размена, соопштение, пренесување или врска, често заедница или учество во некое општествено дејствие9. Тесно поврзан со поимот на комуникацијата е и ***процесот на воспоставување на значењата***, кој се среќава во сите општествени ситуации10. Де факто, општествената комуникација се случува во рамките на општествената интеракција бидејќи општествената интеракција е поширок поим од општествената комуникација11. Општествената комуникација е само дел од симболички формализираната општествена интеракција што ги создава општествените значења разбирливи за општествените учесници во неа. Затоа комуникацијата како интелегибилен формален носител на општественото конструирање на стварноста најчесто се зема за облик на општествено креирана стварност, за репер за успешноста на меѓусебните општествени односи. Етиката има цел музејската комуникација непречено, општествено прифатливо, разбирливо и соодветно да се одвива, во интерес на страните на таа општествена комуникација. Од една страна се музеите со сиот свој персонал, а од друга страна општествената стварност, претставена со различните барања за општествено презентирање на различни општествени нивоа: индивидуално, општествено-групно и социетално (на ниво на целата општествена заедница). Оваа музејска комуникација треба да се одвива во целост според меѓусебните барања на учесниците на комуникацијата. Тоа значи дека таа е постојан реверзибилен процес, процес низ кој постојано се обликува и се преобликува општествената стварност.

### **а)** ***Етиката и интерната музејска комуникација***

Етиката се манифестира на повеќе нивоа на музејско комуницирање. Потесното ниво се однесува на интерната музејска комуникација. Таа ја опфаќа музејската комуникација помеѓу членовите на музејскиот персонал или на колективот, како што се вели во ***Кодексот на етика за музеите***, но се однесува исто така и на комуникацијата со вработените од други музејски установи. Во оваа смисла на зборот, ***музејската етика е една форма на професионална етика***12. Иако кај интерната музејска комуникација етиката е помалку подложна на влијанијата на општествената интеракција однадвор и останува во рамките на придржувањето кон тесноспецијалистичкиот етички кодекс, сепак и тука општествената комуникација го пробива патот кон соодветно етичко внатремузејско комуницирање што носи белези на општествено конструирана симболика и значења. На крајот на краиштата, и музејските професионалци со себе носат добар општествен багаж од екстерните општествени интеракции и комуникации што не може во целост да го отфрлат во името на специјалистичката етика, па така и интерната музејска етика во интерното комуницирање носи печат на општествено констриурана и реконстриурана етика. Во ***Кодексот на етика за музеите на ICOM***, во делот за ***Професионалното однесување***, кај одделот ***Општи принципи***, во точката за ***Етичките обврски за музејските работници***, се вели дека "***да се биде вработен во музејот ... е обврска на јавен сервис што подразбира голема одговорност***"13.

Ова значи дека и интерното музејско работење и комуницирање подлежат на етичка одговорност кон општествената јавност иако таа тука не е директно присутна. Исто така, општествената димензија на интерното музејско комуницирање не може да ја избегне внатремузејската, професионална етика, чија успешност зависи токму од свесноста, прифаќањето и дејствувањето во согласност со општествените барања што вработените ги носат со себе во нивните секојдневни комуникации. "***На тој начин***", како што цени Беате Вилд, "***музејската работа ќе стане социокултурна работа***"14, ослободена од прекумерниот товар на модерното тесноспецијалистичко и професионално-етичко сфаќање.

***б) Етиката и екстерната музејска комуникација***

Екстерната музејска комуникација се отвора кон широкото поле на општествени контексти и интеракции што ја конструираат општествената стварност на различни нивоа и бараат во музеите облик на свое општествено презентирање. Тука, етиката е изложена на силните удари на постмодерниот етички и културен релативизам, во кој општествените значења континуирано се менуваат. Како што може да се забележи, овде одредени општествени вредности бараат потврда на својата смисла за постоење во постоењето и дејствувањето на музеите. Се бара самоидентификацијата на општествените групи што своите "***општествени вредности ги ставаат во преговарачки односи со другите луѓе***"15, со луѓето од другата страна на музеите. Општествените нивоа на претставување сакаат да бидат сигурни дека нивните општествени претстави на општествената стварност се навистина, реално презентирани во музејот. Тоа своевидно преговарање, како што го нарекува Арјо Кламер, ги дава општествените значења што се плод на комуникацијата и ја дефинира етиката на музејската комуникација до степен кога нивната усогласеност е претпоставка за каква било општествена комуникација или поширока општествена интеракција. Затоа, карактерот на етичката улога во екстерната музејска комуникација треба да биде сообразен на видот на општествените интеракции и комуникации што ги наметнуваат општествените заедници, групи и единки. Музеите мора да се поставаат во насока на општествена инклузија, а не на ексклузија, нивниот однос треба да биде етички одмерен, внимателен и општествено насочен. Во споменатиот ***Кодекс на етика за музеите***, ова се споменува во делот ***Професионално однесување***, одделот ***Професионална одговорност кон јавноста***, во точката за ***Односи со јавноста***, каде што се вели дека "***музејските работници секогаш треба да ја третираат публиката ефикасно и љубезно и треба навремено да реагираат на сета кореспонденција и барања***"16.

Етиката како наука за моралот е плод на општествените интеракции и комуникации во кои таа се вреднува и се превреднува исто како и ***моралот, кој како општествен дискурс и практика се состои од општествени процеси17*** што се разлизираат, меѓу другото, и во сферата на екстерната музејска комуникација. Екстерната музејска комуникација повеќе не може да биде локализирана, туку општествено сеприсутна. Отворањето на музеите денес е толкаво, што етиката која го насочува текот на таа комуникација и во голема

мера го определува успешното професионално и општествено дејствување на музеите, како што укажавме понапред, се наоѓа пред искушението од етичка релативизација. Групното определување на етиката и на моралот може да доведат до крајна нивна деинституционализација, што ќе рече до морал и етика за секоја група на определено ниво на општествено презентирање и до отсуство на општоприфатлив заеднички морал. Во таа смисла, секој си го задржува своевидното право да ја интерпретира и да ја преинтерпретира општествената стварност во секој нејзин сегмент. И, како што предупредува Зигмунт Бауман,"***токму патот од една интерпретација кон друга, а не патот од грешката кон вистината е она што вознемирува***"18.

Опасноста од етичкиот релативитет во општествената комуникација воопшто и во екстерната музејска комуникација посебно, денес постои како замена за модерниот етички догматизам, замена за апсолутизирањето на етичките принципи и нивното пледирање на етерналност. Заслужува на крајот да укажеме каква етика во музејската комуникација треба да се смета за успешна, со оглед на расчекорот во кој се наоѓа современата етика; помеѓу нормативизмот и релативизмот?

### 3. Етиката во остварувањето на успешна музејска комуникација

Ако некаде со мугрaта на индустриската револуција може временски да се лоцира "***појавата на музеите***" и ако во екот на модерноста настапи т.н. "***криза на музеите***", како што милува да ја нарече Белтинг, тогаш денес слободно можеме да речеме дека се назира, ако не е веќе и почната, "***обновата на музеите***". Но овојпат станува збор за една специфична обнова, за ***општествена обнова***, со која музеите настојуваат да го добијат своето заслужено место во општеството, да ја играат улогата што ја бара од нив општеството и да го подигне општиот степен на општественото разбирање. Се чини дека во денешниов општествен миг, етиката го претставува оној дел од нормативните творби на културата што е најсоодветен на предизвикот на соодветното општествено вклучување, претставување и разбирање. Ова од причина што законските општествени норми се наметнуваат со својата крутост и ригидност, а обичајните општествени норми се премногу традиционални за да одговараат на денешниов општествен склоп. Етиката, пак, настојува да апелира на свеста на високосвесната општествена единка и да се приспособува на критериумите за етичкото што ги конструира општествената заедница на различни нивоа преку системот на општествени интеракции и комуникации.

Етиката свесно се создава и се пресоздава во системот на општествените интеракции и во општествените комуникации. Ете затоа етиката постојано мора да биде на иста бранова должина со општествените барања на различни нивоа на општествено претставување. Долната шема (бр. 1) ни ги покажува различните етички концепции и различните нивоа на општествено претставување и идентификација што се создаваат со музејската комуникација. Гледаме дека традиционалната и постмодерната етика се сфаќаат неинтерактивно и некомуникативно во однос на различните нивоа на општествено претставување. За традиционалната етика карактеристична е

колективната содржина на цврстите етички начела кај кои најголемиот дел од општеството е исклучено, па не наоѓа никакво претставување или идентификација. Нему овие начела му се туѓи, музејот го гледа како затворена институција. Некакво поместување имаме кај модерната етика, но и таа во голема мера ги исклучува општествената комуникација и општествената инклузија на различни нивоа на општествено претставување и идентификација. Тука музеите на строгата колективна етика □ ја придодаваат и тесноспецијалистичката музејска етика. И овојпат најголемиот дел од општествената јавност не е интерактивно вградена преку музејската комуникација и не може да влијае врз одредена музејска етика. На крајот доаѓаме до постмодерната етика, која пак прави голем исчекор кон општествено конструирана етика на различни нивоа на општествено претставување и идентификација, но овојпат завлегува во друга опасност, во стапицата на моралниот релативизам. Таа настојувајќи музејската етика да ја ослободи од пресилните стеги на етичкиот нормативизам и музејот драстично да го отвори кон општеството, ги отфрла основните етички универзални принципи и со тоа се однесува како од тој момент да почнува етиката. Се разбира, ова претставува значителен чекор кон општествено отворање и интензивна музејска општествена комуникација иако стремежот треба да се регулира со минималните универзални етички начела што универзално постојат во општественото време и простор. Етичкиот релативизам, всушност, игнорира дека извесните етички принципи (кои најверојатно се засновани врз човечката природа) се универзални и древни ако не и вечни[19]. Но, како да се дојде до еден прифатлив модел на музејска комуникација во која етиката ќе биде вклучена во насока на постигнување повисок степен на општествено разбирање што фактички би бил основниот показател за успешноста на таквата општествена комуникација?

Општеството е човечки производ. Општеството е објективна реалност[20]. Тоа е плод на општествените интеракции и на формализираните општествени комуникации и с□ што е нивен производ може да се цени за општествено. И музеите на некој начин се општествени институции, покрај тоа што, се разбира, се и научно-стручни. Така, секое отуѓување, секое оддалечување или секое затворање на музеите и на нивната дејност кон општеството претставува негација на сопственото постоење. Оттука, една од основните тенденции на развојот на музеите и нивната улога во општеството е нивното отворање кон јавноста[21].

Денешниов општествен миг бара поголема општествена инклузија на музеите што во најголем дел може да се постигне со интензивна општествена музејска комуникација и една општествено конструирана етика што ќе произлегува од тие интеракции и комуникации и која ќе има задача да ја олеснува, да ја регулира, канализира, насочува и да ја динамизира музејската комуникација во насока на повисок степен на општествено разбирање и намалување на општествената дистанција.




***Шема бр.1. Различни етички концепции и различни нивоа на општествено претставување и идентификација со музејската комуникација***

На крајот, ќе го дадам шематскиот приказ на она што може да се нарече своевиден модел на вклучување на етиката во остварувањето на успешна музејска комуникација. Од изложената шема (шема бр.2) јасно се гледа дека општествените контексти што се општествено сеприсутни ги даваат различните нивоа на општествено претставување: индивидуалното, групното (дискурзивното) и социеталното (нивото на претставувањето на општествената заедница). Основна претпоставка на моделот за остварување успешна музејска комуникација, а тоа е општествената, е музејот да претставува општествена институција. Кога тој тоа е, тогаш се разгледува вклученоста на двете различни етички концепции; онаа силно нормативизираната што го инкорпорира во музејската комуникација само социеталното ниво на општествено претставување и онаа општествена етика што е општествено констриурана врз минимални универзални етички принципи и која ги инкорпорира сите нивоа на општествено претставување: индивидуалното, групното (дискурзивното) и социеталното. Во левиот дел од моделот, гледаме дека првиот етички концепт не овозможува непречена општествена музејска комуникација. Таму, како резултат на етичката некомпатибилност со улогата на музејот на нивоата на

општественото претставување во комуникацијата се јавуваат пречки и се оневозможува комуникацијата. Резултат од оваа неуспешна музејска комуникација е зголемувањето на општествената дистанција помеѓу музеите и општеството, а тоа е демонстрирано со отсуство на повратна врска кон општествените контексти што се важни за заокружување на системот на општествено интерактирање. Во десниот дел од моделот гледаме, пак, дека општествената етичка концепција непречено доведува до општествена музејска комуникација. Резултат од ваквото вклучување на етиката во музејската комуникација е подобрувањето на општественото разбирање и повратната врска со општествените контексти, со што се заокружува системот на општественото интерактирање.




***Шема бр.2 Приказ на моделот на вклучувањето на етиката во остварувањето на успешната музејска комуникација (десно) и на несупешната музејска комуникација (лево)***

Заклучоци

The museum in Kazanlak is one of the many examples for establishing a local museum. After ten years of constant hard work it was established by Petar Topuzov, who is also the founder of the first regimental museum in Bulgaria. He established it in 1901 on the basis of his own collection. Later on, the exhibition was opened at the community and library centre “Iskra”29. The society in Kazanlak supported him and till the end of 1901 were donated 804 museum objects. Since 1905 the museum is part of the community and library centre “Iskra”. Besides, for the development of the museum were donated 25 502 leva.30 The big support given from the society encouraged Petar Topuzov and in short time he made the museum in Kazanlak the leading one in Bulgaria, not having in mind the state museums. That’s what his says in the

beginning of the inventory book: “The received monuments in this museum can not be moved or sent anywhere else because they were donated with great enthusiasm…”31

Donationship is the main code of Ethics in museum work during its whole development. For example Leon Filipov from Veliko Tarnovo buyed the Konstantsalieva house in the village of Arbanasi, because it was in danger of throwing down. He restored it with his own financial resources and then donated it to the museum. Nowadays the ethnographical exhibition “The popular customs in Arbanasi”32 is displayed in this house. Leon Filipov donated to the museum in Veliko Tarnovo his collection of models of mediaeval and Revival churches , public buildings and private Revival houses, ceilings, gates etc., and also his home house33. In this way he proved that the virtues from the Revival period are still in the spirit of the Bulgarians. Among the greatest donators of the museum in Veliko Tarnovo during the period between the two World Wars were Nikolai Pavlovich, Veneta Boteva, T. Krastev, D. Petkov, Paskal Paskalev, the photographers Hristo h. Petrov, Tsanko Haralampiev and many others.34

Nowadays when moral values are in “danger of extinction”, donationship still exists. Most of the examples for donations are in the National Historical Museum.

In 2006 in Bulgaria will be celebrated 150 years since the beginning of the museum work in the country. It began in the years of the greates spiritual and patriotical uplift – the period of the Bulgarian Revival. The most specific thing in the establishement of the Bulgarian museums was that they were made at the typical Bulgarian cultural institution – the community and library centre. There were no national state that’s why the Bulgarians established secular schools and community and library centres through donations. That’s the way they developed their national education and culture and established the first museum collections. This was possible because of the Christian virtue, that was turned into basic code of Ethics during the Revival donationship.

[1] П е т р о в, П. и В. Гюзелев. Христоматия по история на България. С., 1978, т. II, с. 204

[1] И с т о р и я славяноболгарская собрана и нареждена Паисием иеромонахом в лето 1762, С., 1914; История славяноболгорская. Под ред. на П.Динеков. С., 1955; Вж. и Паисий Хилендарски и неговата епоха. Изследвания по случай 200-годишнината на История славяноболгарская. С., 1962

[1] А п р и л о в, В. Е. Съчинения. С., 1968, с. 160

[1] Пак там, с. 281-284

[1] Пак там

[1] Ц о н ч е в, П. Из общественото и културно минало на Габрово. Исторически приноси. Габров, 1996, 2. изд., с. 394

[1] Вж. Златна книга на българските дарители. С., 1935

[1] Д ж о н е в, В. Към въпроса за зараждането на музейното дело в България. В: Юбилеен сборник 100 години народно читалище в Свищов. С., 1957, с. 317

[1] Ч е м ш и р о в, Б. Читалището в Свищов преди Освобождението. Юбилеен сборник на читалището. С., 1931, с. 42

[1] Ч и л и н г и р о в, С. Възраждането чрез читалищата. В: 1 000 години България. С., 1928, с. 667

[1] М а н ч о в, В. Няколко думи за свищовското читалище, в-к Народ, бр. 17, 31 март 1879

[1] Турция, бр. 49, год. II, 11 юни 1856

[1] Х р и с т о в, Г. Музейни сбирки при читалищата. Музеи и паметници на културата, кн. 1, 1968, с. 53

[1] С и л я н о в с к а, Т. Основи на музеезнанието. С., 1972, с. 155 и сл.

[1] Д ж о н е в, Б. Към въпроса за зараждането на музейното дело в България. Паметници на културата и музеи /по-късно - Музеи и паметници на културата/, кн. 4, 1957, с. 12

[1] С и л я н о в с к а, Т. Цит. съч., с. 157

[1] Пак там, с. 159

[1] В а к а р е л с к и, Х р.  Г.Данчов, един живописец на българския бит в миналото. в-к Зора, 13 октомври 1940

[1] Право, бр. 14, 18 юни 1873

[1] Македония, бр. 12, год. I, 18 февруари 1867

[1] Независимост, бр. 43, год. III, 14 юли 1873

[1] Читалище, бр. 10, год. IV, 15 май 1874

[1] Д ж у м а л и е в, Г. Исторически очерк за библиотеката при читалище "Д.Войников" 1856-1956. Юбилеен сборник 100 години народно читалище "Д.Войников" в Коларовград 1856-1956. С., 1956, с. 61

[1] А п о с т о л о в, П. Поява и развитие на читалище "Постоянство" в гр. Лом. Юбилеен сборник по случай 100 години културен живот в Лом. С., 1961, с. 98

[1] Р а д о н о в, З. Интересът към българските старини през Възраждането и създаването на първите музейни сбирки. Изв. БИД, т. 28, С., 1972, с. 85

[1] Пак там

[1] М а ж д р а к о в а - Ч а в д а р о в а, О. Засилване на интереса на българското възрожденско общество към родните старини(30-те – 50-те години на XIX в.). Институт за балканистика. Studia Balkanikca. 22. култура и общество II. С., 1994, с. 218

[1] Дунав, бр. 1076, год. XII, 6 юни 1876

[1] Т о п у з о в, П. Казанлъшкия музей за старини и изкуства. Юбилеен сборник 50 години от Освобождението на Казанлък. С. 1928, с. 197 и сл.

[1] Р а д о н о в, З. За възникването и първоначалната дейност на Казанлъшкия музей (1901-1944). Музеи и паметници на културата, 1978, кн. 1, с. 54

[1] Пак там

[1] П о п о в а, Сн. Дарителството – стара българска традиция. В: 110 години музей във Велико Търново. Информационен бюлетин, ОНС – В.Търново, 1981, бр. 3, с. 13

[1] Леон Филипов достига преклонна възраст. Той умира на 96 г. през септември 1976 г. Цялото си творчество заедно с родния си дом на ул. "Кифалов" 11 дарява на Историческия музей (сега РИМ) във Велико Търново. Сега цялата колекция е експонирана в къщата-музей в родния му дом и в музея "Възраждане и Учредително събрание"

[1] Б ъ ч в а р о в а, Н. Държавната културна политика и проблеми на музея при читалищи "Надежда" във Велико Търново (1871-1945 г.). Известия на Историческия музей – В.Търново, т. VIII, 1993, с. 66

д-р Симеон Недков
Универзитет "Св. Климент Охридски"
Софија, Бугарија

**Донаторството - главен етички кодекс**
**во востановувањето и развојот на бугарските музеи**

Музеите во Бугарија биле востановени кон средината на XX век. Донаторството е едно од најголемите достигнувања на музејската дејност во Бугарија од нејзините почетоци с□ до денес. Сите колекции во периодот на Преродбата настанаа како резултат на донации. Оваа преродбенска традиција наследна е од градителите на новоослободена Бугарија. И покрај тоа што државата почнала со востановување национални музеи, поголем дел од музеите се всушност формирани во локалните заедници или во библиотечните центри како резултат на донации.
И денес, во време на транзиција, кога државата не е во можност да ги обезбеди потребните финанскиски средства за збогатување на музејските фондови, донаторството повторно претставува главен извор на обезбедување нови музејски предмети за колекциите. Високите етички норми во времето на бугарската преродба претставуваат основа за денешната традиција на дарување донации. Тие се предуслов за идниот успешен развој на културата во Бугарија.

Лилјана Христова
Завод и музеј, Битола

# Ликовните колонии и етиката

Човечкото расудување помеѓу крајностите на позитивните етички постулати во уметничкото опстојување на моменталната реалност треба да претставува сериозна одредница (патоказ), определена со крајно нелимитираната слобода на современиот свет. Затоа, прашањето за моралната димензија во сите пори на живеењето денес претставува сериозна тема на голем број собири што ги опфаќаат севкупните односи на човечкиот фактор со збиднувањата кои го опкружуваат.

Стремежот за слободно изразување на уметничката мисла претставува основа за поставување одредени етички норми при воспоставување релации со уметноста, уметничкото дело, уметникот и институциите-носители на културните настани.

Моралните вредности во културата претставуваат основна нужност за егзистенција, осмислување и давање соодветна насока за сите еволутивни движења воопшто.

Во ерата на етиката кога се тежнее кон единствен морален систем на најдобри вредности од сите времиња и народи конципирани врз разновидни идеи и создадени врз основа на етичко самодостоинство и почитување на сите подеднакво, тие вредности би требало да ги воедначат етичките однесувања во сите домени на културното живеење и да помогнат за подобро меѓусебно разбирање.

Во нашето секојдневие често зборуваме за непишани етички норми со кои секојдневно се сретнуваме. Прашање е дали тие би биле подобро применети ако бидат напишани и ако строго дисциплинирано се применуваат. Ликовната уметност е царство на слобода на творечки идеи. Во современата уметност кога с□ е дозволено без ограничувања, поставувањето норми од каков било вид може да претставуваат сопирачка за творечкиот чин. Но, поставувањето етички норми во културната политика, во период на промена на системските принципи, секако би требало да има примарно место и значење.

Во време на техничко-технолошки прогресс, во еден комплексен систем во кој се востановува често експлоатираниот термин "глобално село" на планетата, без чувство за простор и време, ликовните колонии остануваат затворена форма на процесот на креативно творештво во која се исклучуваат секакви надворешни влијанија. Остануваат само уметникот (со својата идеја и нејзината ликовна транскрипција) и завршниот резултат на неговиот умствен и мануелен труд. Повеќето научни собири и јавни дискусии на кои главно и основно внимание им се посветува на ликовните колонии (на пр.: Прилеп, Струмица...) ја потврдуваат потребата за разменување мислења за проблемите, прашањата, смислата и одговорите поврзани со нивната подобра егзистеција.

За подобро да се разберат аспектите на согледување на ликовните

колонии и нивните правила на однесување во целокупниот општествено-политички систем и за да ги сместиме во одредена форма, ќе ги разгледаме нив одделно.

Ликовните колонии, кои се наметнаа како потреба и процес на социјализација на современата мисла, (процес на динамизирање на строго контролираниот уметнички живот), добиваат нова форма на егзистирање на денешните услови на економски, општествено-политички и темелни промени во севкупното живеење, еден нов систем што наметнува и нови етички однесувања и прифаќања.

Ликовните колонии се појавуваат како форма на самоорганизирани групи на ликовни уметници во текот на 19 век (Назарени во Австрија - 1809; Прерафаелитите во Англија - 1843; Передвижники во Русија - втората половина на 19 век), кои го искажуваат својот револт кон закоравениот академизам. Главни протагонисти, иницијатори и двигатели се самите уметници. Подоцна се појавуваат и првите вистински ликовни колонии и сликарски школи, организирани од богати мецени со цел да оформат "напредни" уметнички концепции (Барбизонската школа со Теодор Русо (1847); Уметничката школа во Нов Дахау и уметничката колонија во Ворправеде кај Бремен, со проф. Адолф Хенцел (1888); потоа во Шкофја Лока, Наѓ Бања (1895); Солнак (1899); Геделе - Будимпешта (1901); Кечкемет (1911); Закопане и Пороњин (почеток на 20 век); Сиќево (1904) и други. [2]

Најголема експанзија ликовните колонии на просторот на социјалистичка Југославија доживуваат по Втората светска војна благодарение на културната политика која изнајде нов облик на собирање на ликовните уметници. Појавата на првите колонии во Македонија (Струмица, Прилеп, Ресен, Куманово) во времето на своето појавување имаа наполно животворно дејствување. Покрај државните институции за ликовна уметност, тие претставуваа нови центри на уметничкиот живот во кој се вршеше проток на нови ликовни струења и се воспоставуваа нови потреби и навики, кои со текот на времето трпат содржински и концепциски промени. Сместени во простори далеку од цивилизациските циркулации на животот (главно, манастирски конаци, селски и рурални средини) до периодот на т.н. "транзиција" претставуваа одраз на централниот авторитет на еднопартискиот систем. Поимот "Ликовна колонија" суштински беше поврзан со основната цел за обопштување и приближување на ликовниот творец на една нова средина во која ја приспособува својата инспиративност на својот стилско-ликовен третман. Позади овие асоцијации стоеше општествено-политичката заедница и работната организација.

Со текот на времето се јавува хиперпродукција на ликовни колонии, а развојот на општествените околности до интернационализација на поголем дел од постојните и формирање голем број нови: Дебарца, Кичево, Гевгелија, Македонски Брод, Белчишта, Дојран... Одреден број новоформирани колонии немаа дефинирана физиономија, па затоа згаснуваа со појавувањето или, пак, немаа никакво естетско-социјално влијание врз средината. Од друга страна, некои од нив се афирмираа со креативни програми и автентичен начин на работа, што претставуваше услов за солидно егзистирање и следење на современите светски ликовни движења.

Со процесот на демократизација, обликот на колективно собирање веќе

добива заморно и надминато значење. Системот на финансирање ја нема истата основа. Приватниот сектор многу тешко издвојува средства за културни настани што во голема мера не ги разбираат доволно или тие претставуваат голем финансиски "залак" кој законски не ги верификува и не ги олеснува неговите вложувања во културната политика на земјата. Со самото тоа се наметнува едно мошне значајно прашање: Кои се личностите што основаат ликовни колонии?

Финансиер на ликовните колонии денес може да биде секоја единка. Тоа се (не само ликовни уметници) личности од разни профили, професии како: стопанственици, политичари, доктори, литерати, историчари на уметноста, галеристи и др. Тоа се личности од две крајности: големи вљубеници во ликовната уметност или бизнисмени. Првите ги интересираат креативните, ликовно-естетски достигнувања на уметниците, додека на другите најважен им е комерцијалниот аспект и добивката што би ја имале од нивните експонати. Во поново време, како финансиери на колониите се јавуваат и разни невладини асоцијации кои со своите средства бараат почитување на креативната слобода (ограничување на тематскиот избор или стилско-ликовната и техничка обработка), напуштање на традиционалните сфаќања и воведување во тековите на глобалистичката свест.

Основната смисла на ликовните колонии е создавањето трајни збирки на уметнички дела за кои треба да постојат услови за нивна презентација и комуникација со публиката. Во таа смисла се наметнува проблемот на избор на ликовни уметници кој се врши повеќе спонтано, инцидентно или со добра волја на организаторот. Хиперпродукцијата на ликовни колонии во Македонија наметна појава на еден автор на повеќе колонии во релативно мал територијален и временски простор, а често и повторување на учеството на одреден уметник. На тој начин колониите од авангардни уметнички иницијативи прераснуваат во интервенции за социјална поткрепа, се разбира со чест на исклучителните напори на одделни реализатори кои се стремат кон следење на прогресивните уметнички движења во светот. Продукцијата на хетероген, квалитативно неодреден фонд на дела е резултат на фактот што не постојат јасни, долготрајни критериуми за учество.

Основно, наполно оправдано залагање на ликовните колонии претставува создаденото културно богатство. Судбината на големиот фонд на уметнички дела е прашање од професионална и од морална природа, а се однесува на посебната грижа на организаторите, соодветната документација, валоризација и презентација, односно на стручната верификација на резултатите од "колективната" работа. За жал, независно од добрите желби и воспоставените критериуми за грижа околу колекциите, во практика, голем број од нив се препуштени на расипништво: подарување на финансиерите, давање на "реверс" или создавање на "фонд за комуникација", со што голем број од нив во неодреден момент и на одреден начин исчезнуваат. Се поставува прашањето за пласманот на создадената продукција. Неоспорно е дека организаторите со мали финансиски давачки се стекнале со многубројни уметнички експонати, но од друга страна хиперпродукцијата ја намалува и онака ниската цена на уметноста. Непостоењето на законска регулатива за работа на колониите подеднакво доведува до ситуација голем број уметници да се чувствуваат "искористени",

наспроти тие што престојот во колекцијата го искористиле за лична сатисфакција. Приватните иницијативи за ликовни колонии веќе имаат свои предвреме зацртани цели: вложување во ликовни креации и нивно оттуѓување на пазарот. Односот меѓу авторот и колонистот се воспоставува со договор на понуда и побарувачка. Во овој случај колекционерството од претходниот вид може да сеземе предвид ако финансиерот има лична корист. Во секој случај, пазарот ја има примарната функција.

Денес колониите мора да се формираат според ориентирите на денешното време и да работат со јасно дефинирани планови и програми кои ќе претставуваат носители на креативно нови промени во поврзувањето на уметничките дела со средината. За формите на организација и дејствување на ликовните колонии во Македонија разговарано е на повеќе јавни трибини, советувања, тркалезни маси, а свои ставови имаат презентирано повеќе историчари на уметноста: Соња Абаџиева - Димитрова, Златко Теодосиевски, Небојша Виликј, Гордана Јанеска, Бранко Пепиќ и др. Предлозите се најразлични: колониите да работат во сојуз; да се организираат работилници за време на одржувањето; да се одредат селектори-кустоси кои целосно ќе ја осмислат програмата на колонијата (која би била условена од крајниот резултат - изложбата) и тие да се менуваат секоја година; основачите на колонии да поседуваат сертификат (лиценца) за формирање колонија; збогатување на колониите со нови форми на ликовен говор; интерактивност помеѓу публиката и аворите; редуцирање на квантитетот за сметка на квалитетот; познавање на вештините на уметничкиот менаџмент и пазарното комуницирање; проширување кон нови медиуми (видео, компјутер...), остварување културен идентитет во локалната заедница, културен развој на регионот и интеркултурна соработка.

Основните карактеристики на овие ликовни манифестации во период на хиперпродукција ги опфаќаат етичките принципи поврзани со транзициските промени:

- бегството од анонимност на авторите е заменето со бегство од летаргија;
- создавањето фондови на уметнички дела за постојани галериски простори е заменето со фондови за повремени изложби и изнајмување дела во институциите на власта;
- прикажувањето на уметничките вредности во голем број случаи е заменето со документарна вредност на концептуалистичките мисловни идеи на авторите.

Како непромената вредност останува расположението на уметниците за размена на искуства што овозможува трајни пријателски контакти без разлика на стилско-ликовната или верската и националната припадност.

[1] Кирил Темков, Зошто и како да се учи етика, Културен живот 1/2003, Скопје 2003

[2]Бошко Бабиќ, Осврт кон уметничките колонии и нивното значење низ историјата, Сликарските и скулпторските колонии во Југоисточна Европа, Прилеп 1998.

Милета Продановиќ, Ликовните колонии на пресвртница, Сликарските и скулпторските колонии во Југоисточна Европа, Прилеп 1998.

[i i]Гордана Бабиќ, Традицијата и иднината на ликовните колонии во Србија во функција на продукција, промоција и пласман на современата уметност, Сликарските и скулпторските колонии во Југоисточна Европа, Прилеп 1998.

Liljana Hristova
Institute and Museum of Bitola
Republic of Macedonia

## Ethics and Art Colonies

Summary
Art colonies that emerged as necessity in the process of socialization of the contemporary thought, a dynamic process in the strictly controlled art life, have obtained new form of existence in the current circumstances of profound economic, societal and political changes, a new system that also imposes new ethical conduct.
The basic objectives in establishing colonies at the time of hyper-production of these art manifestations involve ethical principles associated with transitional changes. Elusion of lethargy became substitution for breaking up the anonymity. Creating art works for permanent displays in galleries was replaced by composing art funds for temporary exhibitions or for giving on loan to governmental institutions. In most cases displaying art values was replaced by recording the documentary values of the artists conceptualist ideas and contemplation. The invariable merit still preserved is, however, the artists desire for exchange of experience, which gives rise to life-long friendships, regardless of the artistic and stylistic affinities, or religious and ethnic affiliation.

Николина Адамовиќ
Музеј на град Белград, Србија и Црна Гора

# Етичкиот аспект во конзервацијата, реставрацијата и реконструкцијата на предметите од музејските археолошки збирки

На почетокот на излагањето, би сакала да се потсетиме на основните етички конзерваторски стандарди прифатени од ICOM, Меѓународниот институт за конзервација (IIC), Европското здружение на конзерватори-реставратори (ECCO) и другите релевантни институции и асоцијации, кои се применливи во конзервацијата на уметничките и археолошките предмети што им припаѓаат на приватните или на музејски збирки. Нив би ги свела, најкратко, на следното:

· *Почитување и зачувување на физичкиот, историскиот, археолошкиот, уметничкиот и естетскиот интегритет на предметот*
· *Претходни анализи и истражувања*
· Документирање
· *Принципот на реверзибилност*
· *Максимален стандард за секој поединечен предмет (тн. сингле стандард)*
· *Свест за ограничувањата во естетската реинтеграција*
· *Усовршување, едукација и публикување*

Применувањето на овие стандарди во конзервацијата и интерпретацијата на археолошкиот материјал не е секогаш едноставен збир на процедури, третмани и истражувачки постапки што може да се спроведат само со постоење на интеракција *археологија - конзервација*. Всушност, секое археолошко истражување претставува деструктивен процес.

Со ископувањето и разместувањето на артефактите се губи нивниот археолошки контекст, кој останува забележан само во теренската документација. Со испитувања и анализи, а потоа со конзервација и реставрација на археолошкиот материјал се добиваат значајни податоци што овозможуваат понатамошни истражувања и интерпретирања само во синтеза со теренската документација. Затоа во планирањето и почнувањето на секој археолошки проект конзервацијата треба да се подразбере како нејзин составен дел.

Етичките кодекси, востановени од некои археолошки асоцијации, се преплетуваат со општите етички принципи во конзервацијата на археолошките предмети. Конзерваторските стандарди се вклучени и во современите етички пристапи во музејската дејност, бидејќи нивната примена и почитување значајно се рефлектираат врз формирањето на музејските археолошки збирки, изложбената дејност и врз другите видови публикување, истражувачка работа, музејска едукација и педагогија.

Конзервацијата, како основна дејност на институциите за заштита на културните добра, претставува оска на општата музејска етика и практика, па со тоа и одговорноста и улогата на конзерваторот е од особено значење за правилното разбирање и толкување на музејските предмети. Во таа смисла

посебно треба да се истакне одговорноста кон пошироката јавност која е најизразита кога е во прашање изложувањето на третираниот предмет.

Во широката јавност с□ уште постои конфузија во правењето разлика меѓу конзервација, реставрација и реконструкција. Бидејќи еден од значајните етички принципи при излагањето на третираните предмети е да се напомене дали предметот е реставриран или реконструиран, од големо значење е јасното дефинирање на овие поими. Конзервацијата како термин е можеби најмалку проблематична, бидејќи е многу распространета и едноставно може да се дефинира како директно дејствување на предметот со цел да се запре и да се забави влошувањето на состојбата на предметот. Кога е во прашање реставрацијата, во оптек се повеќе официјални и неофицијални дефиниции. Реставрацијата, како термин многу сродна на репарацијата, буквално би значела повторно воспоставување, т.е. обновување и како поим во конзервацијата може да се дефинира и како естетска реинтеграција на предметот чија цел е да се олесни нејзиното разбирање. Општоприфатената дефиниција, која постои во поголем број етички кодекси на професионалните асоцијации, гласи:

*Реставрацијата ги подразбира сите акции што се преземаат за да се модификуваат постојниот материјал и структурата на културното добро, со цел да се репрезентира нивната претходна состојба и да се зачуваат нивните естетски и историски вредности, почитувајќи ги постојниот оригинален материјал и прецизното евидентирање на нивната состојба пред третманот.*

Поради тоа што секоја пообемна реставрација на одреден начин подразбира и делумна реконструкција и поради тоа што во јавноста често постои недоразбирање кога престанува реставрацијата, а кога почнува реконструкцијата, со воведување на терминот како што е "делумна реконструкција" при презентирањето и публикувањето на така третираниот предмет, подоследно би се испочитувал еден од многуте важни етички принципи. Овој термин на посреден начин се споменува во општоприфатената дефиниција на реконструкцијата која гласи:

*Реконструкцијата ги подразбира сите акции што се преземаат за повторно да се моделираат, во целина или делумно, елементите на културното добро што недостасуваат, врз основа на историски, литературни, графички, сликани, археолошки и други научни извори. Нејзината цел е подобро разбирање на предметот, при што може да биде вклучен и неоригинален материјал.*

Во конзерваторската терминологија се појавуваат повеќе неофицијални поими, во зависност од степенот, т.е. обемот на реставрацијата и реконструкцијата, меѓу кои се на пр.: *делумната реставрација* или *реконструкцијата на можниот изглед.* Бидејќи не е можно терминолошки да се стандардизираат сите финеси што се јавуваат во процесот од конзервација до реконструкција, секој конзерватор, со почитување на основните стандарди, се определува за најадекватната терминологија со која во јавноста ја презентира својата работа. Значи, при реставрацијата и реконструкцијата на археолошкиот материјал, покрај почитувањето на општите конзерваторски етички стандарди, постојано треба да се имаат на увид сеопштите музеолошки етички аспекти. При изборот на видот и степенот на третманот пресуден критериум не треба да биде целта поради која се презема реставрацијата или реконструкцијата било да е во прашање изложбена поставка, дополнување на типолошките целини во рамките











на збирките или подобро разбирање на предметот во рамките на студиските збирки.

Тоа значи почитување на тн. *синḡле* стандард, т.е. изнаоѓање на најадекватниот третман за секој предмет, без оглед на неговото значење и целта на реставрацијата. При одредувањето на обемот на реставрацијата треба да се има свест за ограничувањата, но и за можностите. Ако не располагаме со доволен број податоци, третманот не треба ни да се почнува само за да се задоволи естетскиот критериум. Во тој поглед треба да се води сметка и за можноста за делумно излагање на парцијално реставрираниот предмет или во краен случај на рекоструирана копија. Таканаречените "делумни реставрации" се често во функција на дополнително стабилизирање на предметот, а воедно се и во функција на основните визуелни претстави на неговиот изглед. Делумните реставрации ја отвораат можноста на дополнително вградување на оригиналните елементи. Впрочем, во археолошката практика не е реткост во наредната истражувачка кампања да се пронајде клучниот дел од предметот што е веќе делумно реставриран, а со чие вградување со поголема сигурност може да се ремоделира неговиот автентичен изглед. Затоа, во вакви случаи, е повеќе од неопходен

еден од најважните етички пристапи во конзервацијата - принципот на реверзибилност. При реконструкцијата на археолошките предмети посебно доаѓа до израз свеста за ограничувањата во естетската реинтеграција, вештина и компетенција. Тоа подразбира темелна подготовка во која се собираат што е можно поголем број податоци, пред с□ археолошки, потоа оние што се врзани за посигурни типолошки аналогии, познавање на автентични технологии, техники и орнаментални стилови, како и неопходната соработка со кустосот на збирката. Значаен дел од подготовката, како составен дел на конзерваторската документација, треба да биде што попрецизната графичка реконструкција.

Сопствените искуства во пронаоѓањето на решенија во реставрацијата и реконструкцијата на археолошкиот материјал би го презентирала на примерот на зграфито-садот од средновековната збирка во Музејот на град Белград.

Зграфито-керамиката е распространета на територијата на Византиското царство во периодот од ЏИИ до ЏВ век. Садовите зграфито од збирката во Музејот на град Белград, во поголем број, потекнуваат од Белградската тврдина и се датирани во времето на деспот Стефан Лазаревиќ (ЏИВ и ЏВ век), чија резиденција се наоѓа на овој локалитет. Овие луксузни трпезни садови ја претставуваат целината, како по местото на наодот, така и по начинот на изработката и украсувањето. Во однос на византиската зграфито- керамика се издвојува, пред с□, со својата специфична орнаментика. Дека е во прашање локално производство, зборуваат и наодите на грнчарската опрема во рамки на затворената археолошка целина.

За овие зграфито-садови може слободно да се каже дека претставуваат исклучителни примероци на применетата уметност. За жал, без зачувана архитектонска целина од овој средновековен период, движниот археолошки материјал на овој локалитет е во силно фрагментирана состојба што е последица на големите воени разурнувања на кои била многу често изложувана Белградската тврдина. Затоа беше неопходна обемна реставрација и реконструкција на овие садови, за да се создаде појасна слика за српската,

односно белградската зграфито-керамика, која несомнено постоела, а зачувана е крајно фрагментарно.

На посочениот пример направена е обемна реконструкција што е обележана како реконструкција на можен изглед. Кај овој сад зачувана е приближно една осмина, а од автентичните елементи недостасува стапка. Претходно беше неопходно да се направи графичка реконструкција на формата, т.е. профилација и на орнаментот (сл.1), при што покрај прецизното мерење од големо значење беше зачувувањето на аналогијата од збирката, како и постоењето одредени законитости во репертоарот на орнаменталните шеми, пред с□ на законитостите на симетријата и комбинацијата на мотивот што се јавуваат на оваа керамика. Бидејќи садот е работен на брзо тркало, при надградбата на деловите што недостасуваат е употребено помошно тркало за да се постигне уште посовршена форма (сл.2). Ретуширењето на надградените површини е изведено со имитирање на техниката на врежување и насликување, со настојување стилски да се приближи на автентичната постапка, која е изведена со слободни потези. При насликувањето се користени за нијанса посветли тонови за да биде појасно согледана разликата меѓу автентичните и надградените делови (сл.3). Овој сад е публикуван како конзерваторска работа во *Годишњак града Београда* и како илустрација на музејската зграфито-керамика во монографијата издадена по повод стогодишнината од постоењето на Музејот.

Кај примерот на овој сад постоела поизразена потреба за обемна реконструкција заради големото оштетување и фрагментираноста на материјалот. Основно прашање било како бескомпромисно да се задоволат критериумите и факторите, што значи истовремено исклучително оштетениот предмет да се зачува од натамошно пропаѓање, со реставрација и реконструкција да се вратат неговите естетски атрибути без да се наруши неговиот археолошки, историски и уметнички контекст, чија крајна цел е да се создаде појасна слика за културното наследство. Реставрацијата и реконструкцијата на археолошкиот материјал што е во функција на презентација и интерпретација на културното наследство бара комплексен теоретски и методолошки пристап базиран врз егзактни факти, бидејќи само на тој начин може да се дојде до точни одговори на прашањата како што се значењето и етничката атрибуција на културното добро. Конзервацијата, значи, претставува и вид на заштита на културниот идентитет и континуитет во рамки на процесот од валоризација до интерпретација на културното добро. Погрешното толкување, намалување или зголемување на значењето на културното добро може и несвесно да придонесе за негова политизација и друг вид злоупотреба што може да има особено штетни последици.

Во некои општества, концептите во конзервација на културните добра се тесно поврзани со културниот континуитет и традиција, па покрај научните извори незаобиколен фактор во реконструкцијата и интерпретацијата на културното наследство е колективното паметење. Во таа смисла, неприфатливо е наметнување решение од страна, а применувањето на универзалните конзерваторски принципи не е воопшто едноставно. Во мојата конзерваторска практика се покажало дека драгоцена помош при реставрацијата и реконструкцијата може да понудат с□ уште живите традиционални занаети како што се грнчарскиот и ѕидарскиот. Во етнографската граѓа многу често

сретнуваме материјали, технологии, техники и орнаментика многу слична на онаа што се применува во средновековниот период.
Значи, заштитата на културното наследство подразбира почитување на принципот на контекстуализација, односно почитување на интегритетот на секоја култура и нејзините единствени вредности. Поимите на светското културно наследство и универзалните конзерваторски стандарди не треба да бидат во спротивност со овој принцип. Во нив не треба да се бара глобалистичка смисла, туку напротив, афирмација на специфичностите во рамките на секоја култура.

Nikolina Adamović
The Belgrade City Museum
Belgrade, Serbia and Montenegro

**Ethical Aspects in Conservation, Restoration and Reconstruction of items from Archaeological Museum Collections**

Summary
The paper emphasizes the importance of interaction among archaeology, conservation and museum interpretation. It also brings to the fore the role and liability of conservators in proper understanding and interpretation of archaeological items.
Subjective factors in changeability of ethical criteria have been considered as related with conservation, restoration and reconstruction. In addition to the respect for general ethical standards concerning conservators, which have been adopted by relevant institutions and associations (ICOM, I IC, ECCO, UKIK, etc.) there are always, in the ethic and in practice, certain subjective approaches and dilemmas, largely depending on the region or country.
Finally, the author points out the ethical criteria in restoration and reconstruction of archaeological items, particularly concerning the awareness of the items regeneration limits, as well as the skill and competence of the professional performing the task.

Davor Fulanović
Technical Museum
Zagreb, Croatia

# The Ethics in the use (Demonstration) of authentic Exhibits

**Introduction**

The Technical Museum of Zagreb was founded in 1954 by Professor Bo•o Te•ak, as a visionary combination of a centre of science and the classical complex of a museum of technology[1]. The first Museums departments: The Energy Transformation Department, The Means of Transport and The Mining Department were opened for public in Zagreb in 1963 (Mirkoviæ, 1994:301). These were followed by The Astronautics Department with the Planetarium, Geology, Mining and Oil Department, The Fire Fighting Department, The Basics of Agriculture Department with an Apiary, The Nikola Tesla Department and finally, The Motive Power of Fire (Kolin Collection Department).

Once opened in 1963 and in the following years, the Museum became the focus of enormous interest both in Zagreb and throughout the former Yugoslavia, attracting large number of visitors (Ferle-Riloviæ, 1992:21). The visitors were for the most part schoolchildren who were given guided tours of the Museum. The fascination of visitors at that time together with the explosive development of technology and the wish to learn about the newest inventions and achievements of the industrial society were favourable for the promotion of the educational function of the Museum. The following data support this statement: over the first three years the number of visitors increased from the initial forty thousand to the seventy thousand, to reach the figure of more than hundred thousand visitors to the Museum after five years. This and even a larger number of visitors from Zagreb, Croatia and Yugoslavia were maintained until the end of the eighties of the past century.

During its fifty years of existence, the Technical Museum from Zagreb has, unlike other Croatian museums, in addition to the standard work of collecting, analysing and presenting exhibits, dedicated a major part of its work to popularisation and education of visitors. Implementing, often unconsciously, methodology used by scientific centres[2] in making popularisation of science and technology and educational role the focus of its interest, the Technical Museum has successfully carried out this task, which is witnessed by the large number of visitors, unattainable to other museums in the region. The question is what kind of a permanent exhibition managed to achieve such a large visit rate. What kind of presentation and demonstration were used by the Museum staff in order to achieve such an excellent educational role?

**The Demonstration of Authentic Exhibits in the Technical Museum**

The uniqueness of an original exhibit in a museum collection is unquestionable. Although removed from its original material setting, an object remains a display of ideas and serves as a source of information on the real time and space of the world it

originated from. Is it possible to replace an authentic exhibit with a reconstruction, a copy or a model, without depriving a museum's visitor of the emotional experience of facing an original object?

Is the use of authentic objects for demonstration purposes allowed and does it not in that case irretrievably lose its properties?
Does an immovable vehicle put on display in a technical museum communicate complete and comprehensive information on its structural identity comparable to that communicated to a visitor by a painting exhibited on the wall of an art gallery, which more closely imitates the painting's authentic setting? To what extent were the authentic exhibits used and then, to what extent were the replicas and the models used? Where are the limits of implementing authentic exhibits? How many authentic objects were exhibited in a traditional, i.e. statical way, and how many were, on the other hand, used as movable objects for demonstration purposes?



Lets look at following two exhibits from the Energy Transformation Department in the Technical Museum. The water mill in which, when found in Bosnia, corn was still grinded. It was first disassembled for the purpose of presentation, transported to the Museum and then assembled again. Then running water was brought to it, to replace the original stream. The water turned the waterwheel and thus faithfully evoked to the visitors the transformation of energies of the stream to mechanical energy and the useful operation of corn grinding. It is completely understandable that several thousands of hours of demonstrational operation resulted in its irretrievable damage.

Reciprocating steam engine, send half of the 19$^{th}$ century (TM 19)

The steam engine in the photograph, which is one of the older exhibits in the Museum, is a similar example. The steam which originally powered the engine was replaced by electric motor and transmission mechanism. However, its leather belts and some other parts were also irretrievably damaged through the engines multiple daily demonstrations over many years. The attractiveness of this and other objects permanently exhibited in the Museum many of which were continuously set in motion to imitate real operational conditions as faithfully as possible definitely contributed to the vivid interest of visitors. In this manner a visitor was not deprived of emotional experience of facing an original object. A distinguished theoretician Peter van Mensch wrote in 1986 that dynamism in means of transport, machines and tools was a basic part of their informative value. He stated that dynamism implied change, and change and preservation were incompatible (Mensch, 1986). We, therefore, have to choose whether to preserve the original and use a reproduction for demonstration purposes or accept a gradual change of the original into its own reproduction.
Let us consider the three basic groups of authentic objects classified according to the similarity of their properties used for demonstration purposes in the Technical Museum.
The first group consists of objects having the properties of the national heritage[3] which were not recognized as such by the inexperienced museums staff in the 1960-ies and 1970-ies. The steam engine just mentioned above undoubtedly belongs to this group. There were about twenty such exhibits which had been set in motion for years. Unfortunately, at that time it was not

considered that demonstration of historical exhibits could cause permanent and irretrievable damage.





Car engine *Skoda* (TM 642) Electric converter (TM 86-89)

The second group comprises exhibits such as the section of the car engine shown in photograph. These are objects which can be stated not to have belonged to technical heritage of national category of the first degree[4] from the very beginning of their exhibition in the Technical Museum to this day.

They are objects of use without special significance; they are frequently incomplete and are suitable to be used as museological aids to replace unique exhibits.

The third group is especially interesting. In the picture you can see an electric converter which was exhibited in the Energy Transformation Department as early as the opening of the Museum. It was placed there to convert the alternating current to direct current and thus provide the source of energy for setting certain machines and appliances at the The Means of Transport Department in motion. At the time of its introduction into the permanent exhibition of the Museum, and that was in the early sixties, the converter was a usable device taken directly from the industrial setting. Therefore, it was a relatively modern product at that time. After several decades it gradually became an interesting historical object and, moreover, very valuable in terms of heritage. It can be mentioned as a curiosity that today to set it in motion represents a problem, not because of its malfunction, but because of forgotten knowledge on how to use the so-called water starter, the component part of the converter. The third group includes objects acquired as museological aids, but which have in the course of time become a rarity and valuable technical heritage.

If, therefore, the second group of objects can be used for demonstration purposes without remorse, what is to be said about the first and the third group? Is it a heresy to daily or occasionally demonstrate the operation of such authentic exhibits? How then bring into equilibrium the necessity of demonstrating the function, which characterises objects exhibited in technical museums and durability and irretrievable process of their decay, respectively? How frequently should the functioning of historical objects be presented causing possible irretrievable loss of their properties without simultaneously depriving visitors of a unique experience of facing an authentic object?

Would not a ban on functional operation of historical objects and the use of replicas or models of objects of historical value be more proper? The Nikola Tesla Department[5] with the replicas of Teslas appliances, machines and engines made more than thirty years ago corroborates the

mentioned hypothesis that, in the absence of authentic objects, their substitutes can be used with excellent results.





Rotating magnetic field copper egg (TM 735) Tesla's coil - 100 kV (TM 745)

Moreover, over the last four years almost all replicas have been replaced with new ones due to the obsoleteness of the old ones. However, we should keep in mind that a certain number of different kinds of technical exhibits cannot be replaced by replicas without depriving the visitors. On the other hand, two positive examples of appropriate use of valuable historical objects should be mentioned. First are the rides of the Museum tram.





Water mill *Granešina*, Zagreb (TM 10) Zagreb tram (TM 2182)

The other example is the water mill with overshot waterwheel originating from the surroundings of Zagreb in the 19th century. The excessive use of water mill for demonstration purposes led to its complete destruction. The main wooden shaft broke as well as parts of the wooden cogwheel, and reconstruction was carried out. A complete renewal meant construction of a closed water circle, repair of damaged parts and adequate protection of other wooden parts. After its reconstruction, the water mill is set in motion only on exceptional occasions and under a constant special surveillance several times a year. We hope we shall preserve it for numerous generations of new visitors yet to come.

[1.] The first museum guide states that : *"… in addition to scientific and expert work in the field of museology, there have to be three dominant components to the institution: exhibitions, education and workshop productivity…"* (Grdeniæ, 1966:9). The last component implied holding lectures, seminars and practicums, and performing demonstrations and experiments for the visitors of various profiles so that they can have a better understanding of the natural sciences and technology.

[2.] The important difference between a science centre and a museum of science and technology (technical museum) is that the former does not collect, save and exhibit authentic objects of science and technology. Its main goal is popularizing science by presenting various exhibitions and programmes. Science centres display interactive objects through games with as little additional elements as possible (ex. texts) and explain and clarify to a visitor the main principles of the laws of nature and technical novelties (Durant, 2002:8).

[3.] The law of protection and preservation of the cultural heritage of the Republic of Croatia (article 8. from June 25, 1999) defines a movable cultural heritage among other as: "*… a collection of museum objects…, objects of use (furniture, clothes, weapons etc.), traffic and transport means and devices, objects relevant as evidence of the science and technology development*."

[4] The Register of Cultural Property of the Republic of Croatia is run by the Administration for the Preservation of Cultural Property with the Ministry of Culture. "*The Register is a public document consisting of: the List of Preventively Preserved Property; the List of Preserved Cultural Property and the List of Cultural Property of National Importance. The Register holds a set of documents for each of the records"* (article 10. of the Statute of the Register of Cultural Property from April 11, 2001)

[5] The Nikola Tesla demonstration cabinet contains meticulous copies of his most outstanding machines and devices on which experiments, which Tesla used to present his inventions can be performed.

It is a tram that used to ride the streets of Zagreb in the 1920-ies. About ten years ago in co-operation with the city public transport company the tram was completely reconditioned. It is used by arrangement along the streets of Zagreb every Sunday in promotional rides. It can be stated that these Sunday rides of the Museum tram over a number of years have not left a visible trace on it.

## Conclusion

Today the Technical Museum in Zagreb finds the answer to the issue of adequate demonstration of authentic exhibits in their appropriate use for demonstration purposes, banning demonstration of the operation of objects of special importance, i.e. technical heritage of national category of the first degree.

Subjectivity in selecting objects for demonstration has not been eliminated, but the acquired knowledge of the Museum's curators on the preservation of technical heritage and the 50-year experience have been invaluable in making decisions on how and when to use objects of historical value.

References:

1. Durant, John. Museums and the Public Understanding of Science, ed. John Durant. London: Science Museum in Association with the Committee on the Public Understanding of Science, 2002, p. 7-11

2. Ferle–Riloviæ, Elizabeta. Statistièka obrada frekvencije broja posjetilaca u Tehnièkom muzeju od 1963 – 1991, Zagreb: Tehnièki muzej, 1992 (struèni rad za kustoski ispit)

3. Grdeniæ, Predrag. Odjeli Tehnièkog muzeja u Zagrebu, kratki vodiè. Zagreb: Tehnièki muzej, 1966

4. Mensch, Peter van. Museology and identity, ed. V. Sofka (Hg.) Museology and identity. ICOFOM Study Series 10, Stockholm: 1986

5. Mirkoviæ, Miroslav. Tehnièki muzej Zagreb: prošlost – sadašnjost - buduænost: Razvitak i dostignuæa tehnièkih podruèja u Hrvatskoj, ur. Vladimir Muljeviæ. Zagreb: Sveuèilište u Zagrebu, Zagreb: 1994, str. 301-323

Давор Фулановиќ
Технички музеј
Загреб, Хрватска

**Етиката во користење (прикажување) автентични експонати**

Резиме
Единственоста на оригиналниот предмет во музејската колекција е несомнено. Иако преместен од неговата автентична средина, предметот и понатаму претставува репрезент на идеи и служи како извор на информации за реалното време и простор на светот од кој потекнува. Дали користењето автентични предмети за изложбени намени е  дозволено и зарем тие во тој случај не ги губат неповратно своите карактеристики? Дали едно неподвижно возило поставено во музеј на техниката може да пренесе целосна и сеопфатна информација за структурниот идентитет што може да се спореди со комуникацијата што ја воспоставува посетителот со слика поставена на ѕидот од некоја уметничка галерија, на која успешно е имитирано оригиналното опкружување на сликата? Одговорите добиени во текот на педесетгодишното искуство на Техничкиот музеј во Загреб со колекциите достапни до публиката понекогаш беа неочекувани, па дури и непосакувани.

Симонида Миљковиќ
Музеј на Македонија, Скопје

# Етиката и едукацијата во музеите

"Музејот претставува една институција во служба на општеството и на неговиот развој и е генерално отворена за јавноста. Музејот има должност да ја развива својата едукативна улога и да привлекува поширока публика од сите слоеви на општеството. Тој треба да нуди можности за таквите луѓе да станат инволвирани во музејот и да даваат поддршка на неговите цели и активности. Интеракцијата со својата публика е дел од остварувањето на едукативната улога на музеите". 1

Кодексите на етиката се под влијание на социјалните промени и еволуцијата на професионалното работење. Ова посебно се однесува на музеите затоа што нивниот придонес за општеството се прошири од научното поле преку едукацијата до унапредувањето на културниот идентитет.

Етиката е наука со која се проучуваат и се проценуваат моралните вредности, се определува што е ДОБРО, а што е ЛОШО, а луѓето се упатуваат да го прават она што е добро и да не го прават она што е лошо.

Во средината во која луѓето како членови на едно општество не се оспособени да го препознаат моралното од неморалното, доброто од лошото, вистинските вредности се обезвреднуваат. Етичките вредности се примаат и се осознаваат низ процесот на воспитување и образование, што всушност претставува мост меѓу минатото и иднината и младата личност ја подготвува да твори таму каде што неговите генерации застанале. Затоа е многу важно да се постигнат, т.е. да се подигнат моралните критериуми за односот кон културното наследство. Македонија е богата со недвижно и движно културно наследство од најстарата историја до денес, тоа е доказ и израз на идентитетот и културата на македонскиот народ. Од друга страна, пак, тоа преставува вредност со општо цивилизациско значење. Од минатото културните вредности имаат големо значење во севкупниот развој на општеството во целост. Ако дојде до загрозување и уништување на културното наследство, тоа ќе биде загуба за нашата култура и за светската култура воопшто.

Ние живееме во време кога постојат повеќе можности за истражување на културното наследство отколку кога и да е порано.

Овие сознанија може да допрат до свеста на луѓето на повеќе начини: воспитнообразовната дејност, манифестациите од културата, информациите од медиумите, како и посетата на музеите и едукативните активности во нив.
Едукацијата е еден од најзначајните процеси за развојот на човекот и општеството во целина. Низ воспитноедукативната дејност, човекот има можност да ги афирмира своите творечки потенцијали, да добие знаења значајни за неговото стручно профилирање, но и знаења што стануваат дел од неговата општа култура и што му овозможуваат да ги препознава и објективно да ги вреднува општествените и природните појави со кои се соочува.

Вистинскиот аргумент за почнување едукација за културата во раното детство и за нејзино продолжување низ периодот на формалното образование е дека без таа подготовка личноста е некомплетна.

Во културните дејности, кои треба да бидат основа во градењето на моралната свест, важно е да се искористат и едукативните можности во музеите за градење правилен однос кон културното наследство. Свеста за културното наследство не се гради лесно, ниту стихијно, туку низ долготрајни и сложени едукативни процеси. Во таа смисла, градењето на човековиот однос кон основните цивилизациски вредности и музејската едукација имаат значајна улога.

Неопходно е публиката да добие сознанија и свест за вредностите и врз основа на тоа да се чуствува духовно побогата.

Да се подигнува моралната свест во однос на културното наследство, значи да се придобие поширокота јавност.

Но како да се воспостави и да се одржи врската на современиот човек со културните вредности? Како да се вгради тоа во современиот живот, да се вклопи во современите форми на живот и да биде инспирација за современи активности.

Музеите и нивната едукативна дејност треба да му помогнат на човекот во спознавањето на културното наследство, на опасностите и последиците од неговото загрозување, на потребата од негова заштита и на учеството на човекот во заштитата и градењето на правилна вредносна ориентација кон културното наследство.

Сепак, мора да бидеме внимателни како ги запознаваме луѓето со вредностите на културното наследство.

Музејот е тој што воспоставува комуникација со средината и со својата едукативна дејност ја стимулира публиката на креативен и поангажиран однос кон културното наследство. Активниот пристап ги присилува музеите да влезат во светот на грубата реалност..

Образованието не е сместено само во училница. Дури и да е, образованието за културата најдобро функционира кога има јасна линија кон надворешното искуство. Вклучувањето на таквата работа влијае и врз зголемување на идната публика.

Едукацијата е мошне важен елемент така што може слободно да се каже дека едуцирањето на луѓето за културното наследство е еднакво по важност со подготвувањето да работат.

Едукацијата за културата е повеќедимензионална и нема само гносеолошка функција, т.е. не им дава на воспитаниците само знаење, туку таа има и висока етичка и функционална цел и може да им даде на луѓето средство за вклучување во општеството. Приоритет треба да има отворањето на културните установи, тие да бидат достапни до поширокота јавност. Обезбедувањето контакт на јавноста со културата треба да им биде должност. Секој музеј треба да се бори да има сериозна едукативна програма. Програма во која интерпретацијата ќе биде важна колку и експонатите во музејот. Програма во која луѓето ќе можат да видат, да чујат, самите да направат. Само ако им се овозможи некакво искуство, креативност и флексибилност на мислата, само тогаш може да почнат да примаат пораки. Во тој случај музејот ќе

воспостави репутација на квалитетно и стабилно место, извор на информации, институција која е објективен и непристрасен истражувач и комуникатор. Тоа е влезница во сигурна иднина. Иднина во која луѓето со своите нови сознанија, со својата креативност, одговорност и зрелост ќе ги решаваат прашањата на општеството.

Воспоставувањето активна врска меѓу луѓето и културното наследство е условено меѓу другото од потребата за развивање на духовните и другите темелни вредности кај човекот.
Културното наследство станува прилог во поттикнувањето на хуманите, творечките и другите позитивни вредности кај личноста.

[1] Кодекс на етика за музеите на Меѓународниот совет на музеите, Скопје 2002

Simonida Miljković
Museum of Macedonia

**Ethics and Education in Museums**

Summary
In the paper the author presents her contemplations and considerations on the ethics and education in museums.
Particular point is made to the ethical values of visitors, considering that through them the moral criteria concerning the attitude to cultural heritage are being raised. According to the author, through their educational activities museums help people get to known the cultural heritage. Education is the means that most frequently provides the contact of the public with the culture.

м-р Ирена Ружин
Завод и музеј, Битола
м-р Снежана Мојсовска - Саламовска,
Економски факултет - Прилеп

# Етиката во промотивните активности на маркетиншки ориентираните музеи

## Поим и значење на комуникацијата со клиентите

Суштината на маркетиншката ориентација на секоја организација од профитен или непрофитен карактер е во фокусот да се стави клиентот. За современите музеи, исто како и за компаниите, важи правилото дека ориентацијата кон клиентот (посетителот) е императив. Посетителот треба да биде ***ориентир*** при креирањето на музејската понуда (културен производ: поставки, културни настани во рамките на музејот и сл.), односно, на посетителите треба да им се нуди она што тие го бараат, а не она што вработените во музејот ценат дека треба (или се во можност) да се презентира. Во крајна инстанца, од организациски аспект, ефективноста на секоја организација (што значи и на музеите) зависи од степенот на задоволување на потребите на клиентите нудејќи им производи и услуги соодветни на нивните потреби.

Маркетинг-концептот генерално се реализира со комбинирање на инструментите на маркетинг-миксот, прикажани во следната шема:




***Слика бр.1 Инструменти на маркетинг-миксот***

Промотивниот, односно комуникацискиот микс, пак, како составен дел на маркетинг-миксот е составен од прикажаните подинструменти.
Во музејското работење практично можат да се применуваат сите пет инструменти, но бидејќи станува збор за непрофитни организации, логично е акцентот да се стави врз неплатените облици на комуникација, како што е ***публицитетот***, како и на ***односите со јавноста*** како еден од најсофистицираните облици на комуникација. И во досегашното работење на музеите се забележува нагласена примена на споменатите два инструмента, поради што ним им се посветува посебно внимание во овој труд.
Како што ќе биде нагласено натаму, со новиот предлог-закон за работа на музеите се отвораат можности за поширока примена и на преостанатите инструменти.

Комуникацијата е креативен процес, своевиден мост што ***ги поврзува потребите и желбите на клиентите со производите и услугите кои компаниите ги развиваат врз основа на тие потреби.*** Во конкретниот случај, станува збор за **континуирана комуникација на музејот со посетителот** со цел да се креира таква понуда што ќе ги задоволи потребите и барањата на целната група посетители. Секако, за таа цел е потребно претходно да се идентификува целниот сегмент од пазарот, односно целната група кон која соодветно ќе бидат насочени комуникациските активности на музејот.

Наједноставен модел на процесот на комуникација е следниот:
**Испраќач на порака ’! Порака ’! Примач (реципиент) на пораката**
**Испраќачот на пораката** се јавува во улога на извор на комуникацијата. Тој има некаква порака што сака да ја соопшти. Во конкретниот случај - кај комуникациските активности , во улога на испраќач се јавува ***музејот***, кој има намера да комуницира со клиентите - посетителите.

**Пораката** е симболичен приказ на намерите на испраќачот и затоа може да се јави во многу облици (вербална, невербална, визуелна, електронска и сл.). Крајна дестинација на пораката е **примачот - реципиентот**, а во ова својство може да се јави единка или група луѓе (целна публика) со кои се сака да се воспостави комуникација. Во конкретниот случај, крајни реципиенти на пораката се ***посетителите*** (постојни и потенцијални) и *јавноста.*

Во овој контекст особено значење има т.н. "*ефект на изворот*" (лит. 4, стр. 339), *т.е.* колку што изворот на комуникација е ***поверодостоен***, толку е поголема веројатноста дека пораката ќе биде прифатена и сериозно сфатена. Од овие причини, во економско-пропагандните пораки често се ангажираат славни личности или експерти од одредена област, т.н. "индорсери" со цел пропагандната порака да биде поверодостојна и да остави посилен впечаток. Ова секако може да добие и соодветна етичка димензија ако се доведе во прашање вистинитоста на тврдењата во пораката.

*Медиумите* исто така може да одиграат улога на "индорсери"и на тој начин стануваат дел од пораката. Ова се случува кога пораките се емитуваат на медиуми со веќе изграден имиџ на доверба и веродостојност кај публиката, па така имиџот на медиумот ѝ дава дополнителна вредност на веродостојноста на пораката.
*Пораката* е она што изворот сака да го соопшти. Многу често пораките се

***неразбирливи*** зашто не е јасно што всушност сака да соопшти изворот. Често се паѓа во искушение да се кажат премногу нешта не земајќи ги предвид ниту капацитетот на медиумот за пренесување на тие информации, ниту пак способноста на аудиториумот да ги обработи. Друг проблем е и инсистирањето на оригинални и понекогаш необични начини за пренесување на пораките. Постојат промотивни огласи или спотови што добивале награди за креативност на идејното решение меѓутоа, во суштина, на целниот аудиториум му соопштувале сосема малку.

Пораката *што се испраќа* може битно да се разликува од *пораката што се сака да се испрати* и тоа од повеќе причини. Најпрво, ***кодирањето*** на пораката, како неопходен процес при испраќањето, доведува до менување на нејзиното значење. Дури и ако станува збор за локална промоција, кога не постои јазична бариера, зборовите и симболите што се користат се разликуваат во зависност од регионот, од припадноста кон одредена општествена класа, од културата и сл. При испраќање пораки во меѓународна средина овој проблем дополнително се усложнува заради проблемите со изборот на соодветни зборови и симболи што точно би ја претставувале пораката што се сака да се испрати, под претпоставка тие да ја изразуваат нејзината вистинска содржина и таа да биде правилно сфатена.

Ова треба посебно да се има предвид при комуницирањето на музејот со ***целна публика во меѓународни рамки***, што е од особена важност за секој современ музеј, насочен кон привлекување странски посетители - туристи.

*Каналот* е медиум или преносител на пораката. Развојот на информациската технологија влијае врз зголемувањето и врз бројот и видовите медиуми достапни на компаниите за емитување пораки, како и на рентабилноста на постојните канали. Да ги споменеме само експанзијата на кабелската и сателитската телевизија, Интернетот и сл.

Во претходниот контекст, каналите на пренос на пораки може да доведат до ***искривување на пораките*** (лош квалитет на слика на ТВ, хартија во списание, несоодветно избран спикер и сл.). На тој начин, не само што *примената порака* се разликува од *онаа што се сака да се испрати,* туку може да има негативни импликации врз угледот и имиџот на испраќачот, односно во конкретниот случај - музејот. Очигледно е дека во овој случај може да се појават одредени етички дилеми.

Несоодветната комуникација може да доведе до ***погрешна интерпретација*** на одредени факти од целната публика во домашни, а посебно во меѓународни рамки заради претходно наведените бариери. Конкретно, ако при комуникацијата на музејот со посетителите се презентираат одредени невистини или пак одредени факти се презентираат делумно или пристрасно, тоа може да доведе до незадоволство на посетителите при посетата на музејот, што веќе има друга етичка димензија, посериозна од етичката дилема, т.н. етички пропуст (грешка).

Етичката димензија на комуникацијата станува се позначајна, паралелно со посветувањето поголемо внимание на неа од државните институции, јавноста, како и од посебните интересни групи.

Во високоразвиените земји континуирано се работи врз усовршувањето и подигнувањето на етичките стандарди во сферата на комуникациските

активности на организациите. Во врска со оваа тема, во последнава декада се дискутира се поотворено, дури се оди и до таму да се спроведуваат и формални истражувања и студии во врска со етичките аспекти на комуникациите. (лит. 1, стр. 665)

Во овие студии, најчесто посочувани ***етички проблеми*** во врска со комуникациите се следниве:

- Коректност кон клиентите;
- Креирање искрени, недвосмислени и општествено прифатливи пораки;
- Промовирање неетички производи/услуги;
- Коректен третман на интересните групи и медиумите;
- Коректен однос кон вработените ;
- Коректен однос кон конкурентите.

Етиката во комуникациите најчесто се разгледува од два аспекта: појава на ***етички дилеми и етички грешки (пропусти).*** (лит. 2, стр. 53)

**Етичките дилеми** се однесуваат на ситуации во кои постојат две конфликтни, но валидни страни на еден ист проблем. Најдобар начин за решавање на етичките дилеми е со поставување на следните три прашања:

1. Кој правец на акција би бил најсоодветен за најголемиот број клиенти?
2. Дали дадениот правец на акција би повредил нечии други права?
3. Дали избраната акција ќе резултира со нефер однос кон која било засегната страна?

**Етичките пропусти** се ситуации во кои комуникацијата содржи сосема неетички, дури и нелегални елементи. За разлика од етичките дилеми кај кои има нејасна интерпретација на некој етички аспект, етичките пропусти се сосема чист случај на неетичко однесување.

Претходно беа загатнати и некои прашања од етички карактер што се појавуваат при комуникацијата на музеите со посетителите и со јавноста воопшто. За етички пропуст би станувало збор ако музејот смислено презентира невистини или делумни вистини со цел да привлече поголем број посетители. Но тоа има далекосежни негативни последици врз ***репутацијата*** на музејот, а ако се има предвид дека музеите имаат и голем број странски посетители, тоа има и директно негативно влијание врз репутацијата на земјата ***во меѓународни рамки***. Дури се оди и подалеку, со тоа што во некои држави оваа проблематика е мошне строго регулирана, па странските посетители, како државјани на една од тие земји, може да преземат и ***законски мерки*** против неетичкото однесување, со што му се нанесува огромна штета не само на музејот, туку и на меѓународниот углед и имиџ на државата. (лит. 3, стр. 227)

Отткука се наметнува и прашањето за општествена одговорност и санкционирање на неетичките елементи во комуникацијата. Во натамошниот текст е наведен пример од САД.

Општествената одговорност е тесно поврзана со етиката во комуникацијата. Стандардите за општествената одговорност се подложни на брзи промени. Движењата за заштита на потрошувачите од типот на конзумеризмот и сл. во голема мера влијаат врз подигнувањето на етичките стандарди и нивото на комуникацијата помеѓу организациите и клиентите.

Бројни се примерите за прекин на промотивни кампањи што засегнуваат

одредени групи (пр. непочитување човекови права, навредливи елементи за дадени општествени групи и сл.). Од тие причини, во развиените земји овие прашања најчесто подлежат и на законско санкционирање. Постојат низа закони, акти, регулативи и органи надлежни за оваа проблематика, кои пак им се на располагање на сите интересни групи - клиенти, државни институции, групи со посебни интереси и сл. заради ревизија и иницирање на потребните корекции кај комуникациските активности.
Во американската законска регулатива (лит. 2, стр. 57-58) постои терминот ***измама во промоцијата/пропагандата***, која се дефинира како: "погрешна интерпретација, пропуст или друга практика за која е веројатно дека ќе го наведе клиентот погрешно да реагира во одредени околности, на сопствена штета".
Поимот "***нефер пропаганда***" се разликува од претходниот во тоа што пропагандата може да не содржи елементи на измама, но сепак да не е фер кон клиентот. Нефер ситуација се јавува кога клиентот е "***неоправдано повреден***" или кога постои "***повреда на јавната политика***". Како нефер се сметаат сите тврдења што не се поткрепени со доказ; изјави што имаат тенденција да експлоатираат некои чувствителни групи (на пр. деца, постари личности, лица со посебни потреби и сл.), како и ситуации во кои клиентот не може да направи валиден избор зашто не е презентирана некоја важна информација во врска со производот/услугата спомената во пропагандната порака/изјавата.
Во САД постојат три ***начини на санкционирање на појавите измама и нефер пропаганда***, а тоа се следните:

- ***Потпишување документ*** за согласност од испраќачот на поракета дека ќе запре со нејзиното емитување (низ претходни преговори со надлежната државна комисија);
- ***Наредба за прекин на емитувањето*** (ако по преговорите не се потпише спогодба од претходниот вид). Непочитувањето на оваа и на претходната санкција повлекува парични казни;
- ***Корективна пропаганда*** - надлежната комисија може да нареди да се емитува корективна пропаганда од организацијата за одреден период, со цел да се даде објаснување и да се коригираат ефектите од погрешната пропаганда. Ова подразбира ангажирање дополнителни финансиски средства од организацијата.

Од примерот на САД може јасно да се заклучи дека етиката во комуникацијата е сфатена максимално сериозно и дека етичките норми, според значењето, се доближуваат до законските норми.

## МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА МАРКЕТИНШКИ ОРИЕНТИРАНИТЕ МУЗЕИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Музејот е храм на културното наследство, а не само зграда со ѕидови што треба да предизвикаат мистериозност или да бидат "куќи на чудата". Тие се места каде што се споделуваат искуства и се презентира идентитет, места каде што се учи да се почитува сопственото и туѓото културно наследство.

Ако сакаме да го користиме изразот "модерен и современ" за македонскиот музеј, тој треба да биде во чекор со времето. Секој музеј во своето постоење доживеал пораст или пад во развојот. Врз развојот на музејот влијаат не само надворешни, туку и внатрешни објективни и субјективни фактори.
За музеите во Македонија веќе е време да ја напуштат конзервативната ориентација, да се преориентираат во динамични, флексибилни, проактивни, институции што ќе ги препознаваат промените и ќе се приспособуваат кон нив.
Музејот постои за да ѝ дава услуги на јавноста и треба да биде свесен дека од публиката може само да добие.
Целта на современиот музеј е да се насочи кон ***нова публика***, со пропагирање најразлични форми, за новонастанатата публика да стане ***постојана***. Сенека рекол дека " нема добар ветар за морнар што не си го знае правецот." Така, музејот мора да ја осознае својата публика заради која постои и од неа да се ориентира при дефинирањето на правците на развојот.
Во дефиницијата во Кодексот на музејските работници стои дека :
***"Музејот е непрофитна, постојана институција во служба на општеството и на неговиот развој, отворена за јавноста и врши откупи, конзервација, истражувања , презентација на материјалните докази за луѓето и нивната средина, со цел проучување, едукација и уживање."***
Станува јасна определбата на музејот да се биде ***отворен кон јавноста.***
Во **Предлогот за донесување на Законот за музеите** (јануари, 2004 ) покрај правните и стручните основи за музеите, кои треба да станат репрезентативни, истражувачко-оперативни и специјализирани културно-образовни институции, се потенцира дека тие треба да бидат и **аниматори на културните навики**.
Во оценката на состојбите во областа на музејската дејност од споменатиот закон посебно е нагласена потребата од:

- **усогласување** на работата на музеите со европските стандарди за развој на музејската дејност,
- поттикнување на промени во нивната работа и внатрешна организација и содржините на музејот во функција на нивна **поголема посетеност**,
- поттикнување на користење на информациски и компјутерски технологии во работата на музеите;
- зголемена печатена продукција и **создавање правни основи за вршење дополнителни услуги,** како што се сопствено производство на копии од музејски експонати, продажба на пропагандниот материјал и сл.

Исто така, освен врз научно-образовната дејност на музеите, акцентот е ставен и врз **презентација на музејски предмети**, како и врз **други дополнителни услуги што се во функција на подобра посетеност на музејот.**
Со тоа се отвора простор за примена и на другите инструменти на маркетинг-миксот (цена, дистрибуција), што значи дека се создаваат услови за целосна апликација на маркетинг-концептот во работата на музеите. Познато е дека во овој момент акцентот е ставен врз комуникацоските активности на музеите како применлив маркетиншки инструмент.
Главна карактеристика на културниот туризам е што тој ***не е масовен*** (туристите во нашата земја не доаѓаат само со цел да посетат одреден локалитет или музеј, туку имаат и други цели). Бројот на посетители на културата е ***ограничен.***
Културниот посетител сака да да го разбере тоа што го посетува; културното

и историско значење да го восприеми локалитетот или музејот; да разговара за сегашноста и на крај со себе да понесе сувенир. Културниот туризам ги поттикнува истражувањето и доживувањето на различни начини на живеење, одразувајќи ги обичаите, религиозните традиции, како и интелектуалните идеи на едно културно наследство што на туристите на културата дотогаш им биле непознати.

***Во контекст на овој труд, треба да се напомене следното: секогаш треба да се има предвид дека задоволниот посетител својот впечаток ќе го пренесе на одреден број луѓе, а незадоволниот, пак, ќе пренесе на многу поголем број луѓе....***

***Културата и туризмот*** се сé уште *два посебни света* во Македонија, а имаат голема потреба еден од друг. За таа цел мора да се подигне јавната свест за важноста на *богатото културно наследство* на земјата која е крстосница на овој регион од Европа, земја со стара цивилизација.

Во следната табела се презентирани некои факти што укажуваат на богатото културно наследство со кое располага Република Македонија, како огромен потенцијал за развој на културниот туризам, а ако се има предвид поврзаноста на културниот туризам и развојот на музеите, јасно е каков потенцијал се крие во поглед на развојот на музеите. Притоа треба да се има предвид дека во недвижно наследство спаѓаат старата архитектура, црквите, манастирите и локалитетите, а во движно археолошките и етнолошките предмети, иконите, монетите и сл.

Маркетинг-плановите и стратегиите на музеите треба да се градат за ***различни културни модели*** зашто секој од нив се разликува според вредностите, интересите, мотивациите и животните стилови. Важно е да се знае која е ***целната публика*** за да се утврди на каков начин треба да се воспостави комуникација со неа.

Низ истражувањата е утврдено дека туристи на културата најчесто се:

- службеници
- лица на водечки позиции
- партнери без деца
- помлади самци без деца и сл.

Исто така е утврдено дека:

- 75 % од туристите посетуваат знаменитости
- 42 % посетуваат музеи или изложби
- 30 % се наоѓаат на локалните настани
- 17 % отпаѓаат на фестивали и концерти
- 10 % одат во театар или на опера
- 14 % од сите туристи за време на летото се оценуваат како туристи на културата


1. Russel, Thomas J, Lane, Ronald, "Klepner's advertising procedure", Prentice Hall, New Jersey, 1990
2. Bovee/Arens, "Contemporary advertising", Irwin, Boston, 1991
3. Belch George, Belch Michael, "Introduction to advertising & promotion", Irwin 1993, Boston
4. Драгичевиќ-Шешиќ Милена, Стојковиќ-Бранимир - Култура, анимација, менаџмент, маркетинг - Скопје, Темплум, 2003
5. Предлог за донесување закон на музеите, Скопје 2004, јануари
6. Кодекс на етика за музеите, Скопје 2002

Irena Ružin, MA
Institute and Museum of Bitola
Snežana Mojsovska – Salamovska
Faculty of Economy, Prilep

## Ethics in Promotional Activities of Marketing-Oriented Museums

Summary
Communication activities compose a particularly important tool in the work of marketing-oriented museums, meaning that visitors are in the centre of our attention. Communication mix is brought into focus as an integral part of the marketing mix, as well as the communication process.
The process of communication has its ethical dimension and it is especially important that museums respect the norms accepted all over the world. For that reason the "Code of Professional Ethics for Museums" points out the things that should be taken into consideration, particularly concerning promotional and communication activities.
Cultural tourism is of great importance to development of museums, due to the fact that museums in the Republic of Macedonia are internationally oriented. By attracting tourists to their exhibitions, museums actually attract new visitors in the necessary process of crating regular public.

# Прилози
# Contributions



## In memoriam

# Јован Кушевски
(1924 - 2004)

На 19.06. 2004 година во осумдесеттата година од својот живот почина Јован Кушевски, кустос-советник, зоопрепаратор во Природонаучниот музеј на Македонија, во пензија.
Јован Кушевски роден е на 16.01. 1924 година во с. Тработивиште, Делчевско, Р. Македонија.

Основно училиште, гимназија и виша педагошка школа - ликовна група завршува во Скопје.

Од 01.05. 1947 година се вработува како лаборант во Природонаучниот музеј на Македонија во Скопје, а од 01.04. 1951 година е назначен на работно место препаратор.

Првите препараторски искуства ги добива од музејскиот препаратор Киро Богоевски. Подоцна своето школување го надградува и го проширува на повеќе стручни семинари во Белград, Загреб, Љубљана и во Скопје.
Бил на студиски посети во повеќе природонаучни музеи во Европа: (Виена, Бон, Хале, Вајмар, Берлин, Будимпешта, Венеција), а посебно значајни за неговото усовршување се музеите во Берн, Салцбург и Франкфурт на Мајна.
Вљубеник во природата, тој неизмерно ги впиваше нејзините убавини и раскошни колорити сакајќи што поверодостојно да ги пренесе во музејските изложби со своите препараторски вештини.
Со целосна доверба и поддршка од тогашниот научен соработник на Музејот, д-р Станко Караман, тој ги почнува подготовките за една изложбена дејност, интензивна и богата со содржини, пополнувајќи ги постојните и создавајќи нови музејски збирки.

Како резултат на неговата неуморна и упорна работа, во периодот од 1949-1954 година тој ги изработува првите дермопластични препарати со кои многу успешно ја презентирал ихтиофауната на Охридското и на Дојранското Езеро и на река Вардар.

Со цел да ја усоврши оваа техника, тој заминува на повеќедневен престој во Белград, Дубровник и Сплит, каде што под раководство на познати експерти за оваа област ја усовршува дермопластичната метода и изработува над 60 експонати од рибната фауна на Јадранско Море за потребите на Музејот.
Неговиот неуморен дух и креативност не мируваат. Тој постојано беше обземен со активностите и желбата да се внесе нешто ново во музејските изложби.
Јован Кушевски дава посебен придонес во периодот на уредувањето на постојаните музејски изложби во новата зграда на Природонаучниот музеј на Македонија. Заедно со другите стручни лица во Музејот, тој се зафаќа со уредувањето на новиот изложбен простор од 1700 м2 . Тука доаѓа до целосен израз и неговата метода на изработка на вештачки флористички материјали што ја разработил и ја усовршил претходно со повеќе тематски изложби.

Изработката на автентични мотиви од разни едногодишни растенија и треви, дополнети со друг абиотички материјал, во голема мера ги збогатија музејските изложби.

Флористичките елементи што се користеле дотогаш и кои најчесто биле неуспешни, сега добија нов изглед. Веќе не беше проблем во Музејот да се прикажат фрагменти од разни биотопи, со што оваа метода стана неопходен придружник во музејската практика.

Како зоопрепаратор тој умееше да ги забележи карактеристичните пози на животните и да ги прикаже многу успешно.

Неговиот ентузијазам, стручност и љубов кон работата беа постојани придружници во текот на целиот негов работен век.

Нештедејќи ја својата енергија, тој постојано живееше со предизвиците на препараторската служба пренесувајќи им ги своите искуства на помладите соработници. Под негово раководство во Музејот, многу млади препаратори не само од Македонија, туку и од бившите југословенски простори, ги изучуваа препараторските вештини.

Придонесот што го даде тој во препараторската дејност за природонаучните музеи ќе остане запишан во историјата на музејската дејност. За постигнатите резултати во работата, добитник е на повеќе признанија и плакети, меѓу кои најзначајна е наградата "13 Ноември" за придонес во музејската дејност.

Ќе остане во сеќавање на сите нас како човек што нештедејќи се ниту физички ниту умствено, живееше со музејските проблеми и со Музејот кому му го посвети целиот работен век.

Скопје    март 2006

м-р Бранислава Михајлова
Природонаучен музеј на Македонија

## In memoriam

## Борис Петковски
(1931 - 2005)

Постојат личности кои со својата енергија и виталност засекогаш остануваат во сеќавањата на идните генерациите, поточно личности кои со својата работа засекогаш се вградуваат во историјата и растежот на една институција и пошироко во развојот на една дејност. Таква личност беше неуморниот музејски професионалец и професор д-р Борис Петковски, првиот директор на Музејот на современата уметност-Скопје (1964-1976).

Неговата лична биографија започнува на 19.11.1931. во Бајмок , бивша СФРЈ, а професионалната со дипломирањето на Филозофскиот факултет во Скопје 1956. на групата за историја на уметноста. Докторската теза на тема “Творештвото на Никола Мартиноски” ја одбранува во 1975. во Белград под менторство на проф.д-р Лазар Трифуновиќ, со што само се потврдува неговата дотогашна научно - истражувачка дејност во доменот на историјата и теоријата на современата ликовна уметност.

Но, кога зборуваме за Борис Петковски, веднаш го идентификуваме со највпечатливиот и најсложениот проект на македонската култура на 20.век, Музејот на современата уметност-Скопје во чие создавање е вградено севкупното негово познавање не само на теоријата и историјата на уметноста туку и на современата музеологија. Создавање на институција која што ќе ги открива, чува, презентира, интерпретира и шири високите вредности во уметноста и во културата на нашето време, непосредно по земјотресот во 1963., е голем предизвик за младиот и амбициозен историчар на уметноста. Тој со голема љубов, ентузијазам и знаење се вклучува во големата акција на подарување на уметнички дела иницирана од бројни асоцијации, уметници и институции од целиот свет чиј краен резултат е создавањето на музеј чија меѓународна колекција, пред с□, му дава особено и единствено место во музејската мрежа во Југоисточна Европа. Со основањето на Музејот (1964) и со големата заложба на Петковски во создавањето на извонредната збирка на дела од најрелевантни автори во светската Модерна, се потврдува сознанието за неговата огромна љубов кон својата професија. Освен во оформувањето на колекцијата тој има особено значење и во другите сегменти на музејката дејност: изложбената активност од 1963 до 1976, едукативните и други активности на Музејот. Тој успева со мал број стручни лица во Музејот да внесе дејности од музеологијата кои за прв пат се присутни во музејската практика во Македонија, а по примерите на музеите во Европа и Америка. Тука спаѓаат каталозите, монографиите, книгите врзани за конкретни изложби со стручно изработена био-библиографска граѓа за македонските автори. За прв пат се поставуваат ретроспективни изложби (О.Петлевски, Д.Коцо, В.Поповиќ-Цицо, Н. Мартиноски) пропратени со монографии обликувани како стручно-научни публикации. Неговите организациони и професионални способности дојдоа до израз и при изградувањето на новата зграда на Музејот и при поставувањето

на првата варијанта на постојаната поставка со што истиот е свечено отворен во 1970.

Но, тоа не доволно за Петковски и тој напоредно со работата во Музејот започнува со педагошката дејност, поточно предава историја на уметноста на Високата музичка школа (1970-1964), а од 1976-1997 е редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје (Институт за историја на уметноста со археологија) за предметите Модерна и современа уметност и Музеологија, факултет од кој излегоа повеќе генерации млади историчари на уметноста. На Факултетот за ликовни уметности предава Модерна и современа уметност (1981-1997), а истиот курс го држи и на Филолошкиот факултет, Катедра за компаративна книжевност.

Во текот на својот работен век, обавува неколку специјализации во странство за модерна и современа уметност и музеологија: Белгија, Франција, Германија, САД и голем број студиски патувања поврзани со научни проекти. Одржува повеќе предавања и курсеви во странство: на Универзитетот Ла Сапиенза во Рим (1988, 1991); Иституто Университарио Ориентале во Неапол; универзитетите во Белград, Хале (1986), Софија (1989). Бил визитинг професор на Иституто Университарио Ориентале во Неапол (1991, 2001) и на Политецницо ди Торино, Фацолта ди арцхитеттура (курс за специјализација по музеологијата -1998). Од 1966. учествува на повеќе научни симпозиуми и конгреси во земјата и во странство (Франција, Швајцарија, Романија, Грција, Шведска), а меѓу другото и како претставник-експерт за култура на СФРЈ на конгреси и меѓународни собири организирани од УНЕСКО.

Научно-истражувачка работа ја потврдува преку објавени 14 книги за македонски и странски уметници на македонски, англиски и италијански јазик; повеќе стотини студии, есеи и критики за македонската и светската уметност, музеологијата итн. Раководи или учествува во работата на неколку научни проекти за македонската уметност и култура (“Сликарството во Македонија од доаѓањето на Словените до денес ”, “Монументалната уметност во Македонија во 20 век”, “Компаративни истражувања на македонската литература и култура”, “За медитеранскиот контекст на македонската уметност”...). Во неговите трудови се согледува сестраноста и продлабоченоста на неговите теоретски согледувања; способноста за споредбена анализа и синтеза; однегуваниот стил, соодветен на обработуваната материја. Тој негов квалитет е награден и со Ноемвриска награда во 1977. за книгата “Откривања”. Последните години од неговиот живот , повторно со огромна енергија, се вклучува во работата на Музејот и преку неговата книга *МСУ 1964-1976* прва во едицијата *Досие МСУ* и учеството во одбележувањето на јубилејот “40 години МСУ-Скопје” , потврдувајќи дека негова прва љубов и негово животно дело е МСУ.

За жал не успеа да ја победи болеста, но успеа со својата несебичност во пренесувањето на своите искуства и знаења од областа на музеологијата и теоријата, како директор и професор, да остане во сеќавање кај своите колеги и студенти.

Скопје, март 2006

Захаринка Алексоска Бачева
Музеј на современата уметност-Скопје

**Билатерална соработка**

На 20.01. 2006 г. Македонскиот национален комитет на ИЦОМ воспостави билатерална соработка од областа на музејската дејност со Бугарскиот национален комитет на ИЦОМ. Основната цел на оваа соработка е унапредување и усовршување на музејската дејност . За оваа билатерална соработка беше информиран претседателот на ИЦОМ, г-ѓа Алисандра Куминс и од неа добивме писмена подршка за овој чекор што ќе придонесе во развојот на дејноста во регионот.



Date: Wed, 1 Feb 2006 09:05:04 -0800 (PST)
Subject: Re: Macedonian National Committee of ICOM
To: "Skopje Makedonija" <icom_mnc@yahoo.com>

Dear Colleague,
I write to thank you for advising me of this highly important development in relation to cooperation between the ICOM National Committee's of Macedonia and Bulgaria.
This is truly the kind of wonderful partnership and sharing of interests, expertise and resources which ICOM heartily endorses.
Please accept my congratulations on this singular achievement. I look forward to receiving your news of advancement of your mutual programme.

Yours Sincerely,

Alissandra Cummins
President
International Council of Museums

**Упатство за авторите за уредување на текстот**

1. Трудот се доставува во два отпечатени примероци и на компјутерска дискета, без форматирање. Големина до еден авторски табак, заедно со белешките (фуснотите).
2. Се пишува во нормал виењ, без табелација и без нумерирање на страниците. Фонтови: МАЦ Ц Тимес, Тимес Нењ Роман и SУ Л Тимес или Цроатиан тмс. За некои специфични текстови, да се наведе фонтот во кој е пишувано. Големината на фонтот 12, сигле спаце.

**Распоред на елементите во текстот:**
1. Наслов на текстот.
2. Име и презиме на авторот, установа во која работи (име и адреса на установата - улица и град) на почетокот на текстот.
3. Основна содржина на текстот.
4. Локалните називи и истакнатите делови да се означат со италик.
5. Да се избегнува употребата на поднаслови.
6. Белешките (фуснотите) од текстот да се означат со арапски бројки и да се приложат на истата страница. Во белешките (фуснотите) не е потребно да се наведува литературата. Во белешките да се наведе литературата на краток начин како во текстот (да се види точка 7).
7. Литературата да се наведе во скратен облик во текстот и во белешките (фуснотите), а во подолг облик на крајот од текстот. Во текстот да се наведе само презимето на авторот, годината на изданието и, ако е потребно, страниците, сето тоа во загради; пример (Здравев, 1988) или (Здравев, 1988: 24-25), за повеќе наводи: (Здравев, 1988; Петрушевска, 1977). На крајот да се наведе целокупната литература по азбучен ред по презимето на авторот, со потполни податоци според следниве правила ( а тие се наведени посебно за книги, посебно за статии, но во пописот на литературата не треба да се делат):
а) книги: презиме, име, наслов, издавач, место на издавање, година. Насловот да се истакне со курзив. Пр.: ЗДРАВЕВ, Ѓорѓи: *Текстилното народно творештво и народната носија во Титоввелешко,* Институт за фолклор "Марко Цепенков", Скопје, 1988.
б) статии (или заглавија);
б1) во периодичните изданија: презиме, име, наслов, име на периодиката, волумен (број), место на издавање, година, страници. Името на списанието да се истакне со курзив. Пр.: ДЕЛИНИКОЛОВА, Зорка: Обичаи сврзани со поедини празници и неделни дни во Радовиш, *Гласник на Етнолошкиот музеј во Скопје* 1, Скопје, 1960, стр. 135-178;
б2) во книгите: презиме, име, наслов, уредник, наслов на книгата, издавач, место на издавање, година, страници. Насловот на книгата да се истакне со курзив. Пр.: НИКОЛОВ, Велимир: Народното стопанство во Македонија, во: ур. акад. Крум Томовски и др., *Етнологија на Македонците*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1996, стр. 47-64.
Ако е истакнат автор на статијата и книгата: КИТЕВСКИ, Марко: Русалиите во Македонија, во: *Македонски народни празници и обичаи*, Менора, Скопје, 1996, стр. 40-43.

в) Повеќе дела од ист автор да се наведат според хронолошкиот ред.
8. Да се направи резиме на англиски јазик, до 350 збора.

Сите ракописи да се испраќаат на адреса на Редакцијата:
Адреса:
Захаринка Бачева
Музеј на современата уметност
ул. "Самуилова" бб
1000 Скопје
e-mail: icom_mnc@yahoo.com

Од Редакцијата
(критериумите можат да претрпат измени според потребите на МНК IKOM)

Museologica Macedonica 9-10, 2006
Издавач: Македонски национален комитет на ICOM, Скопје 2006
Главен и одговорен уредник: Бранислава Михајлова. Редакција: Крсте Богоески, Захаринка Алексоска Бачева, Нада Андоновска, Зоја Богдановска. Лектор: Кирил Ангелов. Превод: Нада Андоновска. Графичко обликување: Стефан Георгиевски. Печат: ????.
Тираж: 250

Museologica Macedonica 9-10, 2006
Editor: Macedonian National Committee of ICOM, Skopje 2006.
Editor in chef: Branislava Mihajlova. Editorial board:krste bogoeski, Zaharinka Aleksoska Baceva,Nada Andonovska, Zoja Bogdanovska. Proof-reader: Kiril Angelov.
Translation: Nada Andonovska: Lay-out: Stefan Georgievski. Printed by: ??????????
250 copies